# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 84 | Год. LXI | Понеделник, 3 октомври 2005 | Цена на овој број е 390 денари

www.slvesnik.com.mk | contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1103. | **Указ** за поставување на вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Народна Република Кина | 2 |
| 1104. | **Закон** за пратениците........................ | 2 |
| 1105. | **Закон** за изменување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката........................ | 9 |
| 1106. | **Закон** за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица........... | 9 |
| 1107. | **Закон** за изменување на Законот за задругите................................................ | 28 |
| 1108. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва....... | 29 |
| 1109. | **Закон** за изменување на Законот за стопанските комори............................. | 32 |
| 1110. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите................ | 32 |
| 1111. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита.. | 44 |
| 1112. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување...... | 46 |
| 1113. | **Закон** за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување........ | 51 |
| 1114. | **Одлука** за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија на вежбовни активности во Република Албанија | 51 |
| 1115. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз........ | 52 |
| 1116. | **Одлука** за давање концесија за геолошки истражувања на минералната суровина - минерална вода и гас на „Хоризонти - ФХ“ ДООЕЛ Куманово, на локалитетот „Маличева Чешма“ с. Липково - Куманово............ | 52 |
| 1117. | **Одлука** за престанување право на користење градежно земјиште во сопственост на Република Македонија....... | 52 |
| 1118. | **Одлука** за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија за 2004 година | 53 |
| 1119. | **Одлука** за интрадневен кредит............ | 53 |
| 1120. | **Одлука** за утврдување на инструменти за обезбедување при спроведување на монетарни операции........................ | 53 |
| 1121. | **Одлука** за расположлив кредит преку ноќ | 54 |
| 1122. | **Одлука** за изменување на Одлуката за каматните стапки на Народна банка на Република Македонија................ | 54 |
| 1123. | **Одлука** за издавање, тргување и исплата на благајнички записи на Народна банка на Република Македонија..... | 55 |
| 1124. | **Листа** на хартии од вредност за спроведување на монетарни операции........ | 57 |
| 1125. | **Правила** за порамнување на трансакции со издадени благајнички записи... | 57 |
| 1126. | **Стандард** за намената и форматот на пораките MT199 во системот на вкрстување | 58 |
| 1127. | **Одлука** на Регулаторната комисија за енергетика на РМ................................. | 63 |
| 1128. | **Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со нафта и нафтени деривати.............. | 63 |
| 1129. | **Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност складирање на нафта и нафтени деривати......... | 66 |
| 1130. | **Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата..... | 67 |
| | **Објава** за просечната месечна нето плата по работник за месец септември 2005 година........................................... | 68 |
| | **Декларации, заеднички позиции и демарши на Европската унија кон кои се придружува/прифаќа Република Македонија на покана на ЕУ** | **1-4** |
| | **Огласен дел...........................................** | **1-88** |

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**1103.**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), донесувам

**У К А З**
**ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО НАРОДНА РЕПУБЛИКА КИНА**

I

Г-дин Фатмир Целадини, се поставува за вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Народна Република Кина, со седиште во Пекинг.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

Указ број 21
28 септември 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**1104.**

Врз основа на член 75 ставови 1, 2 и 3 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАТЕНИЦИТЕ**

Се прогласува Законот за пратениците,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 септември 2005 година.

Бр. 07-3513/1
27 септември 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ПРАТЕНИЦИТЕ**

I ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат прашањата на извршувањето на функцијата пратеник, како и правата и должностите на пратениците во Собранието на Република Македонија (во натамошниот текст: Собранието).

Член 2

Граѓаните на Република Македонија ги избираат пратениците во Собранието согласно со Уставот на Република Македонија (во натамошниот текст: Уставот) и закон.

Пратеникот е претставник на граѓаните на Република Македонија и при извршувањето на функцијата пратеник одлучува по свое уверување.

Член 3

Мандатот на пратеникот му престанува во случаите утврдени со Уставот и со закон.

Пратеникот не може да биде отповикан од функцијата пратеник.

Член 4

Функцијата пратеник во Собранието се врши професионално.

Член 5

Пратеникот нема право да врши други јавни функции или професии, кои согласно со закон се неспојливи со функцијата пратеник.

II ЗАПОЧНУВАЊЕ И ПРЕСТАНУВАЊЕ НА МАНДАТОТ НА ПРАТЕНИК

Член 6

Мандатот на пратеникот го верификува Собранието.

Мандатот на пратеникот почнува да тече со денот на верификацијата на мандатот.

Доколку Собранието не го верификува мандатот на пратеникот, се смета дека тој не е избран за пратеник.

Со верификацијата на мандатот, пратеникот стекнува права и должности утврдени со Уставот, со закон и со други прописи и општи акти.

Начинот, постапката за верификацијата, како и причините поради кои Собранието може да не го верификува мандатот на пратеникот, се утврдуваат со Деловникот на Собранието.

Член 7

На пратеникот на кого му е верификуван мандатот му се издава пратеничка легитимација.

Член 8

На пратеникот му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран, ако:

1) поднесе оставка;

2) е осуден на кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години;

3) настапи случај на неспојливост на функцијата;

4) му престане државјанството на Република Македонија;

5) со правосилно решение биде лишен од деловната способност и

6) во случај на смрт.

По поднесената оставка Собранието констатира дека на пратеникот му престанал мандатот од денот на одржувањето на седницата кога е поднесена оставката.

Мандатот на пратеникот му престанува со денот на настанувањето на случаите од став 1 точки 2, 3, 4, 5 и 6 на овој член, што Собранието го констатира на првата наредна седница.

На пратеникот му престанува мандатот кога Собранието му го одзема мандатот согласно со Уставот.

Мандатот на пратеникот му престанува во случаите од ставот 4 на овој член на денот на одржувањето на седницата на Собранието на која е донесена одлуката за одземање на мандатот.

III НЕСПОЈЛИВОСТ НА ФУНКЦИЈАТА ПРАТЕНИК ВО СОБРАНИЕТО СО ВРШЕЊЕ НА ДРУГИ ЈАВНИ ФУНКЦИИ ИЛИ ПРОФЕСИИ

Член 9

Функцијата пратеник е неспојлива со функцијата претседател на Република Македонија, претседател на Владата на Република Македонија, министер, судија на Уставниот суд на Република Македонија, судија, народен правобранител, јавен обвинител и други носители на функции кои ги избира и именува Собранието и Владата на Република Македонија, со член на совет на општина и градоначалник на општина, односно градот Скопје и вработените на стручни и управни работи во органите на државната управа.

Функцијата пратеник е неспојлива и со други функции определени со закон.

Функцијата пратеник е неспојлива со вршењето на дејности со профитна цел.

Со денот на верификацијата на мандатот на пратеникот му престанува дотогашната функција.

Со денот на верификацијата на мандатот на пратеникот кој имал засновано работен однос истиот му мирува.

## IV ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ПРАТЕНИЦИТЕ

Член 10

Пратеникот е должен да присуствува на седниците на Собранието и на работното тело, чиј член е, како и да учествува во работата и одлучувањето на Собранието и на работното тело.

Пратеникот кој е спречен да присуствува на седницата на Собранието, односно на работното тело, е должен за тоа навреме да го извести претседателот на Собранието, односно претседателот на работното тело и да ги наведе причините за отсуството од седницата.

Претседателот на Собранието, односно претседателот на работното тело ги оценува причините за оправданоста на отсуството.

Причините за оправданоста на отсуството на пратеникот се определени со Деловникот на Собранието.

Член 11

Ако пратеникот неоправдано отсуствува од седница на Собранието, односно од седница на работното тело чиј член е, соодветно му се намалува платата и другите лични примања и не се пресметуваат надоместоци на трошоци.

Постапката и мерките од ставот 1 на овој член се определуваат со Деловникот на Собранието.

Член 12

Пратеникот членува најмалку во едно работно тело на Собранието.

Пратеникот не може, без оправдани причини, да одбие членување во работно тело на Собранието.

Член 13

Пратеникот е должен да ги чува податоците од доверлива природа и по престанокот на мандатот на неговата пратеничка функција.

Член 14

Пратеникот има право и должност:

- да предлага донесување на закон, друг пропис или општ акт,
- заедно со најмалку 19 пратеници да предлага распишување на референдум за прашања од надлежност на Собранието,
- да поднесува барање за давање на автентично толкување на закони,
- да учествува во подготвување на текстови на закони и други прописи што ги донесува Собранието на предлог на пратеник,
- да поднесува амандмани на предлози на закони,
- да предлага расправа по прашања од јавен интерес,
- да предлага предлози на заклучоци по прашања што се разгледуваат на седница на Собранието,
- да избира и да биде избиран во работните тела на Собранието,
- заедно со најмалку четири пратеници да постави интерпелација за работата на Владата,
- заедно со најмалку 19 пратеници да предлага основање на анкетни комисии за сите области и за сите прашања од јавен интерес,
- заедно со најмалку 19 пратеници да постави прашање на доверба на Владата,
- заедно со најмалку 19 пратеници да предлага кандидат за претседател и потпретседател на Собранието,
- заедно со најмалку 29 пратеници да предлага кандидат за претседател на Републиката,
- заедно со најмалку 29 пратеници да предлага прогласување на воена состојба,
- заедно со најмалку 29 пратеници да предлага постоење на вонредна состојба на територијата на Република Македонија или на нејзин дел,
- заедно со најмалку 29 пратеници да предлага пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија,
- заедно со најмалку 39 пратеници да предлага стапување, односно истапување од сојуз или заедница со други држави,
- заедно со најмалку 39 пратеници да предлага стапување, односно истапување од членство во меѓународни организации и
- да предлага и други прашања од надлежност на Собранието.

Предлозите од ставот 1 на овој член се поднесуваат на начин и по постапка определени со Деловникот на Собранието.

Член 15

Пратеникот има право да поставува пратеничко прашање на Владата и на секој министер поединечно, како и на други носители на јавни функции кои ги избира и именува Собранието.

Претседателот на Владата, надлежниот министер, односно носителот на друга јавна функција е должен да одговори на пратеничкото прашање по постапка и во рок определен со Деловникот на Собранието.

Член 16

Пратеникот не може да биде повикан на кривична или друга одговорност, или да биде притворен за искажано мислење или гласање на седниците на Собранието или на неговите работни тела.

Член 17

Пратеникот ужива имунитет за времетраењето на мандатот.

Пратеникот не може да биде притворен без дозвола на Собранието, освен ако бил затечен во вршење на кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години.

Постапката во врска со применувањето на имунитетот поблиску се определува со Деловникот на Собранието.

Член 18

Пратеникот е должен во рок од 30 дена од верификацијата на мандатот да пополни Анкетен лист, во кој ќе биде наведен целиот недвижен имот, штедни влогови во земјата и странство, акции или удели во трговските друштва, како и подвижен имот со поголема вредност што го поседува тој, односно членовите на неговата семејна заедница.

Начинот на пополнувањето и доставата на Анкетниот лист, заедно со промените во имотната состојба и изјавата на пратеникот се утврдени со закон.

Член 19

Податоците за имотната состојба на пратениците претставуваат службена тајна, освен ако пратеникот - подносител на изјавата не даде писмена согласност за нивно објавување, или доколку Собранието поинаку не одлучи.

Член 20

Пратеникот има право и должност да ги информира избирачите за извршување на своите и на обврските на Собранието.

Член 21

Пратеникот е должен да прима мислења и предлози од избирачите и истите да ги има предвид во своето работење и одлучување.

## V УСЛОВИ ЗА РАБОТА И ДРУГИ ПРАВА НА ПРАТЕНИЦИТЕ ВО ТЕКОТ НА МАНДАТОТ

### 1. Работно време

Член 22

Работното време на пратеникот, по правило, трае 40 часа неделно.

По исклучок работното време на пратеникот трае подолго од времето утврдено во ставот 1 од овој член, на начин и под услови утврдени со одредбите од Деловникот на Собранието.

Член 23

Пратеникот освен во редовната работа и заседанија на Собранието и неговите работни тела е должен да остварува:

- редовни контакти со граѓаните,
- редовни контакти и консултации со невладини организации,
- контакти, соработка и консултации со Синдикатот и со здруженија на граѓани,
- соработка со меѓународни организации и
- други активности од надлежноста на Собранието, посебно во проучувањето на иницијативите и предлозите за потребата од донесување на закони, други прописи и општи акти.

### 2. Годишен одмор

Член 24

Пратеникот има право на годишен одмор.

Годишниот одмор пратеникот го користи согласно со Деловникот на Собранието.

### 3. Плати и други надоместоци на пратениците

Член 25

Пратеникот има право на плата.

Член 26

Платата на пратеникот се пресметува и исплатува месечно.

Член 27

Пратеникот нема право на плата ако му престане мандатот, доколку со овој закон или друг закон поинаку не е определено.

Член 28

Средствата за плати и другите надоместоци на пратениците се обезбедуваат од средствата на Собранието, предвидени со Буџетот на Република Македонија.

Член 29

Платите на пратениците се определуваат според коефициентите утврдени со одлука што ја донесува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието.

Коефициентите на платите на пратениците изнесуваат од 3,5 до 4,0.

Платата на пратеникот од ставот 1 на овој член се зголемува за 0,5% за секоја започната година работен стаж, а најмногу до 20%.

Член 30

На пратеникот времето поминато во вршењето на функцијата пратеник му се смета во работен стаж.

Платата на пратеникот утврдена со членовите 26 и 29 од овој закон претставува основа за остварување на правата од социјално осигурување.

### 4. Други лични примања и надоместоци на трошоци

Член 31

Пратеникот има право на други лични примања и надоместоци на трошоци за:

- превоз до работа и од работа,
- оброк во работно време (хранарина),
- селење од местото на постојано живеалиште во местото каде што ја врши функцијата пратеник,
- стручно усовршување и образование,
- погребни трошоци во висина на просекот на двете последни плати на починатиот пратеник,
- дневница за службено патување во земјата без трошоци за ноќевање до 8% од просечната плата по работник исплатена во стопанството на Република Македонија во претходните три месеца,
- трошоци за присуство на седници на Собранието и на работното тело на Собранието, во висина на дневницата утврдена за службено патување во земјата,
- трошоци за ноќевање кои се признаваат според приложената сметка, освен во хотелите од Де - лукс категорија,
- дневница за службено патување во странство,
- надоместок за користење на автомобили во лична сопственост за службени цели, во висина од 30% од продажната цена на еден литар гориво, според изминатиот километар за возилото кое се користи,
- надоместок за одвоен живот од семејството, кој изнесува 40% од просечната месечна нето плата исплатена во Република Македонија во претходните три месеца и
- отпремнина при заминување во пензија во износ од три просечни месечни плати, остварени во претходните три месеца.

Условите и начинот за утврдување на износот за остварување на личните примања и надоместоци на трошоци, уредени со овој закон, како и нивната примена ги определува Собранието, односно надлежното работно тело на Собранието.

### 5. Други услови за работа на пратениците

Член 32

На пратеникот во вршењето на пратеничката функција, Службата на Собранието му обезбедува стручни, административни, технички и други услуги.

Член 33

На пратеникот за време на вршењето на пратеничката функција му се овозможува користење на информативни и документациони материјали, како и комуникациони врски во Собранието.

Член 34

Органите на локалната самоуправа им даваат помош на пратениците во извршувањето на нивната функција.

Во изборните единици можат да се обезбедат пратенички канцеларии заради извршувањето на функцијата пратеник.

Органите од ставот 1 на овој член му обезбедуваат на пратеникот работна просторија за вршење на неговата работа со странки и ангажирање во неговата изборна единица.

## VI ПРАВА НА ПРАТЕНИЦИТЕ ПО ПРЕСТАНУВАЊЕТО НА МАНДАТОТ

Член 35

Пратеник кој бил во работен однос до изборот на пратеник има право во рок од 30 дена по престанувањето на мандатот да се врати на работното место или на друга работа која одговара на видот и степенот на неговото стручно образование.

Член 36

Пратеник во Собранието може да остварува плата и по престанувањето на мандатот за време до една година.

Пратеник може да остварува плата според одредбите од ставот 1 на овој член подолго и од една година, а најмногу уште шест месеца, доколку во тоа време стекнува право за старосна пензија.

За време на остварувањето на правото од ставот 1 на овој член, пратеникот нема право на други лични примања и надоместоци на трошоци, освен правото утврдено во членот 31 став 1 алинеи 5 и 12 од овој закон.

Член 37

Правото од членот 36 на овој закон се стекнува врз основа на лично барање кое се поднесува во рок од 30 дена од денот на престанувањето на мандатот.

Надлежното работно тело на Собранието со решение го утврдува правото од членот 36 на овој закон, како и престанувањето на тоа право согласно со одредбите на овој закон.

Член 38

На пратеник му престанува правото од овој член на овој закон, ако:

- ги исполни условите за старосна пензија,
- се вработи или биде избран на друга функција, врз основа на која остварува плата и
- тоа сам го побара.

Член 39

Платата на пратеник остварена според одредбите од членот 37 на овој закон се исплатува од средствата за работа на Собранието, утврдени со Буџетот на Република Македонија.

Член 40

Пратеник на кого му престанал мандатот, може да оствари право на предвремена старосна пензија, ако наполнил 25 години пензиски стаж и 55 години старост (маж), односно 25 години пензиски стаж и 53 години старост (жена).

Доколку во моментот на престанокот на мандатот пратеникот нема навршено 25 години пензиски стаж, правото на предвремена старосна пензија може да го оствари кога ќе наврши најмалку 25 години пензиски стаж и 55 години старост (маж), односно 53 години старост (жена).

Член 41

Предвремената старосна пензија од членот 40 на овој закон се утврдува во висина од 80% од просечната плата исплатена на пратеникот во претходните три месеца.

Право по овој член имаат и пратениците кои претходно стекнале пензија по друга основа, доколку тоа е поповолно за нив.

Член 42

Висината на инвалидската пензија кај пратеникот со загубена работна способност, се определува согласно со членот 41 од овој закон, доколку таа е поповолна во однос на пензијата утврдена според Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 43

Членовите на семејството на покојниот пратеник имаат право на семејна пензија под услови и на начин утврдени со Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Основица за пресметување на пензијата од ставот 1 на овој член претставува пензијата што покојниот пратеник ја користел или би ја користел според членот 41 на овој закон.

Член 44

Пензијата утврдена со овој закон се усогласува според порастот на платите на пратениците во Собранието.

Член 45

Начинот и постапката за остварување на предвремена старосна, инвалидска и семејна пензија се спроведуваат според одредбите од овој закон и Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Пензијата ја пресметува и ја исплатува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во постапка утврдена со Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Средствата потребни за исплата на пензијата остварена според овој закон до денот на исполнувањето на условите утврдени со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, како и средствата за разликата меѓу висината на пензијата определена според овој закон и пензијата определена според Законот за пензиското и инвалидското осигурување по исполнувањето на тие услови, се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

## VII ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 46

Правата утврдени со овој закон им припаѓаат на пратениците во Собранието од денот на верификацијата на мандатот до крајот на месецот во кој им престанал мандатот на пратеник.

Член 47

Правата утврдени во Главата VI на овој закон им припаѓаат на пратениците кои имаат исполнето најмалку половина мандатен период на пратеник во Собранието, сметајќи од денот на верификацијата на мандатот.

Правата од ставот 1 на овој член им припаѓаат на пратениците кои правото на плата, по нивно барање, во месечен износ го остварувале во Собранието почнувајќи од првиот плуралистички состав на Собранието на независна и самостојна Република Македонија, како и на пратениците кои професионално ја извршуваат функцијата пратеник.

Член 48

Лицата кои ги исполнуваат условите за остварување на правото на пензија утврдено во Главата VI на овој закон, правото на пензија ќе започнат да го остваруваат од денот на верификацијата на мандатот на пратениците кои ќе бидат избрани на првите наредни избори за пратеници во Собранието.

Член 49

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат одредбите од Законот за платите и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката ("Службен весник на СРМ" број 36/90 и "Службен весник на Република Македонија" број 38/91, 23/97 и 37/2005), што се однесуваат на пратениците во Собранието.

Другите одредби од Законот од ставот 1 на овој член што се однесуваат за другите избрани и именувани лица во Републиката остануваат во сила.

Член 50

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

# L I G J I
# PËR DEPUTETË

## I. DISPOZITAT THEMELORE

Neni 1

Me këtë ligj rregullohen çështjet për kryerjen e funksionit të deputetit, si dhe të drejtat dhe obligimet e deputetëve në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë (në tekstin e mëtejmë: Kuvendi).

Neni 2

Qytetarët e Republikës së Maqedonisë i zgjedhin deputetët në Kuvend, në pajtim me Kushtetutën e Republikës së Maqedonisë (në tekstin e mëtejmë: Kushtetuta) dhe ligjin.

Deputeti është përfaqësues i qytetarëve të Republikës së Maqedonisë dhe gjatë kryerjes së funksionit të deputetit vendos sipas bindjes së tij.

Neni 3

Mandati i deputetit pushon në rastet e përcaktuara me Kushtetutë dhe ligj.

Deputeti nuk mund të revokohet nga funksioni i deputetit.

Neni 4

Funksioni i deputetit në Kuvend kryhet profesionalisht.

Neni 5

Deputeti nuk ka të drejtë të kryejë funksione të tjera publike ose profesione, të cilat sipas ligjit janë jokoherente me funksionin e deputetit.

## II. FILLIMI DHE PUSHIMI I MANDATIT TË DEPUTETIT

Neni 6

Mandatin e deputetit e verifikon Kuvendi.

Mandati i deputetit fillon me ditën e verifikimit të mandatit.

Nëse Kuvendi nuk e verifikon mandatin e deputetit, konsiderohet se ai nuk është zgjedhur për deputet.

Me verifikimin e mandatit, deputeti fiton të drejtat dhe obligimet të përcaktuara me Kushtetutën, me ligj dhe me dispozita dhe akte të tjera të përgjithshme.

Mënyra, procedura e verifikimit, si dhe shkaqet për të cilat Kuvendi nuk mund ta verifikojë mandatin e deputetit, përcaktohen me Rregulloren e Kuvendit.

Neni 7

Deputetit të cilit i verifikohet mandati i jepet legjitimacioni i deputetit.

Neni 8

Deputetit i pushon mandati para skadimit të kohës për të cilën është zgjedhur, nëse:

1) jep dorëheqje;

2) është dënuar për vepër penale për të cilën është përcaktuar dënim me burg në kohëzgjatje prej së paku pesë vjetësh;

3) paraqitet rasti i jokoherencës me funksionin;

4) i pushon shtetësia e Republikës së Maqedonisë;

5) me aktvendim të plotfuqishëm shpallet i paaftë për punë;

6) në rast e vdekjeje.

Pas dorëheqjes së paraqitur, Kuvendi konstaton se deputetit i ka pushuar mandati nga dita e mbajtjes së seancës kur është paraqitur dorëheqja.

Deputetit i pushon mandati me ditën e paraqitjes së rasteve pikat 2, 3, 4, 5 dhe 6 nga paragrafi 1 i këtij neni, që Kuvendi e konstaton në mbledhjen e parë të ardhme.

Deputetit i pushon mandati nëse Kuvendi ia heq mandatin në pajtim me Kushtetutën.

Deputetit i pushon mandati në rastet nga paragrafi 4 i këtij neni, në ditën e mbajtjes së seancës së Kuvendit në të cilën është marrë vendimi për heqjen e mandatit.

## III. JOKOHERENCA E FUNKSIONIT TË DEPUTETIT NË KUVEND ME KRYERJEN E FUNKSIONEVE OSE PROFESIONEVE TË TJERA PUBLIKE

Neni 9

Funksioni i deputetit është jokoherent me funksionin kryetar i Republikës së Maqedonisë, kryetar i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë, ministër, gjykatës i Gjyqit Kushtetues të Republikës së Maqedonisë, gjykatës, avokat i popullit, prokuror publik dhe bartës të tjerë të funksioneve, të cilët i zgjedh dhe emëron Kuvendi dhe Qeveria e Republikës së Maqedonisë, me anëtarin e kuvendit komunal dhe prefektin e komunës, përkatësisht të Qytetit të Shkupit dhe të punësuarve në punët profesionale dhe administrative në organet e administratës shtetërore.

Funksioni i deputetit është jokoherent edhe me funksione të tjera të përcaktuara me ligj.

Funksioni i deputetit është jokoherent me kryerjen e veprimtarive me qëllim përfitimi.

Me ditën e verifikimit të mandatit, deputetit i pushon funksioni i përparshëm.

Me ditën e verifikimit të mandatit të deputetit i cili ka themeluar marrëdhënie pune, e njëjta i pezullohet.

## IV. TË DREJTAT DHE OBLIGIMET E DEPUTETËVE

Neni 10

Deputeti obligohet që të marrë pjesë në mbledhjet e Kuvendit dhe të trupit punues, anëtar i të cilit është, si dhe të marrë pjesë në punën dhe vendimmarrjen e Kuvendit dhe të trupit punues.

Deputeti që është i penguar të marrë pjesë në seancën e Kuvendit, përkatësisht të trupit punues, është i obliguar që për këtë me kohë ta njoftojë kryetarin e Kuvendit, përkatësisht kryetarin e trupit punues dhe t'i shënojë shkaqet e mungesës në seancë.

Kryetari i Kuvendit, përkatësisht kryetari i trupit punues, i vlerëson shkaqet për arsyen e mungesës.

Shkaqet e arsyes së mungesës se deputetit, janë të përcaktuara me Rregulloren e Kuvendit.

Neni 11

Nëse deputeti pa arsye mungon në seancën e Kuvendit, përkatësisht të trupit punues, anëtar i të cilit është, në mënyrë përkatëse i zvogëlohen rroga dhe të ardhurat e tjera personale dhe nuk llogariten kompensimet e shpenzimeve.

Procedura dhe masat nga paragrafi 1 i këtij neni përcaktohen me Rregulloren e Kuvendit.

Neni 12

Deputeti është anëtar i së paku një trupi punues të Kuvendit.

Deputeti, pa shkaqe të arsyeshme nuk mund të refuzojë të bëhet anëtar në trupin punues të Kuvendit.

Neni 13

Deputeti obligohet që t'i ruajë të dhënat të natyrës së besueshme, edhe pas pushimit të mandatit të funksionit të tij të deputetit.

Neni 14

Deputeti ka të drejta dhe obligime:

- të propozojë nxjerrjen e ligjit, dispozitës tjetër ose aktit të përgjithshëm,
- së bashku me së paku 19 deputetë të propozojë shpalljen e referendumit, për çështje nga kompetenca e Kuvendit;
- të paraqesë kërkesë për dhënien e interpretimit autentik të ligjeve;
- të marrë pjesë në përgatitjen e teksteve të ligjeve e dispozitave të tjera që i nxjerr Kuvendi me propozimin e deputetit,
- të paraqesë amendamente në propozimet e ligjeve,
- të propozojë debat për çështje me interes publik,
- të japë propozime të konkluzioneve për çështje që shqyrtohen në seancën e Kuvendit,
- të zgjedhë dhe të jetë i zgjedhur në trupat punues të Kuvendit,
- së bashku me së paku katër deputetë të paraqesë interpelancë për punën e Qeverisë,
- së bashku me së paku nëntëmbëdhjetë deputetët të propozojë themelimin e komisioneve anketuese nga të gjitha sferat dhe për të gjitha çështje me interes publik,

- së bashku me së paku nëntëmbëdhjetë deputetë të paraqesë çështjen e votëbesimit të Qeverisë,
- së bashku me së paku nëntëmbëdhjetë deputetë të propozojë kandidatin për kryetar dhe nënkryetar të Kuvendit,
- së bashku me së paku njëzet e nëntë deputetë të propozojë kandidatin për kryetar të Republikës,
- së bashku me së paku njëzet e nëntë deputetë të propozojë shpalljen e gjendjes së luftës,
- së bashku me së paku njëzet e nëntë deputetë të propozojë ekzistimin e gjendjes së jashtëzakonshme në territorin e Republikës së Maqedonisë ose në një pjesë të saj,
- së bashku me së paku njëzet e nëntë deputetë të propozojë qasje për ndryshimin e Kushtetutës së Republikës së Maqedonisë,
- së bashku me së paku tridhjetë e nëntë deputetë të propozojë bashkëngjitjen ose largimin nga federata ose bashkësia me shtetet e tjera,
- së bashku me së paku tridhjetë e nëntë deputetë të propozojë hyrjen, përkatësisht daljen nga anëtarësia në organizatat ndërkombëtare dhe
- të propozojë edhe çështje të tjera nga kompetenca e Kuvendit.

Propozimet nga paragrafi 1 i këtij neni paraqiten në mënyrë dhe procedurë të përcaktuara me Rregulloren e Kuvendit.

Neni 15

Deputeti ka të drejtë që t'i parashtrojë pyetje deputetësh Qeverisë dhe secilit ministër veç e veç, si dhe bartësve të tjerë të funksioneve publike, që i zgjedh dhe emëron Kuvendi.

Kryetari i Qeverisë, ministri kompetent, përkatësisht bartësi i funksionit tjetër publik, obligohet që t'i përgjigjet pyetjes së deputetit në procedurë dhe në afatin e paraparë me Rregulloren e Kuvendit.

Neni 16

Deputeti nuk mund të merret në përgjegjësi penale ose tjetër, ose të paraburgoset për mendimin e shprehur ose votimin në seancat e Kuvendit ose të trupave punues të tij.

Neni 17

Deputeti gëzon imunitetin gjatë kohëzgjatjes së mandatit.

Deputeti nuk mund të paraburgoset pa lejen e Kuvendit, përveç nëse është kapur në kryerjen e veprës penale për të cilën është përcaktuar dënim me burg në kohëzgjatje prej së paku pesë vjetësh.

Procedura lidhur me zbatimin e imunitetit më afërsisht përcaktohet me Rregulloren e Kuvendit.

Neni 18

Deputeti obligohet që në afat prej 30 ditësh nga verifikimi i mandatit, të plotësojë Fletën anketuese, në të cilën do të shënohet e tërë prona e patundshme, depozitimet e kursyera në vend dhe jashtë vendit, aksionet ose pjesët në shoqëritë tregtare, si dhe prona e tundshme me vlerë më të madhe që e posedon ai, përkatësisht anëtarët e familjes së tij.

Mënyra e plotësimit dhe dorëzimit të Fletës anketuese, bashkë me ndryshimet në gjendjen pronësore dhe deklarata e deputetit, janë përcaktuar me ligj.

Neni 19

Të dhënat për gjendjen pronësore të deputetëve paraqesin fshehtësi zyrtare, përveç nëse deputeti-paraqitësi i deklaratës, nuk jep pëlqim me shkrim për shpalljen e tyre, ose nëse Kuvendi nuk vendos ndryshe.

Neni 20

Deputeti ka të drejtë dhe obligim që t'i informojë zgjedhësit për kryerjen e obligimeve të tij dhe të Kuvendit.

Neni 21

Deputeti obligohet që të pranojë mendime dhe propozime nga zgjedhësit dhe të njëjtat t'i marrë parasysh në punën e tij dhe vendimmarrjen.

## V. KUSHTET E PUNËS DHE TË DREJTAT E TJERA TË DEPUTETËVE GJATË MANDATIT

### 1. Orari i punës

Neni 22

Orari i punës së deputetit sipas rregullës zgjat 40 orë në javë. Me përjashtim orari i punës së deputetit zgjat më shumë se orari i përcaktuar në paragrafin 1 të këtij neni, në mënyrë dhe kushte të përcaktuara me dispozitat e Rregullores së Kuvendit.

Neni 23

Deputeti përveç punës së rregullt dhe seancave të Kuvendit dhe trupave punues të tij, obligohet që të realizojë:
- kontakte të rregullta me qytetarët,
- kontakte të rregullta dhe konsultime me organizata joqeveritare,
- kontakte, bashkëpunim dhe konsultime me Sindikatën dhe me shoqatat e qytetarëve,
- bashkëpunim me organizatat ndërkombëtare dhe
- aktivitete të tjera nga kompetenca e Kuvendit, veçanërisht në studimin e iniciativave dhe propozimeve për nevojën e miratimit të ligjeve, dispozitave të tjera dhe akteve të përgjithshme.

### 2. Pushimi vjetor

Neni 24

Deputeti ka të drejtë në pushimin vjetor.

Pushimin vjetor deputeti e shfrytëzon sipas Rregullores së Kuvendit.

### 3. Rrogat dhe kompensimet e tjera të deputetëve

Neni 25

Deputeti ka të drejtë në rrogë.

Neni 26

Rroga e deputetit llogaritet dhe paguhet në muaj.

Neni 27

Deputeti nuk ka të drejtë në rrogë nëse i pushon mandati, nëse me këtë ligj dhe ligj tjetër nuk është përcaktuar ndryshe.

Neni 28

Mjetet për rroga dhe kompensimet e tjera të deputetëve, sigurohen nga mjetet e Kuvendit, të parapara me Buxhetin e Republikës së Maqedonisë.

Neni 29

Rrogat e deputetëve caktohen sipas koeficienteve të përcaktuara me Vendimin që e merr Komisioni për çështjet e zgjedhjeve dhe emërimeve të Kuvendit.

Koeficientet e rrogave të deputetëve janë prej 3,5 deri në 4,0.

Rroga e deputetit nga paragrafi 1 i këtij neni rritet për 0,5% për çdo vit të filluar të stazhit të punës, e më së shumti deri 20%.

Neni 30

Deputetit, koha e kaluar në kryerjen e funksionit i llogaritet në stazhin e punës.

Rroga e deputetit e përcaktuar në nenet 26 dhe 29 të këtij ligji, paraqet bazë për realizimin e të drejtave për sigurim social.

**4. Të ardhurat e tjera personale dhe kompensimet e shpenzimeve**

Neni 31

Deputeti ka të drejtë në të ardhurat e tjera personale dhe kompensimet e shpenzimeve për:

- transport deri në punë dhe prej punës,
- shujtë në orarin e punës (kompensim për ushqim)
- shpërngulje nga vendbanimi i përhershëm në vendin ku e kryen funksionin e deputetit,
- përsosje profesionale dhe arsimim,
- shpenzimet e varrimit në lartësi të mesatares së dy rrogave të fundit të deputetit të ndjerë,
- mëditje për udhëtim zyrtar në vend pa shpenzime për bujtje deri 8% nga rroga mesatare për punëtor, të paguar në ekonomi të Republikës së Maqedonisë në tre muajt paraprakë,
- shpenzime për pjesëmarrje në seancat e Kuvendit dhe të trupit punues të Kuvendit, në lartësi të mëditjes së përcaktuar për udhëtim zyrtar në vend,
- shpenzime për bujtje të cilat pranohen sipas llogarisë së paraqitur, përveç në hotelet e kategorisë De-luks,
- mëditje për udhëtim zyrtar jashtë vendit,
- kompensim për shfrytëzimin e automobilit në pronësi personale për qëllime zyrtare, në lartësi prej 30% nga çmimi shitës për një litër karburant, sipas kilometrit të kaluar për automjetin që shfrytëzohet,
- kompensim për jetën e ndarë nga familja, që është 40% nga rroga neto mesatare mujore e paguar në Republikën e Maqedonisë në tre muajt paraprakë dhe
- shpenzime përcjellëse gjatë shkuarjes në pension, në shumë prej tri rrogave mesatare mujore, të realizuara në tre muajt paraprakë.

Kushtet dhe mënyrën e përcaktimit të shumës për realizimin e të ardhurave personale dhe kompensimet e shpenzimeve, të përcaktuara me këtë ligj, si dhe zbatimin e tyre i përcakton Kuvendi, përkatësisht trupi punues kompetent i Kuvendit.

**5. Kushtet tjera për punën e deputetëve**

Neni 32

Deputetit në kryerjen e funksionit të deputetit, Shërbimi i Kuvendit i siguron shërbime profesionale, administrative, teknike dhe të tjera.

Neni 33

Deputetit gjatë kohës së kryerjes së funksionit të deputetit, i mundësohet shfrytëzimi i materialeve informative e dokumentuese si dhe lidhjet komunikuese në Kuvend.

Neni 34

Organet e vetadministrimit lokal u japin ndihmë deputetëve në kryerjen e funksionit të tyre.

Në njësitë zgjedhore mund të sigurohen zyrat e deputetëve për kryerjen e funksionit të deputetit.

Organet nga paragrafi 1 i këtij neni i sigurojnë deputetit lokal pune për kryerjen e punës së tij me palët dhe angazhimin në njësinë zgjedhore të tij.

VI. TË DREJTAT E DEPUTETËVE PAS PUSHIMIT TË MANDATIT

Neni 35

Deputeti që ka qenë në marrëdhënie të punës deri në zgjedhjen për deputet, ka të drejtë në afat prej 30 ditësh pas pushimit të mandatit, të kthehet në vendin e punës ose në punë tjetër që i përgjigjet llojit dhe shkallës së arsimimit të tij profesional.

Neni 36

Deputeti në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë mund të realizojë rrogë edhe pas pushimit të mandatit, në kohëzgjatje prej në viti.

Deputeti mund të realizojë rrogë sipas dispozitave nga paragrafi 1 i këtij neni edhe më gjatë se një vit, e më së shumti edhe për gjashtë muaj, nëse për atë kohë fiton të drejtën e pensionit sipas pleqërisë.

Për kohën e realizimit të së drejtës nga paragrafi 1 i këtij neni, deputeti nuk ka të drejtë për të ardhura të tjera personale dhe kompensime të shpenzimeve, përveç të drejtës së përcaktuar në nenin 31 paragrafi 1 alinetë 5 dhe 12 të këtij ligji.

Neni 37

E drejta nga neni 36 i këtij ligji, fitohet në bazë të kërkesës personale, e cila paraqitet në afat prej 30 ditësh nga dita e pushimit të mandatit.

Trupi punues kompetent i Kuvendit, me aktvendim e përcakton të drejtën nga neni 36 i këtij ligji, si dhe pushimin e asaj të drejte sipas dispozitave të këtij ligji.

Neni 38

Deputetit i pushon e drejta nga ky nen i këtij ligji, nëse:

- i plotëson kushtet për pension sipas pleqërisë;
- nëse punësohet ose zgjidhet në funksion tjetër, në bazë të të cilit realizon rrogë dhe
- nëse këtë e kërkon vetë.

Neni 39

Rroga e deputetit e realizuar sipas dispozitave nga neni 37 i këtij ligji, paguhet nga mjetet për punën e Kuvendit, të përcaktuara me Buxhetin e Republikës së Maqedonisë.

Neni 40

Deputeti të cilit i ka pushuar mandati, mund të realizojë të drejtën e pensionit të parakohshëm sipas pleqërisë, nëse ka mbushur 25 vjet stazh të pensionit dhe 55 vjet moshë (për burra), përkatësisht 53 vjet moshë (për gra).

Nëse deri në momentin e pushimit të mandatit deputeti nuk ka mbushur 25 vjet stazh të pensionit, mund të realizojë të drejtën e pensionit të parakohshëm sipas pleqërisë kur të plotësojë së paku 25 vjet stazh të pensionit dhe 55 vjet moshë (për burra), përkatësisht 53 vjet moshë (për gra).

Neni 41

Pensioni i parakohshëm sipas pleqërisë nga neni 40 i këtij ligji, përcaktohet në lartësi prej 80% nga rroga mesatare neto e deputetit, e paguar në tre muajt paraprakë të fundit.

Të drejtë sipas këtij neni kanë edhe deputetët të cilët paraprakisht kanë fituar pension në ndonjë bazë tjetër, nëse kjo është më e volitshme për ta.

Neni 42

Lartësia e pensionit të invaliditetit të deputetit me aftësinë e humbur të punës, përcaktohet sipas nenit 41 të këtij ligji, nëse ajo është më e volitshme në raport me pensionin e përcaktuar sipas Ligjit për sigurim pensional dhe invalidor.

Neni 43

Anëtarët e familjes së deputetit të ndjerë kanë të drejtë për pension familjar me kushtet dhe mënyrën e përcaktuar me Ligjin për sigurim pensional-invalidor.

Bazë për llogaritjen e pensionit nga paragrafi 1 i këtij neni paraqet pensioni të cilin deputeti i vdekur e ka shfrytëzuar ose do ta shfrytëzonte sipas nenit 41 të këtij ligji.

Neni 44

Pensioni i përcaktuar me këtë ligj, harmonizohet sipas rritjes së rrogave të deputetëve në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë.

Neni 45

Mënyra dhe procedura për realizimin e pensionit të parakohshëm sipas pleqërisë, pensionit invalidor dhe familjar, realizohen sipas dispozitave të këtij ligji dhe Ligjit për sigurim pensional dhe invalidor.

Pensionin e llogarit dhe e paguan Fondi për sigurim pensional dhe invalidor i Republikës së Maqedonisë në procedurën e përcaktuar me Ligjin për sigurimin pensional dhe invalidor.

Mjetet e nevojshme për pagimin e pensionit të realizuar sipas këtij ligji deri në ditën e plotësimit të kushteve të përcaktuara me Ligjin për sigurim pensional dhe invalidor, si dhe mjetet për dallimin ndërmjet lartësisë së pensionit të përcaktuar sipas këtij ligji dhe pensionit të përcaktuar sipas Ligjit për sigurim pensional dhe invalidor pas plotësimit të këtyre kushteve, sigurohen nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë.

VII. DISPOZITAT KALIMTARE DHE PËRFUNDIMTARE

Neni 46

Të drejtat e përcaktuara me këtë ligj, u takojnë deputetëve në Kuvend nga dita e verifikimit të mandatit, deri në fund të muajit kur i ka kaluar mandati i deputetit.

Neni 47

Të drejtat e përcaktuara në Kapitullin VI të këtij ligji, u takojnë deputetëve që kanë plotësuar së paku gjysmën e periudhës së mandatit të deputetit në Kuvend, duke llogaritur nga dita e verifikimit të mandatit.

Të drejtat nga paragrafi 1 i këtij neni u takojnë deputetëve, të cilët të drejtën e rrogës, me kërkesën e tyre, në shumë mujore e kanë realizuar në Kuvend, duke filluar nga përbërja e parë pluraliste e Kuvendit të Republikës së Maqedonisë të pavarur dhe të mëvetësishme, si deputetëve të cilët e kanë kryer profesionalisht funksionin deputet.

Neni 48

Personat të cilët i plotësojnë kushtet për realizimin e të drejtës për pension të përcaktuar në Kapitullin VI të këtij ligji, të drejtën e pensionit do të fillojnë ta realizojnë prej ditës së verifikimit të mandatit të deputetëve, të cilët do të zgjidhen në zgjedhjet e para të ardhshme për deputetë në Kuvend.

Neni 49

Me ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, pushojnë të vlejnë dispozitat e Ligjit për rrogat dhe kompensimet e tjera të deputetëve në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë dhe personave të tjerë të zgjedhur dhe të emëruar në Republikë (“Gazeta zyrtare e RSM-së” numër 36/90 dhe “Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 38/91, 23/97 dhe 37/2005), që kanë të bëjnë me deputetët në Kuvend.

Dispozitat tjera të Ligjit nga paragrafi 1 i këtij neni që kanë të bëjnë me personat e tjerë të zgjedhur dhe të emëruar në Republikë mbeten në fuqi.

Neni 50

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

---

**1105.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТА И ДРУГИТЕ НАДОМЕСТОЦИ НА ПРАТЕНИЦИТЕ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ДРУГИТЕ ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКАТА**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 септември 2005 година.

Бр. 07-3512/1
27 септември 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТА И ДРУГИТЕ НАДОМЕСТОЦИ НА ПРАТЕНИЦИТЕ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ДРУГИТЕ ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКАТА**

Член 1

Во Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на СРМ“ број 36/90 и „Службен весник на Република Македонија“ број 38/91, 23/97 и 37/2005), членот 7 се брише.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I G J I**
**PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR PAGAT DHE KOMPENSIMET E TJERA TË DEPUTETËVE NË KUVENDIN E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË DHE PERSONAVE TË TJERË TË ZGJEDHUR DHE TË EMËRUAR NË REPUBLIKË**

Neni 1

Në Ligjin për pagat dhe kompensimet e tjera të deputetëve në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë dhe personave tjerë të zgjedhur dhe të emëruar në Republikë (“Gazeta zyrtare e RSM-së” numër 36/90 dhe “Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 38/91, 23/97 dhe 37/2005) neni 7 shlyhet.

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi nga dita e botimit në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

---

**1106.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕДНОШАЛТЕРСКИОТ СИСТЕМ И ЗА ВОДЕЊЕ НА ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР И РЕГИСТАР НА ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА**

Се прогласува Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 септември 2005 година.

Бр. 07-3473/1
23 септември 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ЕДНОШАЛТЕРСКИОТ СИСТЕМ И ЗА ВОДЕЊЕ НА ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР И РЕГИСТАР НА ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА**

I ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Содржина на законот**

Член 1

(1) Со овој закон се уредува/уредуваат едношалтерскиот систем, водењето на трговскиот регистар и на регистарот на други правни лица од страна на Централ-

ниот регистар на Република Македонија (во натамошниот текст: Централен регистар) во писмена и електронска форма и други прашања од значење за уредно водење на регистрите и остварувањето на едношалтерскиот систем, како и преземањето на водењето на трговскиот регистар, судскиот регистар, регистарот на водните заедници, регистар на водостопанства, регистар на здруженија на граѓани и фондации и регистар на комори од надлежните судови од страна на Централниот регистар.

(2) Ако со закон со кој е определено водењето на регистар не е определена постапката за водењето на тој регистар, уписот ќе се врши според правилата за постапката утврдена во овој закон.

**Значење на поимите употребени во овој закон**

Член 2

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Едношалтерски систем," е систем којшто овозможува прием, обработка, дистрибуција и обединет пристап кон податоците определени со закон, запишани во трговскиот регистар, во регистарот на други правни лица и другите основни регистри воспоставени со закон од значење за субјектите на упис;

2. „Електронски деловодник" е деловодник на сите пријави примени од страна на регистрационите канцеларии на Централниот регистар којшто се води во електронска форма;

3. „Единствен електронски образец" е електронски систем за внес и обработка на податоци, определен и изготвен од страна на Централниот регистар;

4. „Збирка на прилози" е дел од регистар во којашто се приложуваат исправи и докази на секој запишан субјект;

5. „Изјава - заверена кај нотар" е изјава чијшто потпис е заверен кај нотар;

6. „Единствен матичен број на субјектот на уписот во регистарот" (ЕМБС) е единствен, непроменлив и неповторлив идентификационен број на субјектот на уписот кој се определува електронски;

7. „Заклучок" е одлука со кој се одлучува за прашања што се однесуваат на постапката, како и за оние прашања што како споредни ќе се појават во врска со спроведувањето на постапката, а за кои не се донесува решение;

8. Национална класификација на дејностите (НКД) е национален стандард усогласен со европската класификација на дејности (НАЦЕ) и се употребува за идентификување, групирање и дефинирање на дејностите според кои се врши распределувањето на деловните субјекти;

9. "Модул 11" е аритметичка формула за доделување на неповторливи броеви;

10. „Основни регистри" се регистри и именици кои се воспоставени со закон и коишто се водат во и надвор од Централниот регистар;

11. „Овластено лице за регистрација" е лицето вработено во Централниот регистар кое согласно со овој закон е овластено да врши регистрација на субјектите на уписот;

12. "Предбележба на податоци" е упис којшто го врши Централниот регистар во регистарот без носење на решение;

13. "Пријава за упис" е пропишан образец, поднесен од овластен подносител, во којашто е содржано барањето за упис во регистар;

14. „Претежна дејност" е дејноста преку која субјектот на уписот создава најголем дел од вкупниот приход;

15. „Посебни регистри" се регистри кои се водат согласно со закон и друг пропис во кои се евидентираат правно релевантни податоци за трговските друштва и други правни лица (лиценци, дозволи, концесии, категоризации и слично);

16. „Регистар/и" според овој закон се трговскиот регистар и регистарот на другите правни лица;

17. „Решение за упис" е акт кој е изработен во форма на образец соодветен за видот на уписот;

(2) Prej 01.01.2006 Regjistri qendror merr nga gjykatat kompetente udhëheqjen e regjistrit tregtar, së bashku me kalimin e të dhënave të regjistruara, të cilat udhëhiqen në regjistrat tregtarë të Gjykatës Themelore I në Shkup, Gjykatës Themelore në Manastir dhe Gjykatës Themelore në Shtip.

(3) Gjykata Themelore Shkup I në Shkup, Gjykata Themelore në Manastir dhe Gjykata Themelore në Shtip, janë të detyruar që më së voni deri më 31.10.2005, sipas dinamikës të cilën do ta përcaktojnë me Regjistrin qendror, ta paraqesin dokumentacionin e tyre për subjektet në regjistrim , të cilat janë regjistruar në regjistrat tregtarë përfundimisht me 31.12.2004, edhe atë: bazën elektronike të të dhënave, librin kryesor, dosjet regjistruese, përmbledhjet e dokumenteve, protokollet dhe tërë dokumentacionin tjetër, i cili është vendosur për udhëheqjen e regjistrave. Nëse një pjesë e dokumentacionit fizikisht nuk mund të ndahet nga dokumentacioni gjyqësor i Regjistrit qendror, i jepet kopje nga ajo pjesë e dokumentacionit gjyqësor. Dokumentacioni i marrë mbetet në ruajtje të përhershme te Regjistri qendror.

(4) Kalimi i të dhënave nga paragrafi (2) të këtij neni për regjistrimet e bëra në regjistrat tregtarë prej 01.01.2005 përfundimisht me 31.12.2005, do të bëhet në kontinuitet sipas dinamikës që do ta përcaktojnë gjykatat kompetente nga paragrafi (2) të këtij neni dhe Regjistri qendror më së voni deri më 31.12.2005.

(5) Pas kalimeve të të dhënave nga regjistrat tregtarë nga paragrafi (2) dhe (3) të këtij neni nga forma e shkruar në formën elektronike, Regjistri qendror dërgon aktvendim nga regjistri unik tregtar deri te subjekti i regjistrimit, i cili është i obliguar që në afat prej 15 ditësh nga dita e pranimit, ta vërtetojë identitetin e të dhënave të regjistruara në regjistrat nga paragrafi (2) dhe paragrafi (3) të këtij neni me aktvendimin në regjistrin unik tregtar. Vërtetimi bëhet nga përfaqësuesi sipas ligjit me deklaratë në formular të përcaktuar nga Regjistri qendror.

(6) Subjekti i regjistrimit ka të drejtë për ankesë ndaj vendimit, në lidhje me identitetin e të dhënave të regjistruara në regjistrat, në afat prej 8 ditësh pas pranimit të aktvendimit nga paragrafi (4) të këtij neni.

(7) Subjektet në regjistrim, të cilat nuk do ta plotësojnë obligimin nga paragrafi (5) të këtij neni, Regjistri qendror i evidenton si subjekt joaktiv në regjistrim.

**Marrja e regjistrave gjyqësorë**

Neni 68

(1) Regjistri i personave tjerë juridikë do të vendoset deri më 30.09.2006.

(2) Prej 30.09.2006, Regjistri qendror e merr nga gjyqet kompetente udhëheqjen e regjistrave gjyqësorë në regjistrin e personave tjerë juridikë, së bashku me kalimin e të dhënave të regjistruara, të cilat udhëhiqen në regjistrat gjyqësorë, përveç regjistrit unik gjyqësor të partive politike.

(3) Pas kalimit të së dhënave nga regjistrat gjyqësorë nga forma e shkruar në formë elektronike, Regjistri qendror dërgon aktvendim nga regjistri i personave tjerë juridikë te subjektit i regjistrimit, i cili është i detyruar që në afat prej 15 ditësh nga dita e pranimit, ta vërtetojë identitetin e të dhënave të regjistruara në regjistrat me aktvendim nga regjistri i personave tjerë juridikë. Vërtetimi bëhet nga përfaqësuesi sipas ligjit, përkatësisht nga personi tjetër i autorizuar me ligj me deklaratë në formular të përcaktuar nga Regjistri qendror.

(4) Dispozita nga paragrafi (3) të këtij neni nuk zbatohet ndaj institucioneve.

(5) Gjykatat kompetente janë të detyruara që më së voni deri më 30.06.2006, sipas dinamikës të cilën do ta përcaktojnë me Regjistrin qendror, ta dërgojnë dokumentacionin e tyre për subjektet në regjistrim, të cilët janë regjistruar në regjistrat gjyqësorë, edhe atë: bazën elektronike të të dhënave, librin kryesor, dosjet regjistruese, përmbledhjen e dokumenteve, protokollet dhe tërë dokumentacionin tjetër që është vendosur për udhëheqjen e regjistrave. Nëse një pjesë e dokumentacionit fizikisht nuk mund të ndahet nga dokumentacioni gjyqësor të Regjistrit qendror, i jepet kopje kjo ajo pjesë e dokumentacionit gjyqësor.

(6) Nga regjistri gjyqësor nuk bëhet kalimi i të dhënave të regjistruara për subjektet, të cilat nuk janë harmonizuar sipas Ligjit për shoqëritë tregtare prej vitit 1996 dhe 2004. Të dhënat për subjektet në regjistrim merren në formë të shkruar siç udhëhiqen në gjyqe nga paragrafi (2) të këtij neni dhe nuk merren në regjistrin e personave tjerë juridikë në formë të shkruar dhe elektronike.

(7) Subjektet mbi të cilët në pajtim me nenin 614 paragrafi (4) nga Ligjit për shoqëritë tregtare është ngritur procedura e likuidimit, përkatësisht procedura e falimentimit, ndërsa janë regjistruar në regjistrat gjyqësorë që i udhëheqin gjykatat themelore nga paragrafi (2) të këtij neni, evidentohen në regjistrin e personave tjerë juridikë.

Neni 69

(1) Subjektet në regjistrim, të cilët udhëhiqen në regjistrat tregtarë të Gjykatave Themelore Shkup I ne Shkup, Manastir dhe Shtip, në formë elektronike dhe të shkruar, që nuk kanë marrë numrin e subjektit afarist (NST) nga Enti shtetëror i statistikës, do të mund të regjistrohen në regjistrin unik tregtar nëse në pajtim me këtë ligj marrin NUAS.

(2) Nëse subjektet nga paragrafi (1) deri më 31.12.2005 nuk marrin NUAS në pajtim me këtë ligj, konsiderohet se nuk e kanë përfunduar procedurën për regjistrim në pajtim me këtë ligj, dhe subjektit të regjistruar i jepet statusi “Joaktiv”.

(3) Dispozitat nga paragrafi (1) dhe paragrafi (2) të këtij neni, zbatohen edhe ndaj subjekteve të regjistruara në regjistrat gjyqësorë. Afati nga paragrafi (2) të këtij neni rrjedh nga dita e marrjes së regjistrave gjyqësorë të përcaktuara me këtë ligj.

**Vendosja sipas procedurave te filluara**

Neni 70

(1) Procedurat e filluara për regjistrim në Regjistrin tregtar deri më 31 dhjetor 2005, do të përfundojnë në bazë të dispozitave sipas të cilave kanë filluar.

(2) Procedurat e filluara për regjistrim deri më 29 shtator 2006, të cilat regjistrohen në regjistrin e personave tjerë juridikë, do të përfundojnë në bazë të dispozitave sipas të cilave kanë filluar.

(3) Gjyqi pas përfundimit të procedurës për regjistrim pa shtyrje do t'ia dërgojë aktvendimin me dokumentacionin e plotë Regjistrit qendror.

**Zëvendësimi i numrit ose identifikuesit tjetër me NUAS**

Neni 71

(1) Dispozitat me të cilat për së afërmi rregullohen mënyra, forma dhe përmbajtja e instrumenteve të zbatuara për zbatimin e dispozitave nga ky ligj, me të cilat rregullohet NUAS, organet dhe organizatat kompetente do t'i harmonizojnë me dispozitat e këtij ligji më së voni deri më 31.12.2005.

(2) Organet shtetërore kompetente, organizatat dhe institucionet tjera kanë obligim që në bazat e tyre të të dhënave, ose të llojit tjetër të evidencës ta fusin dhe në komunikimin e ndërsjellë ta shfrytëzojnë numrin unik amë të subjektit në regjistrim (NUAS) si identifikues të vetëm më së voni deri më 30.06.2006.

**Obligimi për kalimin e të dhënave**

Neni 72

(1) Kalimi i të dhënave që janë regjistruar në regjistrat themelorë, ose evidencat tjera, të cilat udhëhiqen në pajtim me ligjin për zejtarët, avokatët, noterët, bujqit individualë dhe organizatat e sindikatës, bëhet nga forma e shkruar në formën elektronike më së voni deri më 30.06.2006.

(2) Kalimi i të dhënave nga paragrafi (1) të këtij neni do të bëhet sipas planit për kalimin e të dhënave të cilin Regjistri qendror do ta miratojë në afat prej 60 (gjashtëdhjetë) ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 73

1) Rregulloren për formularë të paraparë me këtë ligj, Ministri i Ekonomisë do ta miratojë në afat prej 90 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

2) Emërimi i regjistruesit do të bëhet në afat prej 90 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

(3) Emërimi i anëtarëve të Komisionit për ankesa do të bëhet në afat prej 90 i ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 74

(1) Deri në ditën kur Regjistri qendror do të fillojë ta zbatojë nënshkrimin elektronik në pajtim me Ligjin për të dhënat në formë elektronike dhe nënshkrim elektronik, parashtruesi i cili fletëparaqitjen e ka dërguar në formë elektronike, është i detyruar që në afat prej 5 (pesë) ditësh nga dita e dërgimit të fletëparaqitjes për regjistrim në formë elektronike, ta dërgojë fletëparaqitjen në formë të shkruar.

(2) Nëse fletëparaqitja për regjistrim nuk dërgohet në mënyrë dhe në afat nga paragrafi (1) të këtij neni, konsiderohet se fletëparaqitja për regjistrim nuk është dërguar, gjë që regjistruesi e konstaton me konkluzion, përveç nëse me ligj tjetër nuk është përcaktuar ndryshe.

Neni 75

(1) Prej 01.01.2006 pushon të vlejë Ligji për klasifikimin nacional të veprimtarive "Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 7/98.

(2) Regjistri qendror punët nga neni 4 të këtij ligji do t'i bëjë nëpërmjet sistemit njësportel duke filluar prej 01.01.2006

**Hyrja në fuqi e këtij ligji**

Neni 76

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

**1107.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДРУГИТЕ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за задругите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 септември 2005 година.

Бр. 07-3474/1
23 септември 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДРУГИТЕ**

Член 1

Во Законот за задругите („Службен весник на Република Македонија" број 54/2002), во членот 5 став 4 зборовите: „судскиот регистар" се заменуваат со зборовите: „регистарот на други правни лица кој го води Централниот регистар на Република Македонија".

Член 2

Насловот пред членот 7 се менува и гласи:

„Упис во Регистарот на други правни лица".

Во членот 7 зборовите: „судскиот регистар" се заменуваат со зборовите: „регистарот на други правни лица кој го води Централниот регистар на Република Македонија".

Во ставот 2 зборовите: "упис и" се бришат.

Ставот 6 се брише.

Член 3

Во членот 8 став 1 зборовите: „судскиот регистар" се заменуваат со зборовите: „регистарот на други правни лица кој го води Централниот регистар на Република Македонија". Зборовите: "во "Службен весник на Република Македонија"", односно зборовите: "Во "Службениот весник на Република Македонија"" се заменуваат со зборовите: "на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија", односно со зборовите: "На веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија".

Во ставот 2 зборовите: „судскиот регистар" се заменуваат со зборовите: „регистарот на други правни лица кој го води Централниот регистар на Република Македонија", а зборовите: "во "Службениот весник на Република Македонија"", се заменуваат со зборовите: "на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија".

Член 4

Во членовите 9 ставови 2 и 3, 11 и 12 став 1 зборовите: „судскиот регистар" се заменуваат со зборовите: „регистарот на други правни лица кој го води Централниот регистар на Република Македонија".

Член 5

Во насловот пред членовите 54 и 62 и во членовите 54 и 62 зборовите: „судскиот регистар" се заменуваат со зборовите: „регистарот на други правни лица".

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 30 септември 2006 година.

## L I G J I
## PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR KOOPERATIVAT

Neni 1

Në Ligjin për kooperativat ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 54/2002), në nenin 5, paragrafin 4 fjalët: "regjistrin gjyqësor", zëvendësohen me fjalët: "regjistrin e personave të tjerë juridikë të cilin e mban Regjistri qendror i Republikës së Maqedonisë".

Neni 2

Titulli para nenit 7 ndryshohet si vijon:

"Regjistrimi në Regjistrin e personave të tjerë juridikë".

Në nenin 7, fjalët: "regjistrin gjyqësor" zëvendësohen me fjalët: "regjistrin e personave të tjerë juridikë të cilin e mban Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë".

Në paragrafin 2 fjalët: "regjistrim dhe" shlyhen.

Paragrafi 6 shlyhet.

Neni 3

Në nenin 8 paragrafi 1 fjalët: "regjistrin gjyqësor" zëvendësohen me fjalët: "regjistrin e personave të tjerë juridikë të cilin e mban Regjistri qendror i Republikës së Maqedonisë". Fjalët: "në "Gazetë zyrtare të Republikës së Maqedonisë"", përkatësisht fjalët: "Në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë"" zëvendësohen me fjalët: "në veb faqe të Regjistrit Qendror të Republikës së Maqedonisë", përkatësisht me fjalët: "Në veb faqen e Regjistrit Qendror të Republikës së Maqedonisë".

Në paragrafin 2 fjalët: "regjistri gjyqësor" zëvendësohen me fjalët: "regjistrin e personave të tjerë juridikë të cilin e mban Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë", ndërsa fjalët: "në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë"", zëvendësohen me fjalët: "në veb faqen e Regjistrit Qendror të Republikës së Maqedonisë".

Neni 4

Në nenet 9 paragrafët 2 dhe 3, 11 dhe 12 paragrafi 1 fjalët: "regjistrin gjyqësor" zëvendësohen me fjalët: "regjistrin e personave të tjerë juridikë të cilin e mban Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë".

Neni 5

Në titullin para neneve 54 dhe 62 dhe në nenet 54 dhe 62 fjalët: "regjistrin gjyqësor" zëvendësohen me fjalët: "regjistrin e personave të tjerë juridikë".

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të zbatohet prej datës 30 shtator 2006.

---

**1108.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 септември 2005 година.

Бр. 07-3472/1
23 септември 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

Член 1

Во Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" број 28/2004) во членот 1 зборот „постапката" и зборовите: "начинот на воспоставувањето на единствениот трговски регистар во материјална и електронска форма и на едношалтерскиот систем" се бришат.

Член 2

Во членот 3 став (1) точката 14 се брише.

Член 3

Во членот 10 став (1) точка 3 зборовите: „матичен број на субјектот" се заменуваат со зборовите: „единствен матичен број на субјектот", а кратенката „МБС" се заменува со кратенката „ЕМБС".

Член 4

Во членот 14 став (1) зборовите: „судот според местото во кое што ја врши дејноста" се заменуваат со зборовите: „Централниот регистар на Република Македонија".

Член 5

Во членот 22 став (4), членот 91 став (2), членот 297 став (2) и членот 602 точка 10 зборот „судот" се заменува со зборовите: „Централниот регистар на Република Македонија".

Член 6

Во членот 26 став (3) зборовите: „шифрата и називот на одделот и групата на дејностите" се заменуваат со зборовите: „претежната дејност".

Член 7

Во членот 33 став (1) точката 4 се брише.

Во ставот (3) зборовите: „судот што го води трговскиот регистар" се заменуваат со зборовите: „Централниот регистар на Република Македонија".

Во ставот (4) зборот „одбиено" се брише.

Член 8

Во членот 62 ставот (2) се брише.

Ставот (3) кој станува став (2) се менува и гласи:

„Ако за одделни дејности со закон е пропишано дека можат да се вршат само врз основа на согласност, дозвола или на друг акт на државен орган или на друг надлежен орган, тие дејности можат да се вршат само врз основа на согласноста, дозволата или друг акт на тој орган."

Ставот (4) станува став (3).

Член 9

Во членот 83 ставот (2) се брише.

Член 10

Во членот 84 ставот (1) се менува и гласи:

„Уписите во трговскиот регистар се вршат во писмена форма или во електронска форма и трговскиот регистар се води во писмена форма и во електронска форма."

Ставот (2) се брише.

Ставот (3) станува став (2).

Член 11

Насловот на членот 86 се менува и гласи:

„Стварна надлежност".

Во членот 86 став (1) зборовите: „водат судовите определени со Законот за судовите" се заменуваат со зборовите: „води Централниот регистар на Република Македонија".

Ставот (2) се брише.

Член 12

Членот 87 се менува и гласи:

„Постапката за упис во трговскиот регистар се води според посебна управна постапка утврдена со прописите за едношалтерски систем."

Член 13

Членот 89 се брише.

Член 14

Во членот 93 ставот (5) се брише.

Член 15

Насловот на членот 94 се менува и гласи:

„Испитување на пријавата".

Во членот 94 ставовите (2), (3) и (4) се бришат.

Член 16

Членовите 95, 96, 97, 98, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105 и 106 се бришат.

Член 17

Во членот 108 став (1) зборовите: „судот што го води трговскиот регистар" се заменуваат со зборовите: „Централниот регистар на Република Македонија".

Член 18

Во членот 109 став (1) зборовите: „судот што го води трговскиот регистар" се заменуваат со зборовите: „Централниот регистар на Република Македонија".

Ставот (2) се менува и гласи:

„Изречената мерка на безбедност забрана за вршење дејност, функција или должност по правосилноста на одлуката, судот по службена должност ќе ја достави на Централниот регистар на Република Македонија."

Во ставот (3) зборот „судот" се заменува со зборовите: „Централниот регистар на Република Македонија".

Член 19

Во членот 112 став (1) точка 1, членот 115 став (1) точка 2, членот 151 став (1) точка 3, членот 171 став (1) точка 1, членот 182 став (3) точка 3, членот 195 став (1), членот 283 став (1), членот 287 став (1) точки 8 и 10, членот 298 став (1) точки 5 и 6, членот 304 став (2) точка 5, членот 305 став (2) точка 5, членот 385 став (3), членот 463 став (1), членот 511 став (1) точка 2 и членот 514 став (3) точка 4 кратенката „МБС" се заменува со кратенката „ЕМБС".

Член 20

Во членот 226 став (2) после зборот „должност" се додаваат зборовите: „да ја достави одлуката до Централниот регистар на Република Македонија за".

Член 21

Во членот 453 став (2) пред зборот „ја'' се додаваат зборовите: „ќе побара од Централниот регистар да".

Во ставот (4) зборовите: „ја запишува одлуката во трговскиот регистар" се заменуваат со зборовите: „ја доставува до Централниот регистар на Република Македонија кој ја запишува во трговскиот регистар".

Член 22

Во членот 470 став (4) зборовите: „го задоволил првиот критериум и најмалку еден од вториот и третиот од следниве критериуми" се заменуваат со зборовите: „ги задоволил следниве два критериуми".

Точките 3 и 4 се бришат.

Во воведната реченица на ставот (5) зборовите: „го задоволил првиот критериум и најмалку еден од вториот и третиот од следниве критериуми" се заменуваат со зборовите: „ги задоволил најмалку два од можните три следни критериуми, и тоа:".

Во ставот 6 во воведната реченица зборовите: „го задоволил првиот критериум и најмалку еден од вториот и третиот од следниве критериуми" се заменуваат со зборовите: „ги задоволил најмалку два од можните три следни критериуми, и тоа:".

Ставот (7) се менува и гласи:

„Трговците кои не се распоредуваат во мали или средни трговци стекнуваат статус на големи трговци. Во случај на неможност за класифицирање на трговците од ставовите (5) и (6) на овој член, односно кога сите три критериуми се различни, трговецот се распоредува како среден трговец. Во случај на неможност за распоредување на трговците од ставот (4) на овој член, односно кога двата критериуми се различни трговецот се распоредува како мал трговец."

Член 23

Во членот 479 став (1) по зборовите: "овластено друштво за ревизија" се додаваат зборовите: „или овластен ревизор - трговец поединец (во натамошниот текст: овластен ревизор)".

Член 24

Во членот 541 став (3) зборовите: „кај судот" се заменуваат со зборовите: "заверен кај нотар до Централниот регистар на Република Македонија".

Член 25

Членот 608 се брише.

Член 26

Насловот на членот 611 и членот 611 се бришат.

Член 27

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2006 година.

---

**L I G J I**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SHOQËRITË TREGTARE**

Neni 1

Në Ligjin për shoqëritë tregtare („Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 28/204) në nenin 1 fjala „procedura'' dhe fjalët: "mënyra e vendosjes së regjistrit të vetëm tregtar në formë materiale dhe elektronike dhe në sistem një sportel", fshihen.

Neni 2

Në nenin 3 paragrafi (1) pika 14 fshihet.

Neni 3

Në nenin 10 paragrafi (1) pika 3 fjalët: "numri amë i subjektit" zëvendësohet me fjalët: "numri unik amë i subjektit", shkurtesa "NAS" zëvendësohen me fjalët: „NUAS".

Neni 4

Në nenin 14 në paragrafin (1) fjalët „gjykata sipas vendit në të cilin e kryen veprimin" zëvendësohen me fjalët: "Regjistri qendror i Republikës së Maqedonisë".

Neni 5

Në nenin 22 paragrafi (4), neni 91 paragrafi (2), neni 297 paragrafi (2), nenin 602 pika 10 fjala: „gjykata" zëvendësohet me fjalët: "Regjistri qendror i Republikës së Maqedonisë".

Neni 6

Në nenin 26 në paragrafin (3) fjalët: "shifra dhe emri i seksionit dhe grupit të veprimtarive" zëvendësohen me fjalët: „veprimtari kryesore".

Neni 7

Në nenin 33 paragrafi (1) pika 4 fshihet.

Në paragrafin (3), fjalët: „gjykata që udhëheq regjistër" zëvendësohen me fjalët: „Regjistri qendror i Republikës së Maqedonisë".

Në paragrafin (4) fjala „e refuzuar" fshihet.

Neni 8

Në nenin 62 paragrafi (2) fshihet.

Paragrafi (3) i cili bëhet paragraf (2), ndryshon si vijon:

„Nëse për veprimtari të caktuara me ligj është përcaktuar se mund të kryhen vetëm në bazë të pajtueshmërisë, lejes apo me akt tjetër të organit shtetëror apo të organit tjetër kompetent, ato veprimtari mund të kryhen vetëm në bazë të pajtueshmërisë, lejes apo aktit tjetër të atij organi".

Paragrafi (4) bëhet paragraf (3).

Neni 9

Në nenin 83 paragrafi (2) fshihet.

Neni 10

Në nenin 84 paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

„Regjistrimet në regjistrin tregtar kryhen në formë me shkrim apo në formë elektronike dhe regjistri tregtar mbahet në formë me shkrim dhe në formë elektronike".

Paragrafi (2) fshihet.

Paragrafi (3) bëhet paragraf (2).

Neni 11

Titulli i nenit 86 ndryshohet si vijon:

„Kompetencë reale''.

Në nenin 86 paragrafin (1) fjalët: „ udhëheqin gjykatat e përcaktuara me Ligjin për gjykatat" zëvendësohen me fjalët: udhëheq Regjistri qendror i Republikës së Maqedonisë".

Paragrafi (2) fshihet.

Neni 12

Neni 87 ndryshohet si vijon:

„Procedura për regjistrim në regjistrin tregtar udhëhiqet sipas procedurës së posaçme administrative të përcaktuar me rregullat e sistemit një sportel".

Neni 13

Neni 89 fshihet.

Neni 14

Në nenin 93 paragrafi (5) fshihet.

Neni 15

Titulli i nenit 94 ndryshohet si vijon:

„Shqyrtimi i fletëparaqitjes''.

Në nenin 94, paragrafët (2), (3) dhe (4) fshihen.

Neni 16

Nenet 95, 96, 97, 98, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105, dhe 106 fshihen.

Neni 17

Në nenin 108, në paragrafin (1) fjalët: „gjykata që udhëheq regjistrin tregtar" zëvendësohen me fjalët: „Regjistrin qendror të Republikës së Maqedonisë".

Neni 18

Në nenin 109, në paragrafin (1) fjalët: „gjykata që udhëheq regjistrin tregtar" zëvendësohen me fjalët: „Regjistrin qendror të Republikës së Maqedonisë".

Paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

„Masën e shqiptuar të sigurisë ndalim për kryerjen e veprimtarisë, funksionit apo obligimit sipas vendimit të plotfuqishëm, gjykata me obligim zyrtar do ta dorëzojë në Regjistrin qendror të Republikës së Maqedonisë".

Në paragrafin (3) fjala: "gjykata" zëvendësohet me fjalët: "Regjistrin qendror të Republikës së Maqedonisë"

Neni 19

Në nenin 112 paragrafi (1) pika 1, neni 115 paragrafi (1) pika 2, neni 151 paragrafi (1) pika 3, neni 171 paragrafi (1) pika 1, neni 182 paragrafi (3) pika 3, neni 195 paragrafi (1), neni 283 paragrafi (1), neni 287 paragrafi (1) pika 8 dhe 10, neni 298 paragrafi (1) pika 5 dhe pika 6, neni 304 paragrafi (2) pika 5, neni 305 paragrafi (2) pika 5, neni 385 paragrafi (3), neni 463 paragrafi (1), neni 511 paragrafi (1) pika 2, neni 514 paragrafi (3) pika 4 shkurtesa "NAS" zëvendësohen me shkurtesën „NUAS".

Neni 20

Në nenin 226 paragrafin (2) pas fjalës: „obligim" shtohen fjalët: „ta dërgojë vendimin në Regjistrin qendror të Republikës së Maqedonisë për".

Neni 21

Në nenin 453 paragrafi (2) para fjalës: „e" shtohen fjalët „do të kërkojë nga Regjistri qendror që të".

Në paragrafin (4) fjalët: „e regjistron vendimin në regjistrin tregtar" zëvendësohen me fjalët: e dërgon në Regjistrin qendror të Republikës së Maqedonisë që e regjistron në regjistrin tregtar".

Neni 22

Në nenin 470 në paragrafin (4) fjalët: „e ka plotësuar kriterin e parë dhe së paku njëri prej kriterit të dytë dhe të tretë nga kriteret vijuese" zëvendësohen me fjalët: „i ka plotësuar kriteret vijuese".

Pikët 3 dhe 4 fshihen.

Në fjalinë hyrëse të paragrafit (5) fjalët: „e ka përmbushur kriterin e parë dhe së paku njërin prej të dytit dhe të tretit nga kriteret vijuese" zëvendësohen me fjalët: „i ka përmbushur së paku dy nga tre kriteret e mundshme vijuese dhe atë: "

Në paragrafin (6) në fjalinë hyrëse fjalët: „e ka përmbushur kriterin e parë dhe së paku njërin prej të dytit dhe të tretit nga kriteret vijuese" zëvendësohen me fjalët: „i ka përmbushur së paku dy nga tre kriteret e mundshme vijuese dhe atë: "

Paragrafi (7) ndryshohet si vijon:

„Tregtarët që nuk radhiten në tregtarë të vegjël apo të mesëm fitojnë statusin e tregtarëve të mëdhenj. Në rast të pamundësisë së klasifikimit të tregtarëve të paragrafëve (5) dhe (6) të këtij neni, përkatësisht kur tre kriteret janë të ndryshëm, tregtari radhitet si tregtar i mesëm. Në rast të pamundësisë së klasifikimit të tregtarëve nga paragrafi (4) i këtij neni, përkatësisht kur të dy kriteret janë të ndryshëm, tregtari radhitet si tregtar i vogël."

Neni 23

Në nenin 479 paragrafi (1) pas fjalëve: "shoqata e autorizuar për revizion" shtohen fjalët: "ose revizori i autorizuar – tregtari individ (në tekstin e mëtejmë: revizori i autorizuar)".

Neni 24

Në nenin 541 në paragrafin (3) fjalët: „te gjykata" zëvendësohen me fjalët „të verifikuar te noteri, në Regjistrin qendror të Republikës së Maqedonisë".

Neni 25

Neni 608 fshihet.

Neni 26

Titulli i nenit 611, dhe neni 611 fshihen.

Neni 27

Ky Ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të zbatohet prej datës 01.01.2006.

**1109.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТОПАНСКИТЕ КОМОРИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за стопанските комори,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 септември 2005 година.

Бр. 07-3475/1
23 септември 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТОПАНСКИТЕ КОМОРИ

Член 1

Во Законот за стопанските комори ("Службен весник на Република Македонија" број 54/2002 и 31/2003) во членот 3 став 2 зборовите: "регистарот на комори" се заменуваат со зборовите: "регистарот на други правни лица (во натамошниот текст: регистар), што го води Централниот регистар на Република Македонија".

Член 2

Во членот 6 став 2 зборовите: "на комори" се бришат.

Член 3

Во членот 19 ставот 1 се менува и гласи:

"Комората се запишува во регистарот што го води Централниот регистар на Република Македонија."

Ставот 2 се брише.

Во ставот 3 кој станува став 2 се бришат зборовите: "регистрација и".

Ставот 4 се брише.

Член 4

Во членот 20 став 1 зборовите: "во Основниот суд" се бришат.

Член 5

Членот 21 се менува и гласи:

"Централниот регистар на Република Македонија е должен во рок од пет дена од денот на поднесувањето на пријавата за упис да донесе решение за упис."

Член 6

Членовите 23 и 24 се бришат.

Член 7

Во членот 25 став 1 зборовите: "Основниот суд" се заменуваат со зборовите: "Централниот регистар на Република Македонија".

Ставот 3 се брише.

Член 8

Членот 26 се менува и гласи:

"Податоците запишани во регистарот се објавуваат на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија."

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 30 септември 2006 година.

## L I G J I
## PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR DHOMAT EKONOMIKE

Neni 1

Në Ligjin për dhomat ekonomike ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 54/2002 dhe 31/2003) në nenin 3 paragrafin 2, fjalët: "regjistri i dhomave" zëvendësohet me fjalët: "regjistri i personave të tjerë juridikë (në tekstin e mëtejmë: regjistri), që e mban Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë".

Neni 2

Në nenin 6 paragrafin 2, fjalët: "e dhomave", shlyhen.

Neni 3

Në nenin 19, paragrafi 1 ndryshon si vijon:

"Dhoma regjistrohet në regjistrin të cilin e mban Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë".

Paragrafi 2 shlyhet.

Në paragrafin 3 i cili bëhet paragraf 2, shlyhen fjalët: "regjistrimi dhe".

Paragrafi 4 fshihet.

Neni 4

Në nenin 20 paragrafin 1, fjalët: "në Gjykatën Themelore" shlyhen.

Neni 5

Neni 21 ndryshon si vijon:

"Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë është i obliguar, në afat prej 5 ditësh nga dita e parashtrimit të fletëparaqitjes për regjistrim, të marrë vendim për regjistrim".

Neni 6

Nenet 23 dhe 24 shlyhen.

Neni 7

Në nenin 25 paragrafin 1, fjalët: "Gjykata Themelore" zëvendësohen me fjalët "Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë".

Paragrafi 3 shlyhet.

Neni 8

Neni 26 ndryshon si vijon:

"Të dhënat e shënuara në regjistrin, shpallen në veb faqen e Regjistrit Qendror të Republikës së Maqedonisë".

Neni 9

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të zbatohet prej 30 shtatorit të vitit 2006.

---

**1110.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕМЕР, КАТАСТАР И ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 септември 2005 година.

Бр. 07-3506/1
23 септември 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕМЕР, КАТАСТАР И ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

Член 1

Во Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Службен весник на Република Македонија" број 27/86 и 17/91), во членот 3 ставот 1 се менува и гласи:

"Со премерот на недвижностите (премер) се обезбедуваат податоци за хоризонтална претстава на недвижностите и за можните носители на правата на недвижностите на територијата на Република Македонија (Републиката)."

Во ставот 2 зборовите: "бонитирањето и " се бришат.

Член 2

Членот 4 се менува и гласи:

"Катастарот на недвижностите служи за запишување и заштита на правата на недвижностите."

Член 3

Членот 5 се менува и гласи:

"Работите на премерот, катастарот и одржувањето на премерот и катастарот и запишувањето на правата на недвижностите се во надлежност на Државниот завод за геодетски работи.

Оперативните теренски геодетски работи од ставот 1 на овој член како јавни овластувања ги вршат трговци поединци – овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи под услови и на начин определени со овој закон. "

Член 4

Членот 10 се менува и гласи:

"Запишувањето на правата на недвижностите во катастарот на недвижностите е задолжително и се врши по службена должност или по барање на странката.

За запишување на правата на недвижностите во катастарот на недвижностите по барање на странка се плаќаат надоместоци, а запишувањето по службена должност е ослободено од плаќање на надоместоци.

Висината на надоместоците од ставот 2 на овој член се утврдува со тарифник кој го донесува директорот на Државниот завод за геодетски работи.

Согласност на тарифникот од ставот 3 на овој член дава Владата на Република Македонија."

Член 5

Членот 12 се брише.

Член 6

Членот 14 се менува и гласи:

"Државните органи, судовите, единиците на локалната самоуправа, нотарите, извршителите и другите јавни служби, правните и физичките лица и другите заинтересирани институции во исправите врз основа на кои се врши запишување на правата на недвижностите, се должни да ги користат податоците од катастарот на недвижностите и по нивната правосилност да ги достават до Државниот завод за геодетски работи."

Член 7

Во членот 15 точка 5 зборот "геодетски" се заменува со зборот "катастарски".

Член 8

Во членот 28 кратенката "СР" се заменува со зборот "Република".

Член 9

Членот 31 се менува и гласи:

"Снимањето на недвижностите се врши со нумерички методи."

Член 10

Членот 32 се менува и гласи:

"Со снимањето на недвижностите се собираат податоци неопходни за хоризонтална претстава на земјиштето, објектите, географските и други карактеристични називи, положбата, обликот, големината и начинот на искористување на земјиштето.

Со мерење и увид на зградите, посебните делови од згради и други објекти се собираат податоци за нивната намена, површина и катност.

При собирањето на податоците од ставовите 1 и 2 на овој член се собираат и податоци за можните носители на правата на недвижностите. "

Член 11

Во членот 33 зборот "геодетските" се заменува со зборот "катастарските".

Член 12

Членовите 34 и 35 се бришат.

Член 13

Во Главата II ПРЕМЕР во насловот на точката 5. "Изготвување оригинали на геодетските планови" зборот "геодетските" се заменува со зборот "катастарските".

Член 14

Членот 37 се менува и гласи :

"Врз основа на податоците добиени од снимањето на недвижностите се изготвуваат оригиналите на катастарските планови.

Во оригиналите на катастарските планови се евидентираат и бесправно изградените објекти и се обележуваат со посебна ознака.

Оригиналите од катастарските планови се работат во еден од следниве размери: 1:1000, 1:2500, 1:5000 по потреба и во 1:500.

Државниот завод за геодетски работи изготвува топографски и наменски карти во определени размери. "

Член 15

Членот 38 се менува и гласи:

"Изготвувањето оригинали на катастарските планови треба да биде такво што врз основа на нив да може секогаш повторно да се воспостават снимените точки и состојбата на земјиштето каква што била при првобитното снимање, а во границите на точноста што ја обезбедува размерот на планот.

Содржината и размерот на оригиналите на катастарските планови и топографските карти ги определува Државниот завод за геодетски работи.

Директорот на Државниот завод за геодетски работи ќе донесе поблиски прописи за начинот на изготвување на оригинали на катастарските планови и топографските карти."

Член 16

Во насловот на Главата III "БОНИТИРАЊЕ И КАТАСТАРСКО КЛАСИРАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО" зборовите: "БОНИТИРАЊЕ И" се бришат.

Член 17

Членот 39 се менува и гласи:

"По извршениот прв премер за катастарски општини или подрачја каде што до сега немало премер, се врши катастарско класирање на земјиштето."

Член 18

Во Главата III точка 1. "Бонитирање на земјиштето" и членовите 40, 41 и 42 и називот на точката 2. "Катастарско класирање на земјиштето" се бришат.

Член 19

Членот 53 се менува и гласи:

"Како носители на правата на недвижностите можат да се запишат домашни и странски физички и

правни лица, вклучувајќи ја и државата и единиците на локалната самоуправа под услови и на начин предвидени со овој и друг закон."

Член 20

Во членот 59 на крајот од точката 1 сврзникот "и" се брише, а по точката 2 се додаваат две нови точки 3 и 4, кои гласат:

"3) поединечно запишување на правата на недвижностите и

4) конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности."

Член 21

Во членот 62 ставот 2 се брише.

Член 22

Во членот 64 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Со поканата од ставот 1 на овој член странката се поучува дека по однос на податоците содржани во пописниот лист од ставот 2 на овој член може да вложи приговор на денот на излагањето на записник."

Член 23

Членот 65 се менува и гласи:

"Во случај странката да не се јави на поканата од членот 64 на овој закон, недвижноста која е предмет на излагањето ќе остане со незапишано право. "

Член 24

Членот 66 се менува и гласи:

"Во постапката за излагање на јавен увид на податоците за недвижностите може да се поднесе приговор на податоците од премерот и на катастарското класирање на земјиштето. Приговорот на странката се внесува во записникот од постапката за излагање на јавниот увид.

За фактите и околностите утврдени по приговорот, се одлучува со решението од членот 70 на овој закон."

Член 25

Членот 67 се менува и гласи:

"Во постапката за излагање на јавен увид на податоците за недвижностите во државна сопственост, се поканува Јавниот правобранител на Република Македонија."

Член 26

Членот 71 се менува и гласи:

"Против решението од членот 70 на овој закон може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на управни работи во втор степен од областа на премерот, катастарот и запишување на правата на недвижностите, при Владата на Република Македонија.

Решението на Комисијата од ставот 1 на овој член е конечно и извршно и против него не може да се поведе управен спор.

Конечното решение се спроведува во катастарскиот план и операт.

Секое лице кое смета дека има појако право на недвижноста отколку лицето за кое е одлучено да биде запишано како носител на правата на недвижностите, може со тужба против запишаниот носител на правата на недвижностите, своето право да го докажува во судска постапка.

По барање на заинтересираното лице спорот ќе се прибележи во имотниот лист."

Член 27

Членот 72 се брише.

Член 28

Во членот 74 зборовите: "бонитирањето и" се бришат.

Член 29

Членот 75 се брише.

Член 30

Во членот 77 ставот 2 се брише.

Член 31

Членот 78 се менува и гласи:

"Катастарскиот операт содржи:

1) список на катастарски парцели;

2) азбучен преглед на носителите на правата на недвижностите;

3) имотен лист кој содржи податоци за: носителите на правата на недвижностите, недвижностите, правата на недвижностите, службеностите, товарите, ограничувањата и прибележувањата;

4) сумарен преглед на имотни листови;

5) преглед на површините за катастарски култури и класи и

6) статистички преглед на податоците од катастарот на недвижностите.

Директорот на Државниот завод за геодетски работи ќе донесе поблиски прописи за изработка и одржување на катастарскиот операт."

Член 32

По членот 80 се додава нов член 80-а, кој гласи:

"Член 80-а

По установувањето на катастарот на недвижностите, правата на недвижностите од членот 65 на овој закон се запишуваат по барање на странка, согласно со одредбите од овој закон кои се однесуваат на постапката за излагање на јавен увид на податоците за недвижностите со утврдување на правата на недвижностите."

Член 33

Во членот 81 став 1 по зборот "податоците" се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 34

По членот 81 се додава нов поднаслов "3. Поединечно запишување на правата на недвижностите" и се додаваат пет нови члена 81-а, 81-б, 81-в, 81-г и 81-д, кои гласат:

"Член 81-а

Поединечно запишување на правата на недвижностите се врши по барање на странка, во премерени и непремерени катастарски општини каде што е во примена катастар на земјиште.

Член 81-б

При поединечното запишување на правата на недвижностите во премерените катастарски општини, податоците за земјиштето се преземаат од постојниот катастар на земјиште, а податоците за објектите се прибираат со увид и премер на самото место.

Во непремерените катастарски општини, податоците за земјиштето и зградите се прибираат со увид и премер на самото место, за што уредно ќе бидат писмено известени сопствениците на соседните катастарски парцели.

Член 81-в

По прибирањето на податоците за земјиштето и зградите, се спроведува постапка согласно со одредбите од овој закон кои се однесуваат на постапката за излагање на јавен увид на податоците за недвижностите со утврдување на правата на недвижностите.

Член 81-г

При засновување на залог (хипотека), долгорочен закуп и концесија на недвижности во катастарските општини каде што не е установен катастар на недвижности, задолжително е претходно поединечно запишување на правата на недвижностите.

Член 81-д

Во решението донесено врз основа на спроведената постапка согласно со членовите 81-а, 81-б, 81-в и 81-г од овој закон се става прибелешка дека по установувањето на катастарот на недвижностите за целата катастарска општина врз основа на нов премер, податоците за бројот на имотниот лист, бројот и површината на катастарската парцела ќе бидат усогласени со новиот премер."

Член 35

По членот 81-д се додава нов поднаслов "4) Конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности" и нов член 81-ѓ, кој гласи:

"Член 81-ѓ

За земјиштето надвор од населените места, во катастарските општини за кои е во примена катастар на земјиште установен врз основа на извршен премер, ќе се изврши конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности.

Катастарските општини и земјиштето од ставот 1 на овој член ги определува директорот на Државниот завод за геодетски работи, согласно со програмите од членот 7 на овој закон.

Директорот на Државниот завод за геодетски работи ќе донесе решение за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности.

Решението од ставот 3 на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија."

Член 36

Во членот 85 ставот 2 се брише.

Член 37

Во членот 87 бројот "80" се заменува со бројот "86".

Член 38

Членовите 88 и 89 се бришат.

Член 39

Членот 94 се менува и гласи:

"Против решението на Државниот завод за геодетски работи за одбивање на барањето за запишување во катастарот на недвижностите и за промена на катастарската култура и катастарската класа на земјиштето, незадоволната странка може да поднесе жалба до Комисијата за решавање на управни работи во втор степен од областа на премерот, катастарот и запишување на правата на недвижностите при Владата на Република Македонија."

Член 40

По членот 94 се додаваат два нови члена 94-а и 94-б, кои гласат:

"Член 94-а

Катастарот на недвижностите може да се води и во електронска форма при што, податоците од катастарот на недвижностите се обработуваат, обединуваат, селектираат, чуваат и прават достапни до заинтересираните корисници.

Начинот и постапката за водење на катастарот на недвижностите во електронска форма ги пропишува директорот на Државниот завод за геодетски работи.

Член 94-б

За катастарските општини каде што е установен катастар на недвижности врз основа на аналогни геодетски планови, со ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови, ќе се користат податоците добиени од дигиталните катастарски планови.

Новата површина на катастарската парцела, која произлегува од ставот 1 на овој член се запишува во имотниот лист.

За ставање во примена на базата на податоци во дигитална форма за секоја катастарска општина, директорот на Државниот завод за геодетски работи донесува решение.

Решението од ставот 3 на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија". "

Член 41

Членовите 95 , 96, 97 , 98 и 100 се бришат.

Член 42

Членот 102 се менува и гласи:

"Геодетски работи за посебни намени во смисла на овој закон се работите кои се од влијание за одржување на премерот и катастарот на недвижностите, и тоа :

1) изготвување на геодетски планови за потребите на просторното уредување на земјиштето;

2) парцелација на градежното земјиште во постапката за спроведување на урбанистичките планови;

3) геодетски мерења за потребите при спроведувањето на промените на имотно-правните односи на земјиштето во постапката за експропријација и други постапки и

4) сите други геодетски работи кои се поврзани со одржувањето на премерот и катастарот на недвижностите.

Геодетските елаборати кои се изготвуваат при вршењето на работите од ставот 1 на овој член можат да се користат откако претходно ќе се заверат од Државниот завод за геодетски работи.

За заверка на геодетските елаборати од ставот 2 на овој член изготвувачот плаќа надомест во висина утврдена со тарифник кој го донесува директорот на Државниот завод за геодетски работи.

Согласност на тарифникот од ставот 3 на овој член дава Владата на Република Македонија."

Член 43

Членот 103 се брише.

Член 44

По членот 103 се додава нова Глава "VII-а ВРШЕЊЕ НА ОПЕРАТИВНИ ТЕРЕНСКИ ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ И ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ и 13 нови члена 103-а, 103-б, 103-в,103-г,103-д, 103-ѓ, 103-е, 103-ж, 103-з,103-ѕ, 103-и, 103-ј и 103-к, кои гласат:

"Член 103-а

Оперативните теренски геодетски работи од членот 5 на овој закон и геодетските работи за посебни намени од членот 102 на овој закон ги вршат трговци поединци - овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи, регистрирани во трговскиот регистар со регистрирана претежна дејност вршење на геодетски работи, кои имаат вработено најмалку две лица со стручна подготовка од геодетската област од кои најмалку еден овластен геодет.

Член 103-б

Геодетски работи од членот 103-а став 1 на овој закон, на начин пропишан со овој закон, можат да вршат и странски правни лица регистрирани за вршење на геодетска дејност во државата во која им се наоѓа седиштето, доколку се избрани на меѓународен тендер, согласно со Законот за јавните набавки.

Странски геодетски инженер со овластување од друга држава, може да врши геодетски работи на територијата на Република Македонија, со овластување, нострифицирано од Комората на овластени архитекти и овластени инженери, доколку ги познава законските и други прописи на Република Македонија во областа на геодетските работи.

Член 103-в

Овластен геодет е физичко лице овластено за вршење на оперативни теренски геодетски работи од премерот, установувањето на катастарот на недвижностите и

одржувањето на премерот и катастарот на недвижностите и на геодетските работи за посебни намени кои се поврзани со одржувањето на премерот и катастарот на недвижностите, на начин и под услови определени со овој закон.

Член 103-г

Со звање овластен геодет може да се стекне физичко лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Македонија;

2) да е дипломиран геодетски инженер со најмалку три години работно искуство на геодетските работи и

3) да има положен испит за стекнување овластување за овластен геодет.

За стекнување на овластувањето за овластен геодет од ставот 1 на овој член се плаќа надоместок на Комората на овластени архитекти и овластени инженери.

Начинот на издавање, продолжување и одземање на овластувањето, како и висината на надоместокот за издавање на овластување, просториите и опремата потребни за извршување на геодетските работи, формата и содржината на образецот на овластувањето, формата, содржината и начинот на водење на именикот ги пропишува директорот на Државниот завод за геодетски работи.

Комората на овластени архитекти и овластени инженери е должна по спроведувањето на испитот во рок од пет дена да ги извести лицата кои не го положиле испитот, а на лицата кои го положиле испитот да им издаде овластување.

Член 103-д

Овластувањето за овластен геодет се издава за период од пет години и може да се продолжува по истекот на рокот, доколку имателот на овластувањето за овластен геодет шест месеца пред истекот на рокот поднесе барање до Комората на овластени архитекти и овластени инженери.

Против решението на Комората може да се поднесе жалба до надлежната второстепена комисија при Владата на Република Македонија.

Член 103-ѓ

Овластувањето за овластен геодет ќе престане да важи:

1) ако овластениот геодет во рокот определен во членот 103-д на овој закон не поднесе барање за продолжување на овластувањето за овластен геодет;

2) потполно или делумно ја изгуби деловната способност;

“Деловите од објектите и опремата на постојните јавни здравствени установи во кои се врши примарна здравствена заштита, стоматолошка здравствена заштита и фармацевтска дејност се трансформираат, односно се приватизираат по пат на издавање под закуп на простор и опрема, под услов закупецот да основа приватна здравствена установа за вршење на соодветна дејност, во согласност со овој закон.”

Во ставот 2 зборовите: “во кои се врши фармацевтска односно стоматолошка дејност” се бришат.

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

“Владата на Република Македонија, по предлог на Министерството за здравство може да донесе одлука по пат на закуп да се трансформираат, односно приватизираат и други делови од јавните здравствени установи.”

Ставот 3 кој станува став 4 се менува и гласи:

“Под закуп не можат да се издадат организациони единици во јавните здравствени установи што вршат итна медицинска помош и домашно лекување, итна

стоматолошка помош, превентивна здравствена заштита на предучилишни и училишни деца до 18 години, поливалентна патронажа, дел од службите на медицината на трудот, превентивна стоматолошка заштита и организациони единици на Стоматолошкиот клинички центар, според критериумите кои со општ акт ќе ги утврди министерот за здравство.”

Член 11

Во членот 200-л став 1 зборовите: “од областа на фармацијата односно стоматологијата” се бришат.

Член 12

Во членот 200-љ ставови 1 и 2 зборовите: “од областа на фармацијата односно стоматологијата” се бришат.

Член 13

Во членот 200-м став 2 зборовите: “од областа на фармацијата односно стоматологијата” и зборовите: “на секој здравствен работник кој врши фармацевтска, односно стоматолошка дејност со високо образование” се бришат.

Член 14

Во членот 200-њ став 1 зборовите: “за потребите на фармацевтската, односно стоматолошката дејност” се бришат.

Член 15

Во членот 200-п зборовите: ”министерот за здравство на предлог на Јавните здравствени установи” се заменуваат со зборовите: ”јавната здравствена установа на која министерот за здравство дава согласност”.

Член 16

Во членот 200-р став 1 зборовите: “фармацевтска, односно стоматолошка дејност” се заменуваат со зборовите: ”дејност од членот 200-к став 1 на овој закон”.

Во ставот 2 зборовите: ”Министерот за здравство” се заменуваат со зборовите: ”јавната здравствена установа” .

Во ставот 3 зборовите: ”второстепената комисија на Владата на Република Македонија” се заменуваат со зборовите: ”министерот за здравство”.

Член 17

Во членот 200-с ставот 1 зборовите: “Министерство за здравство” се заменуваат со зборовите: “јавната здравствена установа”.

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

“Министерот за здравство со решение врз основа на членовите 92 и 93 од овој закон утврдува дали се исполнети условите за основање на соодветна приватна здравствена установа и донесува решение за дозвола за работа.”

Ставот 2 станува став 3.

Член 18

Во членот 200-т зборовите: “Министерство за здравство” се заменуваат со зборовите: “јавната здравствена установа”, а зборовите: ”и опремата” се бришат.

Член 19

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

---

# L I G J I
# PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR MBROJTJE SHËNDETËSORE

Neni 1

Në Ligjin për mbrojtje shëndetësore (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 38/91, 46/93, 55/95 dhe 10/2004), në nenin 32 pas paragrafit 3, shtohet paragrafi i ri 4, si vijon:

"Qeveria e Republikës së Maqedonisë, me propozim të ministrit të Shëndetësisë, përcakton rrjet të institucioneve shëndetësore në Republikën e Maqedonisë".

Neni 2

Në nenin 95 pas pikës 5 shtohet pikë e re 5-a, si vijon:

"5-a) Qendra për shëndet mental".

Neni 3

Pas nenit 95-d shtohet nëntitull i ri dhe nen i ri 95-gj, si vijon:

"5-a) Qendra për shëndet mental

Neni 95-gj

Qendra për shëndet mental organizon dhe zbaton masa që sigurojnë trajtim të personave me probleme në shëndetin mental të çfarëdo lloji, promovim të shëndetit mental dhe preventivë të sëmundjeve mentale, përkujdesje psiko-sociale, si dhe rehabilitim dhe reintegrim të personave të sëmurë mental.

Krahas punëve nga paragrafi 1 i këtij neni, qendra doemos duhet të organizojë edhe kryerjen e mjekimit shtëpiak.”

Neni 4

Neni 95-gj bëhet nen 95-e.

Neni 5

Në nenin 109 në paragrafin 1 pas fjalës: "mjekësia" shtohen fjalët: "gjegjësisht stomatologjia".

Neni 6

Në nenin 137 në paragrafin 1 fjalët: "në bazë të konkursit publik" fshihen.

Pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2 si vijon:

"Drejtori i institucioneve publike shëndetësore emërohet në bazë të konkursit publik, të cilin e shpall Këshilli Drejtues i Institucionin publik shëndetësor."

Paragrafët 2 dhe 3 bëhen paragrafë 3 dhe 4.

Neni 7

Në nenin 148 në paragrafin 2 fjala "vetëm" fshihet.

Paragrafi 3 ndryshohet si vijon:

"Për zbatimin e pjesës praktike të specializimit, gjegjësisht subspecializimit, institucionet e larta të arsimit përcaktojnë kompensim me akt të përgjithshëm, për të cilin jep pajtim ministri i Shëndetësisë, në barrë të institucionit që i dërgon në specializim, në pajtim me programin për nevojat për kuadro të specializuara."

Neni 8

Në nenin 200-e në paragrafin 1 fjalët: “nga neni 200-gj të këtij ligji", zëvendësohen me fjalët: "prej 75% nga vlera e përgjithshme e vlerësuar në ankand publik të bursës".

Pas paragrafit 1 shtohet paragrafi 2 si vijon:

"Nëse pjesa prej 20% nën kushte të privilegjuara të të punësuarve nga neni 200-d i këtij ligji apo pjesa e tij nuk blihet nga të punësuarit, blerësi i pjesës prej 75% të vlerës së llogaritur, të punësuarit me 5% të pjesëve pa pagesë dhe të punësuarit të cilët kanë blerë pjesë me zbritje, lidhin marrëveshje për themelimin e institucionit shëndetësor privat. Pjesët e pa shitura me zbritje i mbeten Republikës së Maqedonisë, ndërsa i përfaqëson ministri i Shëndetësisë deri në shitjen e tyre në ankandin e serishëm bursal publik."

Paragrafi 2 bëhet paragraf 3.

Neni 9

Në nenin 200-x paragrafin 1 fjalët: "si dhe marrëveshje me Ministrinë e Shëndetësisë me të cilën posaçërisht rregullohen mënyra e kryerjes së veprimtarisë dhe obligimi për kryerje të vazhdueshme të veprimtarisë" fshihen.

Neni 10

Në nenin 200-k paragrafi 1 ndryshon si vijon:

"Pjesët e objekteve dhe pajisja e institucioneve ekzistuese publike shëndetësore në të cilat jepet mbrojtje

primare shëndetësore, sigurim shëndetësor stomatologjik dhe veprimtari farmaceutike transformohen, gjegjësisht privatizohen me dhënien me qira të hapësirës dhe pajisjes, me kusht që qiramarrësi të themelojë institucion shëndetësor privat për kryerjen e veprimtarisë përkatëse, në pajtim me këtë ligj."

Në paragrafin 2 fjalët: "në të cilat kryhet veprimtaria farmaceutike gjegjësisht stomatologjike" shlyhen.

Pas paragrafit 2 shtohet paragraf i ri 3 si vijon:

"Qeveria e Republikës së Maqedonisë, me propozim të Ministrisë së Shëndetësisë mund të marrë vendim që nëpërmjet të qiramarrjes të transformohen gjegjësisht të privatizohen edhe pjesë të tjera të institucioneve shëndetësore publike."

Paragrafi 3 i cili bëhet paragraf 4, ndryshon si vijon:

"Me qira nuk mund të jepen njësitë organizative në institucionet publike shëndetësore që kryejnë ndihmë urgjente mjekësore dhe mjekim shtëpiak, ndihmë urgjente stomatologjike, mbrojtje shëndetësore preventive të fëmijëve parashkollorë dhe shkollorë deri në moshën 18 vjeçe, patronazh polivalent, një pjesë e shërbimeve të mjekësisë së punës, mbrojtje preventive stomatologjike dhe njësitë organizative të Qendrës Klinike Stomatologjike, sipas kritereve të cilat me akt të përgjithshëm do t'i përcaktojë ministri i Shëndetësisë".

Neni 11

Në nenin 200-ll në paragrafin 1 fjalët: "nga lëmi i farmacisë gjegjësisht stomatologjisë" shlyhen.

Neni 12

Në nenin 200-l në paragrafët 1 dhe 2 fjalët: "nga lëmi i farmacisë gjegjësisht stomatologjisë" shlyhen.

Neni 13

Në nenin 200-m në paragrafin 2 fjalët: "nga lëmi i farmacisë gjegjësisht stomatologjisë" dhe fjalët: "çdo punëtori shëndetësor që kryen veprimtari farmaceutike, gjegjësisht veprimtari stomatologjike me arsimim të lartë" shlyhen.

Neni 14

Në nenin 200-nj në paragrafin 1 fjalët: "për nevojat e veprimtarisë farmaceutike, gjegjësisht veprimtarisë stomatologjike" shlyhen.

Neni 15

Në nenin 200-p fjalët: "ministri i Shëndetësisë me propozim të institucioneve publike shëndetësore" zëvendësohen me fjalët: "institucioni publik shëndetësor për të cilin ministri i Shëndetësisë jep pëlqim".

Neni 16

Në nenin 200-r në paragrafin 1 fjalët: "veprimtaria farmaceutike, gjegjësisht stomatologjike" zëvendësohen me fjalët: "veprimtaria nga neni 200-k, paragrafi 1 i këtij ligji".

Në paragrafin 2 fjalët: "ministri i Shëndetësisë" zëvendësohen me fjalët: "institucioni publik shëndetësor".

Në paragrafin 3 fjalët: "komisioni i shkallës së dytë i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë" zëvendësohen me fjalët: "ministri i Shëndetësisë".

Neni 17

Në nenin 200-s në paragrafin 1 fjalët: "Ministria e Shëndetësisë" zëvendësohen me fjalët: "institucioni publik shëndetësor".

Pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2 si vijon:

"Ministri i Shëndetësisë me vendim në bazë të nenit 92 dhe 93 të këtij ligji vërteton nëse janë plotësuar kushtet për themelimin e institucionit përkatës shëndetësor privat dhe merr vendim për lejen e punës."

Paragrafi 2 bëhet paragraf 3.

Neni 18

Në nenin 200-t fjalët: "Ministria e Shëndetësisë" zëvendësohen me fjalët: "institucioni publik shëndetësor", ndërsa fjalët: "dhe pajisja" shlyhen.

Neni 19

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**1112.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 септември 2005 година.

Бр. 07-3514/1
27 септември 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002 и 31/2003), во членот 9 по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

"Основните здравствени услуги од ставот 1 на овој член, Фондот ги обезбедува на осигурениците во здравствени установи со кои склучил договор.

Ако осигуреникот користи основни здравствени услуги од ставот 1 на овој член во здравствена установа со која Фондот нема склучено договор трошоците ги плаќа осигуреникот."

Ставот 2 станува став 4.

Член 2

Во членот 10 став 1 по точката 10 се додава нова точка 10-а, која гласи:

"10-а) вештачко оплодување по трет неуспешен обид за оплодување" .

Во точката 14 по зборот "странство" и запирката се додаваат зборовите: "ако е во прашање заболување кое не може да се лекува во земјата и", а во точката 16 по зборот "осигурување" се додаваат зборовите: "и според прописите за социјалната и детска заштита".

Член 3

Во членот 15 став 1 се додава нова точка 1, која гласи:

"1) ако здравственото осигурување траело најмалку шест месеци пред настапување на случајот, освен во случаите на повреда на работа и професионално заболување;".

Точките 1 и 2 стануваат точки 2 и 3.

Член 4

Во членот 16 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

"По исклучок од ставовите 1 и 3 на овој член, доколку во последните шест месеца пред настанувањето на случајот поради кој се стекнува правото на надоме-

сток на плата кај работодавачот се зголемува платата само за осигуреникот кој треба да го оствари тоа право, во тој случај основица за пресметување на надоместокот претставува просечниот месечен износ на исплатената нето плата на кој е платен придонесот за здравствено осигурување во периодот од последните шест месеца пред настанувањето на случајот. “

Член 5

Во членот 17 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

“Висината на надоместокот на плата пресметан врз основа на членот 16 на овој закон не може да биде повисока од износот на две просечни месечни нето плати исплатени во Републиката во претходната година.“

Член 6

Во членот 18 став 1 зборовите: “ 60 дена“ се заменуваат со зборовите: “21 ден“.

Член 7

Во членот 19 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"По исклучок од ставот 1 на овој член, кај работодавач кој е единствен извршител нема усогласување на основицата за утврдување на надоместокот на плата поради непостоење на друг вработен со кој би се усогласила основицата."

Член 8

Во членот 20 став 1 бројот "15“ се заменува со бројот “7“, а бројот “16“ со бројот “8“.

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

“Избраниот лекар од примарната здравствена заштита, односно лекарските комисии должината на траењето на спреченоста за работа ја утврдуваат во зависност од видот на болеста, повредата или потребата за нега на болен член од потесното семејство. “

По ставот 2 кој станува став 3 се додава нов став 4, кој гласи:

"Начинот, постапките и поблиските критериуми во зависност од видот на болеста, повредата или потребата за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на спреченоста за работа од ставовите 1 и 2 на овој член ги утврдува Фондот со општ акт на кој министерот за здравство дава согласност.“

Ставот 3 станува став 5.

Член 9

Во членот 22 став 2 зборовите: "до денот на утврдувањето на инвалидноста, но" се бришат.

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Ако надлежниот орган за оценување на работната способност не ја утврди инвалидноста во рокот од ставот 2 на овој член на осигуреникот, Фондот ќе му исплатува надоместок на плата од 61 ден од денот на упатувањето до денот на утврдувањето на инвалидноста, а средствата ќе ги рефундира Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.”

Член 10

Во членот 31 по ставот 1 се додава став 2, кој гласи:

"За остварување на правата утврдени со овој закон се применуваат одредбите за застареност од Законот за облигационите односи."

Член 11

Во членот 55 ставот 2 се менува и гласи:

“Управниот одбор се состои од седум члена кои ги именува и разрешува Владата на Република Македонија за време од четири години, и тоа:

- еден претставник предложен од Министерството за здравство,
- еден претставник предложен од Министерството за финансии,
- еден претставник предложен од Сојузот на синдикатите на Македонија,
- еден претставник предложен од Стопанската комора,
- еден претставник предложен од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија,
- еден претставник предложен од Здружението на пензионерите и
- еден претставник на осигурениците предложен од Здружението на потрошувачите.

Ставот 3 се менува и гласи:

“Управниот одбор има претседател и заменик на претседателот од именуваните претставници од Министерството за здравство и Министерството за финансии кои наизменично по една година се менуваат во текот на мандатот."

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

“За членови на Управниот одбор се предлагаат лица кои имаат високо образование и работно искуство од финансиското работење или од системот и организацијата на здравствената заштита и здравственото осигурување, при што да се води сметка за соодветната и правичната застапеност на граѓаните на сите заедници.”

Член 12

Во членот 56 став 1 точката 12 се менува и гласи:

"12) распишува конкурс за именување на директор на Фондот".

Во ставот 2 по зборот “членови” се додава запирка и зборовите: ”при што одлуките на Управниот одбор се сметаат за донесени само ако за нив позитивно гласале и претставниците од членот 55 став 3 на овој закон”.

Член 13

По членот 56 се додава нов член 56-а, кој гласи:

"Член 56-а

Член на Управниот одбор се разрешува и пред истекот на рокот за кој е именуван:

- на негово барање,
- ако отсуствува од седниците на Управниот одбор неоправдано најмалку два пати едноподруго,
- ако му престанал основот врз кој е предложен,
- ако се утврди дополнително дека има лично, преку трето лице или по која било основа интереси кои можат да имаат какво било влијание на неговата независност и непристрасност и
- ако работи спротивно на закон."

Член 14

Во членот 57 став 3 по зборот "образование" точката се брише и се додаваат зборовите: "од областа на економијата, правото, медицината или здравствениот менаџмент и има најмалку шест години работно искуство во областа на финансиите, здравствената заштита или здравственото осигурување".

Во ставот 4 зборовите: "ги именува Управниот одбор" се заменуваат со зборовите: "се именуваат".

Ставот 5 се менува и гласи:

"Директорот на Фондот и заменикот на директорот, по спроведениот конкурс од ставот 4 на овој член, на предлог на министерот за здравство, ги именува Владата на Република Македонија. "

Член 15

Во членот 58 став 1 алинеја 4 по зборовите: "спроведување на" се додаваат зборовите: "одлуките на Управниот одбор".

Член 16

Во членот 59 став 1 во воведната реченица зборовите: "Управниот одбор" се заменуваат со зборовите: "Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за здравство".

Во ставот 1 по алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:

"- одлучи за прераспределба или ненаменско користење на средства утврдени во Буџетот на Фондот без одлука на Управниот одбор".

Ставот 2 се брише.

Член 17

Во членот 61 став 1 алинејата 6 се брише.

Во ставот 2 зборот “Собранието“ се заменува со зборот “Владата“.

Член 18

Насловот пред членот 64 и членот 64 се бришат.

Член 19

Во членот 65 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

"Надзор над примената на законите и прописите донесени врз основа на Законот за здравственото осигурување во однос на остварувањето на правата на осигурениците и осигурените лица врши здравствената инспекција."

Член 20

Во членот 67 став 1 по зборот "работа" се додаваат зборовите: "и анализа за економско - финансиското работење на Фондот и јавните здравствени установи".

Во ставот 2 по зборот "извештај" се додаваат зборовите: "и анализа за економско - финансиското работење на Фондот и јавните здравствени установи".

Член 21

Во членот 68 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Здравствените установи се должни средствата потребни за обезбедување на определениот обем на здравствени услуги да ги користат наменски согласно со утврдените буџетски лимити."

Ставовите 2 и 3 стануваат ставови 3 и 4.

Во ставот 4 кој станува став 5 бројот "3" се заменува со бројот "4".

Член 22

Во членот 69 став 1 по зборот “установи" се додаваат зборовите: “начинот на склучувањето на договорите“.

По алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

"- утврдените средства во Буџетот на Фондот по намени".

Алинејата 4 станува алинеја 5.

Член 23

По членот 69 се додаваат два нови члена 69-а и 69-б, кои гласат:

"Член 69-а

Фондот доставува месечни извештаи за реализација на средствата од буџетот на Фондот и извршените трансфери до здравствените установи до Министерството за здравство и Министерството за финансии, најдоцна до крајот на тековниот месец за претходниот месец.

Здравствените установи се должни до Министерството за здравство и Фондот да доставуваат месечни извештаи за работата и за реализацијата на средствата пренесени од Буџетот на Фондот, најдоцна до 15 во тековниот месец за претходниот месец.

Начинот на вршењето на трансферите до здравствените установи и содржината на обрасците на месечните извештаи ги утврдува Фондот со општ акт на кој министерот за здравство дава согласност .

Во случај на неопходна потреба која што не е планирана директорот на здравствената установа може да изврши пренамена на средствата во висина до 10% од вкупно планираните средства за тековниот месец по претходна согласност од Управниот одбор на Фондот.

Во случај на епидемија или друга вонредна состојба директорот на здравствената установа може да ги пренамени средствата без согласност од Управниот одбор на Фондот, за што веднаш ќе го извести Фондот и Министерството за здравство и ќе ги образложи причините за пренанамената на средствата.

Член 69-б

Фондот редовно, врз основа на извештаите на здравствените установи од членот 69-а став 2 на овој закон и известувањата за извршените пренамени од членот 69-а ставови 4 и 5 на овој закон, го следи извршувањето на утврдените средства потребни за обезбедување на определениот обем на здравствени услуги.

Фондот, врз основа на резултатите постигнати во претходното тримесечје, во првиот нареден месец врши преоцена за начинот на користењето на средствата, заради обезбедување на стабилно и ликвидно работење на Фондот."

Член 24

Во членот 70 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Здравствената установа од ставот 1 на овој член е должна да укажува здравствени услуги во рамките на договорот од ставот 2 на овој член и на видно место да истакне кои услуги ги обезбедува преку договорот на товар на средствата на Фондот."

Член 25

Во членот 71 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Фондот е должен да го извести Министерството за здравство за здравствените установи кои ненаменски и неекономично ги користеле средствата по завршената контрола на здравствената установа."

Член 26

Во членот 84 став 1 по точката 4 се додаваат три нови точки 5, 6 и 7, кои гласат:

"5) ако во утврдениот рок не доставува месечни извештаи за работата со реализација на средствата пренесени од Буџетот на Фондот;

6) ако во случај на неопходна потреба пренамени средства без претходна согласност на Управниот одбор на Фондот;

7) ако во случај на епидемија или друга вонредна состојба не го извести Фондот и Министерството за здравство и не ги образложи причините за пренамената на средства;".

Точката 5 станува точка 8.

Член 27

Одредбата од членот 2 точка 10-а на овој закон не се однесува на вештачките оплодувања направени до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 28

Фондот ќе ги донесе општите акти предвидени со овој закон најдоцна во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 29

Членовите на Управниот одбор, според условите утврдени со овој закон, ќе ги именува Владата на Република Македонија во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 30

До именување на директор според условите од овој закон постојниот директор на Фондот продолжува да ја врши должноста директор, но не подолго до истекот на неговиот мандат.

Член 31

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за здравственото осигурување.

Член 32

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

# L I G J I
# PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SIGURIM SHËNDETËSOR

Neni 1

Në Ligjin për sigurim shëndetësor ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë", 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, dhe 31/2003) në nenin 9 pas paragrafit 1 shtohen dy paragrafë të rinj 2 dhe 3 si vijojnë:

"Shërbimet primare shëndetësore nga paragrafi 1 i këtij neni, Fondi ua siguron të siguruarve në institucionet shëndetësore me të cilët ka lidhur marrëveshje.

Nëse i siguruari shfrytëzon shërbime primare shëndetësore nga paragrafi 1 i këtij neni në institucionin shëndetësor me të cilin Fondi nuk ka lidhur marrëveshje, shpenzimet i paguan i siguruari."

Paragrafi 2 bëhet paragraf 4.

Neni 2

Në nenin 10 në paragrafin 1 pas pikës 10 shtohet pikë e re 10-a, si vijon:

"10-a) pllenim artificial me tentim të tretë të pasuksesshëm për pllenim"

Në pikën 14 pas fjalës "jashtë vendit" dhe presjes shtohen fjalët "nëse ka të bëjë me ndonjë sëmundje e cila nuk mund të shërohet në vend dhe", ndërsa në pikën 16 pas fjalës "sigurim" shtohen fjalët :"dhe sipas dispozitave të mbrojtjes për fëmijë dhe mbrojtjes sociale".

Neni 3

Në nenin 15 në paragrafin 1 shtohet pikë e re 1 si vijon:

"1) nëse sigurimi shëndetësor ka zgjatur së paku gjashtë muaj para ndodhjes të rastit, përveç në rastet e cenimit të punës dhe sëmundjes profesionale;".

Pikat 1 dhe 2, bëhen pika 2 dhe 3.

Neni 4

Në nenin 16 pas paragrafit 3 shtohet paragrafi i ri 4, si vijon:

"Me përjashtim nga paragrafi 1 dhe 3 të këtij neni, nëse në gjashtë muajt e fundit para ndodhjes së rastit për shkak të së cilit fitohet e drejta e kompensimit të rrogës te punëdhënësi, rritet rroga vetëm për të siguruarin, i cili duhet ta realizojë atë të drejtë, në atë rast bazë për llogaritjen e kompensimit paraqet shuma mesatare mujore e rrogës neto të paguar sipas të cilës është paguar kontributi për sigurim shëndetësor në periudhën e gjashtë muajve të fundit para ndodhjes së rastit.

Neni 5

Në nenin 17 pas paragrafit 2 shtohet paragrafi i ri 3, si vijon:

"Lartësia e kompensimit të rrogës të llogaritur në bazë të nenit 16 të këtij ligji, nuk mund të jetë më e lartë se shuma e dy rrogave mesatare neto mujore të paguara në Republikë në vitin paraprak".

Neni 6

Në nenin 18 paragrafi 1 fjalët: "60 ditë'' zëvendësohen me fjalët: "21 ditë".

Neni 7

Në nenin 19 pas paragrafit 2 shtohet paragrafi i ri 3, si vijon:

"Me përjashtim nga paragrafi 1 të këtij neni, te punëdhënësi i cili është përmbaruesi i vetëm nuk ka pajtueshmëri për bazën për përcaktimin e kompensimit të rrogës për shkak të mosekzistimit të punësuarit tjetër me të cilin do të ishte harmonizuar baza."

Neni 8

Në nenin 20 në paragrafin 1 numri "15" zëvendësohet me numrin "7", ndërsa numri "16" me numrin "8".

Pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2, si vijon:

"Mjeku i zgjedhur nga sigurimi primar shëndetësor, përkatësisht komisionet mjekësore afatin e zgjatjes së ndërprerjes së punës e përcaktojnë varësisht nga lloji i sëmundjes, lëndimi apo nevoja për kurim të anëtarit të sëmurë nga familja më e ngushtë. "

Pas paragrafit 2 i cili bëhet paragraf 3 shtohet paragrafi i ri 4, si vijon:

"Mënyrën, procedurat dhe kriteret më të përafërta varësisht nga lloji i sëmundjes, lëndimi apo nevoja për kurim të anëtarit të sëmurë nga familja më e ngushtë dhe për kohëzgjatjen e ndërprerjes së punës nga paragrafi 1 dhe 2 i këtij neni, i përcakton Fondi me akte të përgjithshme për të cilat jep pajtim ministri i Shëndetësisë".

Paragrafi 3 bëhet paragraf 5.

Neni 9

Në nenin 22 paragrafi 2 fjalët: "deri në ditën e përcaktimit të invaliditetit, por", fshihen.

Pas paragrafit 2 shtohet paragraf i ri 3, si vijon:

"Nëse organi kompetent për vlerësimin e aftësisë së punës nuk ia përcakton invaliditetin në afatin nga paragrafi 2 të këtij neni siguruesit, Fondi do t'i paguajë kompensimin e rrogës prej 61 ditësh nga dita e udhëzimit deri në ditën e përcaktimit të invaliditetit, ndërsa mjetet do t'i rikthejë Fondi i Sigurimit Pensional-Invalidor i Maqedonisë."

Neni 10

Në nenin 31 pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2, si vijon:

"Për realizimin e të drejtave të caktuara me këtë ligj zbatohen dispozitat e parashkrimit nga Ligji për marrëdhëniet obliguese. ''

Neni 11

Në nenin 55 paragrafi 2 ndryshon si vijon:

"Këshilli drejtues përbëhet prej 7 anëtarësh të cilët i emëron dhe shkarkon Qeveria e Republikës së Maqedonisë në afat prej katër vjetësh dhe atë:

- një përfaqësues të propozuar nga Ministria e Shëndetësisë,
- një përfaqësues të propozuar nga Ministria e Financave,
- një përfaqësues të propozuar nga Lidhja e Sindikatave të Maqedonisë,
- një përfaqësues të propozuar nga Oda Ekonomike,
- një përfaqësues të propozuar nga Oda e Mjekëve të Maqedonisë dhe Oda Stomatologjike e Maqedonisë,
- një përfaqësues të propozuar nga Shoqata e pensionistëve, dhe
- një përfaqësues të të siguruarve të propozuar nga Shoqata e konsumatorëve.

Paragrafi 3 ndryshon si vijon:

"Këshilli drejtues ka kryetar dhe zëvendëskryetar nga përfaqësuesit e emëruar të Ministrisë së Shëndetësisë dhe Ministrisë së Financave, të cilët ndërrohen me alternativë pas një viti gjatë mandatit."

Pas paragrafit 3 shtohet paragraf i ri 4, si vijon:

"Për anëtarë të Këshillit drejtues propozohen personat të cilët kanë arsim sipëror dhe përvojë pune nga puna financiare apo nga sistemi dhe organizimi i mbrojtjes shëndetësore dhe sigurimi shëndetësor, me ç'rast të mbahet llogari për përfaqësimin përkatës dhe të drejtë të qytetarëve të të gjitha bashkësive."

Neni 12

Në nenin 56 paragrafi 1 pika 12 ndryshon si vijon:

"12) shpall konkurs për emërimin e drejtorit të Fondit,"

Në paragrafin 2 pas fjalës "anëtarë" shtohet presje dhe fjalët "me ç'rast vendimet e Këshillit drejtues konsiderohen si të marra vetëm nëse për to kanë votuar pozitivisht edhe përfaqësuesit nga neni 55 paragrafi 3 i këtij ligji."

Neni 13

Pas nenit 56 shtohet nen i ri 56–a si vijon:

"Neni 56-a

Anëtari i Këshillit drejtues shkarkohet edhe para skadimit të afatit për të cilin është emëruar:

- me kërkesën e tij,
- nëse mungon në mbledhjet e Këshillit drejtues pa arsye së paku dy herë me radhë,
- nëse i është ndërprerë baza në bazë të së cilës është propozuar,
- nëse konstatohet në mënyrë plotësuese se ka personalisht, përmes personit të tretë ose në çfarëdo baze interesa, të cilat mund të kenë çfarëdo ndikimi në pavarësinë dhe paanësinë e tij dhe
- nëse punon në kundërshtim me ligjin. ''

Neni 14

Në nenin 57 paragrafi 3 pas fjalës "arsimim" pika fshihet dhe shtohen fjalët: "nga sfera e ekonomisë, drejtësisë, mjekësisë apo menaxhmentit shëndetësor dhe ka së paku gjashtë vjet përvojë pune në sferën e financave, mbrojtjes shëndetësore apo sigurimit shëndetësor".

Në paragrafin 4 fjalët "i emëron Këshilli drejtues" zëvendësohen me fjalët: "emërohen".

Paragrafi 5 ndryshon si vijon:

"Drejtorin e Fondit dhe zëvendësdrejtorin, sipas konkursit të zbatuar nga paragrafi 4 i këtij neni, me propozimin e ministrit të Shëndetësisë, e emëron Qeveria e Republikës së Maqedonisë ''

Neni 15

Në nenin 58 paragrafi 1 alineja 4 pas fjalëve: "zbatimit të" shtohen fjalët: "vendimet e Këshillit drejtues".

Neni 16

Në nenin 59 paragrafi 1 në fjalinë hyrëse fjalët: "Këshilli drejtues" zëvendësohen me fjalët "Qeveria e Republikës së Maqedonisë, me propozimin e ministrit të Shëndetësisë,".

Në paragrafin 1 pas alinesë 5 shtohet aline e re 6, si vijon:

"- vendos për rindarjen apo shfrytëzimin në mënyrë të padestinuar të mjeteve të përcaktuara në Buxhetin e Fondit pa vendimin e Këshillit drejtues,"

Paragrafi 2 fshihet.

Neni 17

Në nenin 61 paragrafi 1 alineja 6 fshihet.

Në paragrafin 2 fjala "Kuvendi" zëvendësohet me fjalën "Qeveria".

Neni 18

Titulli para nenit 64 dhe neni 64 fshihen.

Neni 19

Në nenin 65 pas paragrafit 3 shtohet paragrafi i ri 4, si vijon:

""Mbikëqyrje mbi zbatimin e ligjeve dhe dispozitave të nxjerra në bazë të Ligjit për sigurim shëndetësor lidhur me realizimin e të drejtave të të siguruarve dhe personave të siguruar, kryen inspeksioni shëndetësor ''

Neni 20

Në nenin 67 paragrafi 1 pas fjalës "punë" shtohen fjalët: "dhe analizë për punën ekonomike-financiare të Fondit dhe institucioneve publike shëndetësore".

Në paragrafin 2 pas fjalës "raport" shtohen fjalët "dhe analizë për punën ekonomike - financiare të Fondit dhe institucioneve publike shëndetësore".

Neni 21

Në nenin 68 pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2, si vijon:

"Institucionet shëndetësore janë të obliguara që mjetet e nevojshme për sigurimin e sasisë së caktuar të shërbimeve shëndetësore që t'i shfrytëzojnë në mënyrë të destinuar në pajtim me limitet e përcaktuara buxhetore. ''

Paragrafët 2 dhe 3 bëhen paragrafë 3 dhe 4.

Në paragrafin 4 i cili bëhet paragraf 5 numri "3" zëvendësohet me numrin "4".

Neni 22

Në nenin 69 paragrafi 1 pas fjalës "institucionet'' shtohen fjalët: ,,mënyra e lidhjes së marrëveshjeve''.

Pas alinesë 3 shtohet aline e re 4, si vijon:

"- mjetet e caktuar në Buxhetin e Fondit sipas destinimeve".

Alineja 4 bëhet aline 5.

Neni 23

Pas nenit 69 shtohen dy nene të reja neni 69-a dhe neni 69-b, si vijojnë:

"Neni 69-a

Fondi paraqet raporte mujore për realizimin e mjeteve të buxhetit të Fondit dhe transferimeve të kryera në institucionet shëndetësore në Ministrinë e Shëndetësisë dhe në Ministrinë e Financave, më së voni deri në fund të muajit në vijim për muajin paraprak.

Institucionet shëndetësore janë të obliguar që në Ministrinë e Shëndetësisë dhe në Fond të paraqesin raporte mujore për punën dhe për realizimin e mjeteve të bartura nga Buxheti i Fondit, më së voni deri më datën 15 në muajin në vijim për muajin paraprak.

Mënyrën e kryerjes së transferimeve në institucionet shëndetësore dhe përmbajtjen e formularëve të raporteve mujore, i përcakton Fondi me akt të përgjithshëm për të cilin jep pajtim ministri i Shëndetësisë.

Në rast të nevojës së domosdoshme që nuk është planifikuar, drejtori i institucionit shëndetësor mund të kryejë ridedikimin e mjeteve në lartësi deri më 10 % të mjeteve të përgjithshme të planifikuara për muajin në vijim pas pajtimit paraprak nga Këshilli drejtues të Fondit.

Në rast epidemie apo gjendjeje tjetër të jashtëzakonshme, drejtori i institucionit shëndetësor mund t'i ridedikojë mjetet pa pajtimin e Këshillit drejtues të Fondit, për çka menjëherë do ta lajmërojë Fondin dhe Ministrinë e Shëndetësisë, dhe do t'i arsyetojë shkaqet për ridedikimin e mjeteve.

Neni 69-b

Fondi rregullisht, në bazë të raporteve të institucioneve shëndetësore nga neni 69-a paragrafi 2 të këtij ligji dhe lajmërimeve për ridedikimet e kryera nga neni 69-a paragrafi 4 dhe 5 të këtij ligji, përcjell realizimin e mjeteve të përcaktuara të nevojshme për sigurimin e sasisë së përcaktuar të shërbimeve shëndetësore.

Fondi, në bazë të rezultateve të arritura në tremujorin paraprak, në muajin e parë të ardhshëm bën vlerësimin për mënyrën e shfrytëzimit të mjeteve, për shkak të sigurimit të punës stabile dhe likuide të Fondit.

Neni 24

Në nenin 70 pas paragrafit 2 shtohet paragraf i ri 3, si vijon:

"Institucioni shëndetësor nga paragrafi 1 i këtij neni është i obliguar të ofrojë shërbime shëndetësore në kuadër të marrëveshjes nga paragrafi 2 të këtij neni dhe në vend të dukshëm të spikasë se cilat shërbime i siguron përmes marrëveshjes në ngarkesë të mjeteve të Fondit."

Neni 25

Në nenin 71 pas paragrafit 2 shtohet paragraf i ri 3, si vijon:

"Fondi është i obliguar që ta lajmërojë Ministrinë e Shëndetësisë për institucionet shëndetësore, të cilat në mënyrë të pa destinuar dhe jo ekonomike i kanë shfrytëzuar mjetet pas kontrollit të kryer të institucionit shëndetësor. ‘‘

Neni 26

Në nenin 84 paragrafi 1 pas pikës 4 shtohen tri pika të reja 5, 6 dhe 7, si vijojnë:

"5) nëse në afatin e caktuar nuk paraqet raporte mujore për punën me realizimin e mjeteve të bartura nga Buxheti i Fondit,

6) nëse në rast të nevojës së domosdoshme ridedikon mjete pa pajtimin paraprak të Këshillit drejtues të Fondit,

7) nëse në rast epidemie apo gjendjeje tjetër të jashtëzakonshme nuk e lajmëron Fondin dhe Ministrinë e Shëndetësisë dhe nuk i arsyeton shkaqet për ridedikimin e mjeteve. ‘‘

Pika 5 bëhet pikë 8.

Neni 27

Dispozita e nenit 2 pika 10-a e këtij ligji nuk ka të bëjë me mbarësimet artificiale të bëra deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 28

Fondi do t'i nxjerrë aktet e përgjithshme të parapara me këtë ligj më së voni në afat prej tre muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 29

Anëtarët e Këshillit drejtues, sipas kushteve të përcaktuara me këtë ligj, do t'i emërojë Qeveria e Republikës së Maqedonisë në afat prej gjashtë muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 30

Deri në emërimin e drejtorit sipas kushteve të këtij ligji, drejtori ekzistues i Fondit vazhdon ta kryejë obligimin e drejtorit, por jo më gjatë se deri në skadimin e mandatit të tij.

Neni 31

Autorizohet Komisioni juridiko-ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë të verifikojë tekstin e spastruar të tekstit të Ligjit për sigurim shëndetësor.

Neni 32

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

---

**1113.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 јули 2005 година.

Бр. 07-2945/1
26 јули 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување (“Службен весник на Република Македонија” број 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 5/2001, 50/2001, 85/2003, 50/2004 и 4/2005) во членот 17 се додава нов став 3, кој гласи:

“Осигуреник избран на непосредни избори во претставничкиот дом, како и членовите на неговото семејство можат да стекнат право на пензија по престанувањето на мандатот под услови, на начин и постапка утврдени со посебен закон.”

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

---

## L I G J I
## PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SIGURIMIN PENSIONAL DHE INVALIDOR

Neni 1

Në Ligjin për sigurimin pensional dhe invalidor (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 5/2001, 50/2001, 85/2003, 50/2004 dhe 4/2005) në nenin 17 shtohet paragraf i ri 3, si vijon:

“I siguruari i zgjedhur në zgjedhje të drejtpërdrejta në dhomën e përfaqësuesve, si dhe anëtarët e familjes së tij mund të fitojnë të drejtën e pensionit pas pushimit të mandatit nën kushte, në mënyrë dhe procedurë të përcaktuar me ligj të veçantë.”

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1114.**

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за одбрана (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2001 и 5/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3 октомври 2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ЕДИНИЦА НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ВЕЖБОВНИ АКТИВНОСТИ ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА

1. За учество на вежбата “EAGLE S.A.R-05“ (во натамошниот текст: Вежбата) која ќе се одржи во Република Албанија-Тирана, заедно со припадниците на армиите на Република Албанија, Република Хрватска, Република Грција, Република Италија и претставници од НАТО, во периодот од 3-ти до 8-ми октомври 2005 година, се испраќа една единица во состав од деветнаесет припадници од постојаниот состав на Армијата на Република Македонија, од воздухопловната и копнената компонента, со задача за пребарување и спасување на преживеани во воздухопловна и морска катастрофа, со опрема и средства потребни за изведување на Вежбата.

2. Финансиските трошоци за реализација на Вежбата ги обезбедува земјата домаќин Република Албанија.

3. Подготовките и организацијата на учесниците на Вежбата ќе ги изврши Министерството за одбрана.

4. По завршувањето на активностите од Вежбата, Министерството за одбрана поднесува извештај пред Владата на Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-3689/1
3 октомври 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

**1115.**

Врз основа на член 34 став 2 од Законот за трговија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 16/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.09.2005 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СТОКИТЕ НА ФОРМИ НА ИЗВОЗ И УВОЗ

Член 1

Во Одлуката за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз ("Службен весник на Република Македонија" бр. 91/04) во Прилогот број 1, во Глава 28-Неоргански хемиски производи; органски или неоргански соединенија од благородни метали, од метали на ретка земја, од радиоактивни елементи или од изотопи, тарифната ознака 2835 31 00 00-Натриумтрифосфат (натриум триполифосфат), во колоната увоз ознаката "Д4" се заменува со ознака "Д1".

Во Прилогот број 1, после Главата 32 се додава нова Глава 34 која гласи:

**ГЛАВА 34**
**САПУН, ОРГАНСКИ ПОВРШИНСКИ АКТИВНИ СРЕДСТВА, ПРЕПАРАТИ ЗА ПЕРЕЊЕ, ПРЕПАРАТИ ЗА ПОДМАЧКУВАЊЕ, ВЕШТАЧКИ ВОСОЦИ, ПРИГОТВЕНИ ВОСОЦИ, ПРЕПАРАТИ ЗА ПОЛИРАЊЕ ИЛИ ЧИСТЕЊЕ, СВЕЌИ И СЛИЧНИ ПРОИЗВОДИ, ПАСТИ ЗА МОДЕЛИРАЊЕ, "ЗАБАРСКИ ВОСОЦИ" И ЗАБАРСКИ ПРЕПАРАТИ ВРЗ БАЗА НА ГИПС**

| Тар.озн. | Наименување | Извоз | Увоз |
|---|---|---|---|
| 3402 | Органски површински активни средства (освен сапун); површински активни препарати, препарати за перење (вклучувајќи помошни препарати за перење) и препарати за чистење, со додаток или без додаток на сапун, освен оние од тар. бр. 3401: | | |
| 3402 20 | - Препарати приготвени за продажба на мало: | | |
| 3402 20 90 00 | -- Препарати за перење и препарати за чистење........................... | | Д5* |

* Забраната за увоз се однесува за прашок за машинско перење на текстилни производи, подготвени во форма или пакување за продажба на мало, со содржина на фосфор во органска или неорганска форма со над 0,5% тежински.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-3462/1
26 септември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Минчо Јорданов**, с.р.

**1116.**

Врз основа на член 6, став 2 од Законот за концесии ("Службен весник на Република Македонија" бр. 25/02 и 24/03) и член 86 од Законот за минералните суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 18/99 и 29/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.09.2005 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ КОНЦЕСИЈА ЗА ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНАТА СУРОВИНА - МИНЕРАЛНА ВОДА И ГАС НА „ХОРИЗОНТИ-ФХ" ДООЕЛ КУМАНОВО, НА ЛОКАЛИТЕТОТ „МАЛИЧЕВА ЧЕШМА" С. ЛИПКОВО -КУМАНОВО

1. На „ХОРИЗОНТИ-ФХ" ДООЕЛ Куманово, се дава концесија за геолошки истражувања на минералната суровина - минерална вода и гас на локалитетот „Маличева Чешма" с. Липково - Куманово, со површина на простор на концесија за експлоатација дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките дефинирани со координати како е дадено во табелава, и тоа:

| ТОЧКА | КООРДИНАТА-Х | КООРДИНАТА-У |
|---|---|---|
| Т-1 | 4.669.042,00 | 7.549.080,00 |
| Т-2 | 4.669.112,00 | 7.549.080,00 |
| Т-3 | 4.669.112,00 | 7.549.130,00 |
| Т-4 | 4.669.042,00 | 7.549.130,00 |

Површината на просторот на експлоатационото поле од точка 1 на оваа одлука изнесува Р=0,0035 $km^2$.

2. Времетраењето на дадената концесија од точка 1 на оваа одлука, ќе се определи во Договорот за концесија согласно Законот за минералните суровини.

3. Висината на надоместокот за дадената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се определи во Договорот за концесија, согласно Одлуката за определување на критериуми за висината на надоместокот за концесии за вршење детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 22/03).

4. Начинот, роковите и гаранцијата за плаќањето на надоместоците ќе се определи во Договорот за концесија.

5. Како почеток на концесијата ќе се смета денот на потпишувањето на Договорот за концесија.

6. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-3484/1
26 септември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Минчо Јорданов**, с.р.

**1117.**

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/05) и член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03 и 55/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.09.2005 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Се утврдува дека на досегашниот корисник Македонска радио - телевизија - Скопје, му престанува правото на користење на градежно земјиште во сопственост на Република Македонија кое претставува:

К.П. бр. 12852/2, КО Центар I, во површина од 245 $м^2$, заведено во имотен лист бр. 9157, КО Центар I.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1071/1-04
26 септември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Минчо Јорданов**, с.р.

**1118.**

Врз основа на член 11, точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/02 и 40/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.09.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2004 ГОДИНА**

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија за 2004 година бр. 02-4995/2 од 13.06.2005 година, усвоен од Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, на седницата одржана на 13.06.2005 година

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-2496/1
26 септември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Минчо Јорданов**, с.р.

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**1119.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 22, а во врска со член 10 став 1 алинеја 7, член 12 став 1 алинеја 2 и член 29 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04 и 61/05), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИНТРАДНЕВЕН КРЕДИТ**

1. Со оваа Одлука се регулираат условите и начинот за одобрување на кредит заради непречено извршување на платните трансакции на банките (во понатамошниот текст: интрадневен кредит).

2. Народна банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народна банка) одобрува интрадневен кредит на банка преку склучување на репо трансакција со рок на достасување во текот на истиот ден.

На износот на интрадневниот кредит Народна банка не наплаќа камата.

3. Како инструменти за обезбедување на интрадневниот кредит се користат хартиите од вредност наведени во Листата на хартии од вредност за спроведување на монетарни операции.

4. Интрадневен кредит се одобрува на барање на банката.

Народна банка има право да го ограничи одобрувањето или да го одбие барањето за интрадневен кредит.

5. Барањето за склучување на интрадневен кредит ги содржи следниве елементи:

- паричен износ во денари;
- ознака на хартии од вредност (ИСИН, односно ознака на аукција);
- номинален износ на хартии од вредност;
- сметка во Македонскиот Интербанкарски Платен Систем (во понатамошниот текст: МИПС);
- сметка на хартии од вредност во Централен депозитар на хартии од вредност а.д. Скопје, доколку се користат хартии од вредност регистрирани кај оваа институција.

Барањето за интрадневен кредит банката го доставува до Народна банка преку Електронскиот систем на Народна банка за пазарни операции (во понатамошниот текст: Електронски систем), во текот на секој работен ден, најдоцна до моментот кога МИПС престанува со примање на пораки за пренос на средства од носителите на платниот промет за нивните клиенти, согласно терминскиот план на МИПС, и е неотповикливо.

6. За одобрениот интрадневен кредит преку Електронскиот систем се изготвува заклучница согласно Генералниот репо договор.

7. Банката е должна да го врати интрадневниот кредит најдоцна до моментот кога МИПС престанува со примање на пораки за пренос на средства од носителите на платниот промет за нивните клиенти.

Доколку банката не го врати интрадневниот кредит до утврдениот термин, може да поднесе барање за претворање на интрадневниот кредит во ломбарден кредит согласно Одлуката за расположлив кредит преку ноќ.

8. Доколку банката не го врати интрадневниот кредит и не поднесе барање за претворање на интрадневниот кредит во ломбарден кредит, Народна банка го наплаќа интрадневниот кредит и сите побарувања по истиот со целосно зафаќање на инструментот за обезбедување.

Спрема банката која не го вратила интрадневниот кредит Народна банка има право да превземе и други мерки.

9. Порамнувањето на интрадневниот кредит се врши врз основа на наведените елементи во заклучницата, а согласно Правилата за начинот и постапката за тргување и порамнување на трансакции со хартии од вредност на пазари преку шалтер, Стандардот за намена и формат на пораките МТ 199 во Системот на вкрстување, Стандардот за намена и формат на пораките во МИПС и Правилата за порамнување на трансакции со издадени благајнички записи.

10. Со денот на примена на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за условите за одобрување дневно пречекорување на сметката на банката во Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 53/02 и 19/03).

11. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува од 01.10.2005 година.

О. бр.02-15/VIII-1/2005
29 септември 2005 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

**1120.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 10, а во врска со член 16 став 3 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04 и 61/05), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИНСТРУМЕНТИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА МОНЕТАРНИ ОПЕРАЦИИ**

1. Со оваа Одлука се утврдуваат инструментите за обезбедување при спроведување на монетарни операции од страна на Народна банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народна банка) со банките.

Инструментите од став 1 на оваа точка служат за заштита на Народна банка од ризиците при спроведувањето на монетарните операции.

Примената на инструментите за обезбедување се врши на начин кој обезбедува еднаков третман на сите банки при спроведувањето на монетарните операции.

2. Народна банка како инструменти за обезбедување прифаќа висококвалитетни и ликвидни хартии од вредност, издадени од првокласни издавачи, регистрирани во депозитарот на благајнички записи на Народна банка и во Централен депозитар на хартии од вредност а.д. Скопје.

3. При спроведување на монетарни операции за обезбедување на денарска ликвидност во банкарскиот систем, номиналниот износ на хартиите од вредност во однос на одобрените парични средства е повисок за утврден процент на покритие, кој зависи од преостанатиот рок до достасување на хартиите од вредност, независно од рокот на кој се издадени хартиите од вредност.

При спроведување на монетарни операции за повлекување на денарска ликвидност од банкарскиот систем преку репо трансакции, процентот на покритие изнесува нула односно номиналниот износ на хартиите од вредност е во висина на повлечените парични средства.

4. Хартиите од вредност кои Народна банка ги прифаќа како инструменти за обезбедување, како и процентот на покритие се утврдуваат во "Листа на хартии од вредност за спроведување на монетарни операции", која ја донесува гувернерот.

"Листата на хартии од вредност за спроведување на монетарни операции" се објавува во "Службен весник на Република Македонија" и на Електронскиот систем на Народна банка за пазарни операции.

5. Со денот на започнување на примена на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на инструменти за обезбедување кредити ("Службен весник на РМ" бр. 53/02 и 19/03).

6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува од 01.10.2005 година.

О. бр.02-15/VIII-2/2005
29 септември 2005 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

---

**1121.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 22, а во врска со член 16 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04 и 61/05), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

## О Д Л У К А
## ЗА РАСПОЛОЖЛИВ КРЕДИТ ПРЕКУ НОЌ

1. Со оваа Одлука се регулираат условите и начинот за одобрување на расположлив кредит преку ноќ, заради задоволување на краткорочни ликвидносни потреби на банките (во понатамошниот текст: ломбарден кредит).

2. Народна банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народна банка) одобрува ломбарден кредит на банка преку склучување на репо трансакција со рок на достасување од еден работен ден (преку ноќ).

На износот на ломбардниот кредит Народна банка наплаќа камата согласно Одлуката за каматни стапки на Народна банка.

3. Како инструменти за обезбедување на ломбардниот кредит се користат хартиите од вредност наведени во Листата на хартии од вредност за спроведување на монетарни операции.

4. Ломбардниот кредит се одобрува на барање на банката.

Народна банка има право да го ограничи одобрувањето или да го одбие барањето за ломбарден кредит.

5. Барањето за склучување на ломбарден кредит, односно барањето за претворање на интрадневен кредит во ломбарден кредит ги содржи следниве елементи:

- паричен износ во денари;
- ознака на хартии од вредност (ИСИН, односно ознака на аукција);
- номинален износ на хартии од вредност;
- сметка во Македонскиот Интербанкарски Платен Систем (во понатамошниот текст: МИПС);
- сметка на хартии од вредност во Централен депозитар на хартии од вредност а.д. Скопје, доколку се користат хартии од вредност регистрирани кај оваа институција.

Барањето за ломбарден кредит односно барањето за претворање на интрадневен кредит во ломбарден кредит банката го доставува до Народна банка преку Електронскиот систем на Народна банка за пазарни операции (во понатамошниот текст: Електронски систем), во текот на секој работен ден, од моментот кога МИПС престанува со примање на пораки за пренос на средства од носителите на платниот промет за нивните клиенти до моментот кога МИПС престанува да прима пораки за пренос на средства од носителите во платниот промет, согласно терминскиот план на МИПС, и е неотповикливо.

6. За одобрениот ломбарден кредит преку Електронскиот систем се изготвува заклучница согласно Генералниот репо договор.

7. Банката е должна да го врати ломбардниот кредит наредниот работен ден на МИПС, како прва платна трансакција иницирана од страна на банката.

8. Доколку банката не го врати ломбардниот кредит, Народна банка го наплаќа ломбардниот кредит и сите побарувања по истиот со целосно зафаќање на инструментот за обезбедување.

Спрема банката која не го вратила ломбардниот кредит Народна банка има право да превземе и други мерки.

9. Порамнувањето на ломбардниот кредит се врши врз основа на наведените елементи во зклучницата, а согласно Правилата за начинот и постапката за тргување и порамнување на трансакции со хартии од вредност на пазари преку шалтер, Стандардот за намена и формат на пораките МТ 199 во Системот на вкрстување, Стандардот за намена и формат на пораките во МИПС и Правилата за порамнување на трансакции со издадени благајнички записи.

10. Со денот на започнување на примена на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за ломбарден кредит ("Службен весник на РМ" бр. 11/03).

11. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува од 01.10.2005 година.

О. бр.02-15/VIII-3/2005
29 септември 2005 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

---

**1122.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04 и 61/05), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КАМАТНИТЕ СТАПКИ НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за каматните стапки на Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 51/04 и 85/04) точката 3 се менува и гласи:

"Каматните стапки на монетарните операции за обезбедување на денарска ликвидност во случај на примена на тендер со каматни стапки се утврдуваат аукциски, а во случај на примена на тендер со износи ги утврдува Гувернерот".

2. Во точка 4 став 1 зборовите: "ломбардните кредити и девизните своп трансакции, кои Народна банка ги одобрува преку ноќ" се заменуваат со зборовите "расположливиот кредит преку ноќ";

Во точка 4 став 2 зборот "кредитите" се заменува со зборот "кредитот".

3. Точката 7 се менува и гласи:

"Каматните стапки на монетарните операции за повлекување на денарска ликвидност во случај на примена на тендер со каматни стапки се утврдуваат аукциски, а во случај на примена на тендер со износи ги утврдува Гувернерот".

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува од 01.10.2005 година.

О. бр.02-15/VIII-4/2005
29 септември 2005 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

---

**1123.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 2, а во врска со член 15 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04 и 61/05), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗДАВАЊЕ, ТРГУВАЊЕ И ИСПЛАТА НА БЛАГАЈНИЧКИ ЗАПИСИ НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Општи одредби

1. Со оваа Одлука се утврдуваат условите и начинот за издавање, тргување и исплата на благајнички записи во денари на Народна банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: благајнички записи).

2. Народна банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народна банка) во согласност со рамките на утврдената проекција на монетарната политика и краткорочните ликвидносни проекции за потребната маса на примарни пари, одлучува за издавање на благајнички записи.

3. Издавањето на благајнички записи опфаќа иницијална продажба на благајнички записи од страна на Народна банка и нивно регистрирање.

4. Благајничките записи се продаваат на аукции кои ги спроведува Народна банка.

Право на учество на аукциите имаат сите банки.

5. Благајничките записи се регистрираат како електронски записи во депозитарот на благајнички записи на Народна банка (во понатамошниот текст: депозитар).

6. Благајничките записи се продаваат по дисконтиран износ, а се регистрираат по номинален износ.

7. Со издадените благајнички записи може да се тргува на секундарен пазар помеѓу банки, со склучување на дефинитивни и репо трансакции.

Тргувањето со благајничките записи на секундарен пазар се врши заклучно со работниот ден кој претходи на денот на достасување на благајничките записи.

Порамнувањето на склучените дефинитивни и репо трансакции со благајнички записи се врши согласно Правила за порамнување на трансакции со издадени благајнички записи, кои ги донесува Гувернерот на Народна банка.

8. На денот на достасување на благајничките записи, Народна банка врши исплата на номиналниот износ на благајничките записи.

### Аукции на благајнички записи

9. Гувернерот на Народна банка во согласност со целите и насоките на монетарната политика, а во зависност од тековните движења на финансиските пазари, го утврдува типот на тендер за спроведување на аукција на благајнички записи: тендер со износи или тендер со каматни стапки.

10. При тендер со износи (волуме тендер), износот и каматната стапка на аукцијата се утврдени од страна на Народна банка, а банките аукцираат само со износи.

11. При тендер со каматни стапки (интерест рате тендер), Народна банка го објавува износот на аукцијата, а банките аукцираат и со износи и со цени (каматни стапки). Средствата се алоцираат по цени (каматни стапки) од понудите на банките (американски тип на аукција).

Народна банка има право да утврди минимална цена (максимална каматна стапка).

### I. Редовни аукции

12. Народна банка спроведува редовни аукции согласно утврдени термини на одржување.

#### а) Објавување на проспект за аукција

13. Народна банка, во 10:00 часот на денот на одржување на аукцијата, преку Електронски систем на Народна банка за пазарни операции (во понатамошниот текст Електронски систем), упатува проспект до сите банки, во кој се наведени условите за учество на аукцијата.

14. Во Проспектот се наведуваат:

- датумот на одржување на аукцијата;
- времето на одржување и времето на прием на понуди за учество на аукцијата;
- типот на тендерот за спроведување на аукцијата;
- ознака на аукција во следниот формат CBYYYY/NNN-DDD, при што:
- кратенката ЦБ означува дека станува збор за записи на централната банка;
- броевите YYYY ја означуваат годината кога записите се продадени;
- NNN претставува реден број на аукцијата која се одржува во тековната година, и
- во DDD се наведува бројот на денови на достасување на благајничките записи.
- датумот на достасување на благајничките записи;
- износот на благајнички записи (изразен во денари), кој Народна банка го нуди за продажба на аукцијата;
- цената наведена со точност од 4 децимали, кај тендер со износи, и
- сметка за уплата за благајнички записи.

#### б) Понуди за аукции

15. Банките учествуваат на аукциите со доставување понуди за купување на благајнички записи.

16. Понудите се доставуваат до Народна банка во периодот од 12:30 до 13:00 часот на денот на одржувањето на аукцијата.

Понудите за учество на аукцијата учесниците ги доставуваат преку Електронскиот систем, со користење на сопственото корисничко име и лозинка. Во времето за прием на понудите Народна банка нема увид во податоците кои учесниците ги наведуваат во понудите.

Народна банка е должна да обезбеди тајност на условите понудени од учесниците на аукциите.

17. Елементите кои треба да бидат содржани во понудата на секој учесник на аукцијата зависат од типот на тендерот.

18. Во случај на тендер со каматни стапки, во понудата се наведува цена (каматна стапка) со точност од четири децимали и износ со кој учесникот аукцира. Во овој случај, секој учесник може да достави неколку понуди за учество на аукцијата, со различни цени (каматни стапки).

Цената на 100 единици номинален износ на благајнички записи се пресметува по формулата:

$$C = \frac{100}{\sqrt[\frac{365}{D}]{1 + \frac{KS}{100}}}$$

Каде,
KC - каматна стапка на годишно ниво
D - број на денови на достасување

19. Доколку Народна банка спроведува тендер со износи, учесниците аукцираат само со износот.

20. Минималниот износ за учество на аукцијата изнесува 1.000.000 денари. Секое зголемување над минималниот износ се врши со додавање на заокружени износи од 100.000 денари.

21. Доставените понуди се неотповикливи по истекот на утврдениот термин за прием на понуди.

22. Понудите кои не ги исполнуваат условите предвидени во оваа Одлука не се прифаќаат.

**в) Принципи на распоредување на понудите и резултати од аукцијата**

23. По истекот на времето за прием на понуди, во периодот од 13:00 до 13:15 часот, зависно од типот на тендерот, Народна банка ги распоредува понудите спрема одредени принципи.

Во случај кога Народна банка спроведува тендер со износи, а вкупната побарувачка ја надминува понудата, понудите се распределуваат сразмерно на аукцираниот износ за купување на благајнички записи (принцип за сразмерна распределба).

Во случај кога Народна банка спроведува тендер со каматни стапки тогаш понудите се распоредуваат според понудената цена (каматна стапка) почнувајќи од највисоката цена (најниска каматна стапка) - принцип на приоритет на понудената цена (каматна стапка). Доколку се случи повеќе учесници да понудат иста цена (каматна стапка), а вкупната побарувачка ја надминува понудата, понудите се распределуваат сразмерно на аукцираниот износ за купување на благајнички записи (принцип за сразмерна распределба).

Понудите се распределуваат согласно принципот на сразмерна распределба по формулата:

$$P = A * (V2 / V1)$$

Каде,
P=прифатен дел од понудата на учесникот, чија понудена цена е еднаква на најниската прифатена цена;
A=аукциран износ по најниска прифатена цена на учесникот;
V1= вкупен аукциран износ од сите понуди по најниска прифатена цена;
V2= вкупен износ кој издавачот ќе го прифати од сите понуди по најниска прифатена цена.

Доколку при сразмерната распределба, како резултат на математичко заокружување на распределените износи на 100.000 денари, се јави потреба од зголемување на реализираниот износ, Народна банка има право да го зголеми реализираниот износ во однос на понудениот.

Народна банка го задржува правото да ги одбие понудите со услови кои отстапуваат од пазарните движења.

24. Резултатите од аукцијата содржат успешни и неуспешни понуди.

Прифатените понуди се реализираат според понудените услови и во согласност со резултатите од аукцијата.

Сите неприфатени понуди на аукцијата остануваат без последици.

25. Народна банка по електронски пат ги известува банките дека се објавени резултатите од аукцијата.

Секој учесник преку Електронскиот систем има пристап до сопствените резултати од аукцијата.

26. Сите банки преку Електронскиот систем имаат пристап до вкупните резултати од секоја поединечна аукција.

27. Во случај на тендер со каматни стапки, вкупните резултати од аукцијата содржат податоци за вкупно реализираниот износ, за пондерираната (просечна) цена (каматна стапка) на аукцијата, како и за минималната и максималната цена (каматна стапка) од успешните понуди.

Пондерираната (просечна) цена се пресметува по формулата:

Пондерирана цена=

$$\frac{\sum_{i=1}^{n} C_i * P_i}{\sum_{i=1}^{n} P_i}$$

Каде,
C=цена на успешна понуда
P=износ на успешна понуда
n=број на успешни понуди.

**г) Реализирање на прифатените понуди**

28. Учесниците на аукцијата се должни за купените благајнички записи да извршат уплата на дисконтираниот износ истиот ден, по завршувањето на аукцијата на сметка на Народна банка.

Дисконтираниот износ се пресметува по формулата:

$$DI = \frac{NI * C}{100}$$

Каде,
DI - дисконтиран износ
NI - номинален износ
C - цена

29. По извршената уплата на благајничките записи од страна на банките, Народна банка ги вклучува доделените записи во портфолиото на банките во депозитарот.

30. Народна банка издава документи за потврда на сопственоста на благајничките записи, на барање на банката.

**II. Вонредни аукции**

31. Во случај на непланирани вишоци на ликвидност во банкарскиот систем, Народна банка може да упати проспект за вонредна аукција.

32. Вонредната аукција ги има истите карактеристики со редовната аукција со таа разлика што учесниците не се однапред информирани за денот на нејзиното одржување. Од оваа причина, Народна банка по телефонски пат ги известува учесниците за времето на одржување на вонредната аукција.

**III. Прекинување на процесот на аукција**

33. Прекинување на процесот на аукција на благајнички записи може да настане поради:

Прекин на електрично напојување;

Нефункционирање на комуникациска опрема и сервери;

Дејство на виша сила (вис мајор).

При настанување на било кој од горенаведените ризици, аукцијата на благајнички записи се поништува. За датумот и времето на одржување на следната аукција на благајнички записи, Народна банка дополнително ги известува банките.

**Казнени одредби**

34. Доколку банката не уплати соодветен износ на средства по основ на доделени благајнички записи на аукција на сметката за уплата на благајнички записи, Народна банка нема да ги регистрира во депозитарот и ќе пресмета затезна камата на износот на неуплатените средства.

Банките се должни да ја платат затезната камата согласно став 1 првиот работен ден од денот на настанување на обврската.

Народна банка го задржува правото покрај мерките од точка 34 да превземе и други мерки.

**Завршни одредби**

35. Со денот на започнување со примена на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за издавање, продажба, циркулација и исплата на благајнички записи на Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/02; 58/03 и 23/04).

36. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.10.2005 година.

О. бр.02-15/VIII-5/2005
29 септември 2005 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

---

**1124.**

Врз основа на точка 3 од Одлуката за утврдување на инструменти за обезбедување при спроведување на монетарни операции ("Службен весник на РМ" бр. 84/05), Гувернерот на Народна банка на Република Македонија донесе

**Л И С Т А**
**НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МОНЕТАРНИ ОПЕРАЦИИ**

1. Народна банка на Република Македонија при спроведување на монетарни операции со банките како инструменти за обезбедување ги прифаќа следниве хартии од вредност:

- благајнички записи на Народна банка на Република Македонија и
- државни записи на Република Македонија.

2. При спроведување на монетарни операции за обезбедување на денарска ликвидност во банкарскиот систем процентот на покритие изнесува:

| Преостанат рок до достасување на хартиите од вредност | Процент на покритие |
|---|---|
| до 1 месец | 1,25% |
| од 1 до 2 месеци | 2,50% |
| од 2 до 3 месеци | 3,75% |
| од 3 до 4 месеци | 5,00% |
| од 4 до 5 месеци | 6,25% |
| од 5 до 6 месеци | 7,50% |
| од 6 до 7 месеци | 8,75% |
| од 7 до 8 месеци | 10,00% |
| од 8 до 9 месеци | 11,25% |
| од 9 до 10 месеци | 12,50% |
| од 10 до 11 месеци | 13,75% |
| од 11 до 12 месеци | 15,00% |

Номиналниот износ на хартиите од вредност, кои служат за обезбедување на одобрените парични средства, се пресметува по следнава формула:

$$\text{номинален износ на хартии од вредност} = \text{одобрени парични средства} * \left(1 + \frac{\text{procent na pokritie}}{100}\right)$$

Добиениот номинален износ на хартиите од вредност од став 2 на оваа точка се заокружува нагоре на износ делив со 100.000 денари кај благајнички записи, односно со 10.000 денари кај државни записи.

3. Листата започнува да се применува на 01.10.2005 година.

4. Листата ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија" и на Електронскиот систем на Народна банка за пазарни операции.

Бр. 02-14/113-2005
29 септември 2005 година
Скопје

Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

---

**1125.**

Врз основа на точка 7 став 3 од Одлуката за издавање, тргување и исплата на благајнички записи на Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 84/05) Гувернерот на Народна банка на Република Македонија донесе

**П Р А В И Л А**
**ЗА ПОРАМНУВАЊЕ НА ТРАНСАКЦИИ СО ИЗДАДЕНИ БЛАГАЈНИЧКИ ЗАПИСИ**

1. Порамнувањето на трансакциите со благајнички записи на секундарен пазар се врши веднаш, но не подоцна од еден работен ден од денот на склучување на трансакцијата.

На денот на достасување на благајничките записи не се врши порамнување на трансакции.

2. Порамнувањето на трансакциите со благајнички записи на секундарен пазар се врши согласно принципот "испорака наспроти плаќање" кој обезбедува конечен пренос на сопственост на благајнички записи во депозитарот при истовремен пренос на парични средства во Македонскиот Интербанкарски Платен Систем (во понатамошниот текст: МИПС).

3. Учесници во порамнувањето на трансакциите со благајнички записи се банките и Народна банка кои доставуваат инструкции за порамнување на дефинитивни трансакции и репо трансакции со благајнички записи во улога на банка-купувач, односно банка-продавач.

Кај репо трансакции, купувачот од Генералниот репо договор доставува инструкции за порамнување, на датумот на купување како купувач на благајнички записи, а на датумот на реоткуп како продавач на благајнички записи. Продавачот од Генералниот репо договор доставува инструкции за порамнување, на датумот на купување како продавач на благајнички записи, а на датумот на реоткуп како купувач на благајнички записи.

4. Инструкциите за порамнување на трансакции со благајнички записи банките ги доставуваат до МИПС и до електронскиот систем на Народна банка за вкрстување на пораките за пренос на парични средства (поле за ДВП код) и пораките за пренос на сопственост на благајнички записи (во понатамошниот текст: Систем на вкрстување).

Инструкциите за порамнување на трансакции со благајнички записи банките ги доставуваат на денот на порамнување, од моментот кога МИПС им стои на располагање на носителите на платниот промет да доставуваат пораки за пренос на средства до моментот кога МИПС престанува да прима пораки за пренос на средства од носителите во платниот промет, согласно терминскиот план на МИПС.

Инструкциите за порамнување на трансакции со благајнички записи банките ги доставуваат во вид на стандардни електронски потпишани пораки за пренос на сопственост, односно за пренос на парични средства, согласно со Стандардот за намена и формат на пораките МТ 199 во Системот на вкрстување и Стандардот за намена и формат на пораките во МИПС.

При купување на благајнички записи, банката-купувач испраќа порака за пренос на парични средства од својата редовна сметка на редовната сметка на продавачот во МИПС. Пораката за пренос на парични средства содржи поле за ДВП код во кое се наведуваат инструкции за пренос на сопственост на благајнички записи.

При продавање на благајнички записи, банката-продавач испраќа порака за пренос на сопственост на благајнички записи до Системот на вкрстување.

Банките можат да ги откажат пораките за пренос на парични средства и пораките за пренос на сопственост на благајнички записи пред да настане нивно вкрстување и порамнување.

5. Системот на вкрстување врши контрола на елементите на пораката за пренос на парични средства (поле за ДВП код) и пораката за пренос на сопственост на благајнички записи и известува за настанати грешки.

По извршената контрола, Системот на вкрстување ги споредува елементите на пораката за пренос на парични средства и пораката за пренос на сопственост на благајнички записи.

Контролата и споредувањето на елементите на пораката за пренос на парични средства и пораката за пренос на сопственост на благајнички записи се врши согласно Стандардот за намена и формат на пораките МТ 199 во Системот на вкрстување.

6. Доколку не дојде до вкрстување на пораката за пренос на парични средства и пораката за пренос на сопственост на благајнички записи до истекот на периодот утврден во став 2 на точка 4 од овие Правила, пораките за пренос на сопственост на благајнички записи се сметаат за неважечки, а паричните средства се враќаат на банката купувач по автоматизам од страна на Системот на вкрстување.

Во случај на настанати грешки од став 1 на точка 5 од овие Правила и неважечки пораки од став 1 на оваа точка, порамнувањето на трансакцијата останува нереализирано и без последици за Народна банка.

7. Доколку дојде до вкрстување на пораката за пренос на парични средства и пораката за пренос на сопственост на благајнички записи, Народна банка ја проверува состојбата на благајнички записи на продавачот во депозитарот.

Доколку продавачот располага со доволен износ на благајнички записи, се врши истовремен пренос на парични средства и сопственост на благајнички записи.

Доколку продавачот не располага со доволен износ на благајнички записи, порамнувањето останува нереализирано и без последици за Народна банка.

8. Преку Системот на вкрстување банката купувач и банката продавач на благајнички записи се известуваат за исходот од порамнувањето.

9. Овие Правила влегуваат во сила со денот на нивното донесување, а ќе се применуваат од 01.10.2005 година.

10. Правилата ќе се објават во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-14/114-2005
29 септември 2005 година
Скопје

Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

---

**1126.**

Врз основа на член 69 став 1 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004 и 61/2005), а во врска со член 29 од Правилата за начин и постапка за тргување и порамнување на трансакции со хартии од вредност на пазари преку шалтер ("Службен весник на РМ" бр. 52/2005) и во врска со точка 4 од Правила за порамнување на трансакции со благајнички записи на Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 84/2005), гувернерот на Народна банка на Република Македонија донесе

## С Т А Н Д А Р Д
## ЗА НАМЕНАТА И ФОРМАТОТ НА ПОРАКИТЕ МТ199 ВО СИСТЕМОТ НА ВКРСТУВАЊЕ

### 1. Вовед

Учесниците во тргувањето и порамнувањето на трансакции со хартии од вредност склучени на пазарите преку шалтер и Учесниците во тргувањето и порамнувањето на трансакции со благајнички записи на Народна Банка на Република Македонија разменуваат инструкции во електронски облик со специјализирани пораки МТ199 и специјализирани пораки МТ103 за пренос на средства со DVP код.

Специјализираните пораки МТ199 и специјализирани пораки за пренос на средства МТ103 (код:DVP) ја имаат истата презентација, намена, формат и содржина како и пораките МТ103 - Порака за пренос на средства по барање на клиент и МТ199 - Порака во слободен формат, кои се детално опишани во документот „Стандард за намената и форматот на пораките во МИПС".

Во овој документ се опишани само инструкциите во специјализираните пораки МТ199 и МТ103 (код:DVP) кои се праќаат од страна на Учесниците/ЦДХВ до Системот на вкрстување и инструкциите во специјализираните пораки МТ199 што ги праќа Системот на вкрстување до Учесниците/ЦДХВ.

Инструкциите кои се содржани во пораките МТ199 Учесниците/ЦДХВ и Системот на вкрстување ги презентираат во поле :79:.

Инструкциите кои се содржани во специјализираните пораки МТ103(код:DVP) Учесниците ги презентираат во поле :72:.

Праќањето на соодветна специјализирана порака МТ103(код:DVP)/МТ199 претставува издавање соодветна наредба на Системот на вкрстување да изврши некоја операција, согласно со намената и содржината на пораката.

Примањето на соодветна порака МТ103 (код:DVP) /МТ199 значи информирање на учесникот за некое дејствие на Системот на вкрстување и учесникот е должен да реагира согласно со намената и содржината на пораката.

Презентацијата, намената, форматот и содржината на сите останати пораки кои што учесниците ги праќаат и ги примаат согласно со операциите на порамнување на трансакции со хартии од вредност на пазари преку шалтер и операциите на порамнување на благајнички записи на Народна Банка на Република Македонија, се детално опишани во документот „Стандард за намената и форматот на пораките во МИПС".

За извршување на операциите на порамнување на трансакции со хартии од вредност на пазари преку шалтер и операциите на порамнување на трансакции со благајнички записи на Народна Банка на Република Македонија, Системот на вкрстување го користи BIC кодот: NBRMMK2XDHV, ЦДХВ го користи BIC кодот: CDHVMK21DHV, а учесниците ги користат своите BIC кодови.

### 2. Генерални правила

#### 2.1. Единствен клуч на порака МТ103 (код:DVP) во Системот на вкрстување

Единствениот клуч на пораката МТ103 (код:DVP) во Системот на вкрстување е ист како и единствениот клуч на платни пораки кој е детално опишан во Генералните правила во документот „Стандард за намената и форматот на пораките во МИПС".

#### 2.2. Единствен клуч на порака МТ199 во Системот на вкрстување

Пораките МТ199 коишто се праќаат од страна на учесниците и ЦДХВ до Системот на вкрстување и пораките МТ199 коишто се праќаат од Системот на вкр-

стување до учесниците и ЦДХВ, се идентификуваат со следната комбинација на полиња која се нарекува единствен клуч на порака МТ199:

- BIC код на Учесник/ЦДХВ/Систем на вкрстување (дел од поле :79:) примач на пораката МТ199-11 знаци;
- референца на трансакција (поле:20:) - 16 знаци;
- датум на порамнување-(дел од поле:79:)-6 знаци.

Датумот на порамнување мора секогаш да е еднаков со тековниот работен ден во МИПС.

Ако се испрати порака МТ199 во Системот на вкрстување со единствен клуч кој веќе е употребен во тековниот работен ден, тогаш истата порака МТ199 ќе биде одбиена од Системот на вкрстување и нема да биде предмет на понатамошна обработка.

Во случај на погрешна порака МТ199 во Системот на вкрстување, таа не може да се поправи и да се прати во Системот на вкрстување повторно со истата референца.

**2.3. Пополнување на поле :20: на специјализираните пораки МТ199 кои што ги генерира и ги праќа Системот на вкрстување**

Податокот во Поле :20: на специјализираните пораки МТ199 кои Системот на вкрстување ги праќа до Учесниците и ЦДХВ секогаш се генерира во следниот формат:

| Поле | Име на поле | Формат |
|---|---|---|
| 20 | Референца на трансакција | 1!a15x |

каде:

1!a - означува тип на генерирана порака, а

15x - означува реден број на генерирана порака.

Типот на генерирана порака МТ199 може да биде:

S-означува дека порака МТ199 содржи инструкции за порамнување или известување за порамнување;

Е- означува дека порака МТ199 содржи известување за грешка.

**2.4. Општи напомени**

Поле :79: на порака МТ199 мора да го содржи следниот код/TEXTMESSAGE/и BIC на Учесник/ЦДХВ/Систем на вкрстување кому се праќа пораката МТ199.

Поле:72: на порака МТ103 (код:DVP) мора да го содржи следниот код /DVP/.

По внесувањето на секој елемент од инструкциите во пораката МТ199 се внесува <CRLF>.

Вредноста на број на хартии од вредност и вредноста на номинален износ на благајнички записи е целобројна вредност и се прикажува без користење на знаци за делење цифри на групи.

Вредноста на паричниот износ се прикажува со точност од 2 децимали применувајќи сметководствен стандард на заокружување.

Вредностите за број на хартии од вредност, вредноста на номинален износ на благајнички записи, поединечна цена и паричен износ задолжително мора да бидат поголеми од 0 (нула). Кога се врши пренос на хартии од вредност без пренос на парични средства (free of payment) при репо трансакции вредностите за поединечна цена и паричен износ се 0 (нула).

Вредноста на вид на трансакција може да биде:

D-дефинитивна трансакција или R-репо трансакција

Вредноста на паричниот износ и бараниот износ по децималната запирка може да биде „00" или „50".

Децималната запирка за вредностите на поединечна цена, паричен износ и баран износ е задолжителна и не смее да се користат други знаци за делење на групи цифри.

Датумот на порамнување се прикажува по ISO стандард: YYMMDD.

**3. Пораки за пренос на сопственост на хартии од вредност**

**3.1. Порака МТ199 за пренос на сопственост на хартии од вредност (Учесник -> Систем на вкрстување)**

**3.1.1. Намена на порака МТ199 за пренос на сопственост на хартии од вредност**

Оваа порака ја користат учесниците во порамнувањето на хартии од вредност за доставување инструкции за порамнување на трансакции со хартии од вредност во свое име и за своја сметка и во свое име, а за туѓа сметка (Учесник-банка-купувач/на купувачот во понатамошниот текст: Учесник-купувач и Учесник-банка-продавач/на продавачот во понатамошниот текст: Учесник-продавач).

**3.1.2. Формат и елементи на инструкцијата за пренос на сопственост на хартии од вредност**

**3.1.2.1. Учесник- купувач -> Систем на вкрстување**

| Статус | Име на елемент | Формат[1] |
|---|---|---|
| З | Ознака на испраќач на инструкција | 1!a |
| З | Сметка на купувач во ЦДХВ | 10!n |
| З | ISIN код | 12!c |
| З | Број на хартии од вредност | 15d |
| З | Поединечна цена | 15d |
| З | Паричен износ | 15d |
| З | Вид на трансакција | 1!a |
| З | BIC код на Учесник-продавач | 4!a2!a2!c[3!c] |
| З | Сметка на продавач во ЦДХВ | 10!n |
| З | Датум на порамнување | 6!n |
| З | Сметка на купувачот во банка | 15!n |

Учесник-продавач -> Систем на вкрстување

| Статус | Име на елемент | Формат |
|---|---|---|
| З | Ознака на испраќач на инструкција | 1!a |
| З | Сметка на продавач во ЦДХВ | 10!n |
| З | ISIN код | 12!c |
| З | Број на хартии од вредност | 15d |
| З | Поединечна цена | 15d |
| З | Паричен износ | 15d |
| З | Вид на трансакција | 1!a |
| З | BIC код на Учесник-купувач | 4!a2!a2!c[3!c] |
| З | Сметка на купувач во ЦДХВ | 10!н |
| З | Датум на порамнување | 6!н |

[1] Во дефинирањето на форматот на елементите се користат стандардните симболи коишто се користат во „Стандардот за намена и форматот на пораките во МИПС"

**3.1.3. Спецификација на елементите на инструкцијата за пренос на сопственост на хартии од вредност**

**3.1.3.1. Учесник-купувач->Систем на вкрстување**

**ознака на испраќач на инструкција** - содржи податок за праќачот на инструкцијата. Задолжителна вредност на овој елемент е К.

**сметка на купувач во ЦДХВ** - содржи податок за сметката на хартии од вредност на купувачот во ЦДХВ.

**ISIN код** - содржи податок за ИСИН кодот на недостасани хартии од вредност.

**број на хартии од вредност** - содржи податок за број на хартии од вредност.

**поединечна цена** - содржи податок за поединечна цена на хартии од вредност.

**паричен износ** - содржи податок за паричен износ на хартии од вредност.

**вид на трансакција** - содржи податок за видот на трансакцијата.

**BIC код на Учесник-продавач** - содржи податок за BIC кодот на Учесникот-продавач.

**сметка на продавач во ЦДХВ**- содржи податок за сметката на хартии од вредност на продавачот во ЦДХВ.

**датум на порамнување** - содржи податок за датум на порамнување. Податокот мора да биде тековниот работен ден во МИПС системот.

**сметка на купувач во банка** - содржи податок за сметката на купувачот во банка за исплата на достасани хартии од вредност.

**3.1.3.2. Учесник-продавач -> Систем на вкрстување**

**ознака на испраќач на инструкција** - содржи податок за праќачот на инструкцијата. Задолжителна вредност на овој елемент е Р.

**сметка на продавач во ЦДХВ**- содржи податок за сметката на хартии од вредност на продавачот во ЦДХВ.

**ISIN код** - содржи податок за ИСИН кодот на недостасани хартии од вредност.

**број на хартии од вредност** - содржи податок за број на хартии од вредност.

**поединечна цена** - содржи податок за поединечна цена на хартии од вредност.

**паричен износ** - содржи податок за паричен износ на хартии од вредност;

**вид на трансакција** - содржи податок за видот на трансакцијата.

**BIC код на Учесник-купувач** - содржи податок за BIC кодот на Учесникот Купувач.

**сметка на купувач во ЦДХВ** - содржи податок за сметката на хартии од вредност на купувачот во ЦДХВ.

**датум на порамнување** - содржи податок за датум на порамнување. Податокот мора да биде тековниот работен ден во МИПС.

**3.1.3. Критериуми за вкрстување на пораките МТ199 за пренос на сопственост на хартии од вредност**

Системот на вкрстување извршува вкрстување на инструкциите за пренос на сопственост на хартии од вредност пратени од Учесникот-купувач и Учесникот-продавач доколку постои совпаѓање на податоците презентирани во следниве елементи:

ISIN код
број на хартии од вредност
поединечна цена
паричен износ
вид на трансакција
BIC код на Учесник Купувач/BIC код на Учесник Продавач
сметка на купувач во ЦДХВ
сметка на продавач во ЦДХВ
датум на порамнување

**3.2. Порака МТ199 за порамнување на хартии од вредност (Систем на вкрстување -> ЦДХВ)**

**3.2.1. Намена на порака за порамнување на хартии од вредност (Систем на вкрстување -> ЦДХВ)**

Оваа порака ја користи Системот на вкрстување за праќање на инструкции за порамнување на хартии од вредност до ЦДХВ.

**3.2.2. Формат и елементи на инструкција за порамнување на хартии од вредност (Систем на вкрстување -> ЦДХВ)**

| Статус | Име на елемент | Формат |
|---|---|---|
| З | ISIN код | 12!c |
| З | Број на хартии од вредност | 15d |
| З | Поединечна цена | 15d |
| З | Паричен износ | 15d |
| З | Сметка на купувач во ЦДХВ | 10!n |
| З | Сметка на продавач во ЦДХВ | 10!n |
| З | Код на Учесник-купувач во ЦДХВ | 2!a |
| З | Код на Учесник-продавач во ЦДХВ | 2!a |
| З | Вид на трансакција | 1!a |
| З | Датум на порамнување | 6!n |
| З | Сметка на купувачот во банка | 15!n |

**3.2.3. Спецификација на елементите на инструкцијата за порамнување на хартии од вредност (Систем на вкрстување -> ЦДХВ)**

**ISIN код** - содржи податок за ИСИН кодот на недостасани хартии од вредност.

**број на хартии од вредност** - содржи податок за број на хартии од вредност.

**поединечна цена** - содржи податок за поединечна цена на хартии од вредност.

**паричен износ** - содржи податок за паричен износ на хартии од вредност. сметка на купувач во ЦДХВ - содржи податок за сметката на хартии од вредност на купувачот во ЦДХВ.

**сметка на продавач во ЦДХВ**- содржи податок за сметката на хартии од вредност на продавачот во ЦДХВ.

**код на Учесник-купувач во ЦДХВ** - содржи податок за кодот на Учесникот-купувач регистриран во ЦДХВ.

**код на Учесник-продавач во ЦДХВ** - содржи податок за кодот на Учесникот-продавач регистриран во ЦДХВ.

**вид на трансакција** - содржи податок за видот на трансакцијата;

**датум на порамнување** - содржи податок за датум на порамнување. Податокот мора да биде тековниот работен ден во МИПС.

**сметка на купувач во банка** - содржи податок за сметката на купувачот во банка за исплата на достасани хартии од вредност.

**4. Пораки за пренос на сопственост и порамнување на благајнички записи на Народна Банка на Република Македонија**

**4.1. Порака МТ199 за пренос на сопственост на благајнички записи на Народна Банка на Република Македонија (Учесник -> Систем на вкрстување)**

**4.1.1. Намена на порака МТ199 за пренос на сопственост на благајнички записи на Народна Банка на Република Македонија**

Оваа порака ја користи Учесникот - продавач во порамнувањето на трансакции со благајнички записи на Народна Банка на Република Македонија во свое име и за своја сметка (во понатамошниот текст: Учесник-продавач).

**4.1.2. Формат и елементи на инструкцијата за пренос на сопственост на благајнички записи на Народна Банка на Република Македонија**

**Учесник-продавач -> Систем на вкрстување**

| Статус | Име на елемент | Формат |
|---|---|---|
| З | Број на аукција | 14!c |
| З | Номинален износ | 15d |
| З | Поединечна цена | 15d |
| З | Паричен износ | 15d |
| З | Вид на трансакција | 1!a |
| З | BIC код на Учесник-купувач | 4!a2!a2!c[3!c] |
| З | Датум на порамнување | 6!n |

**4.1.3. Спецификација на елементите на инструкцијата за пренос на сопственост на благајнички записи на Народна Банка на Република Македонија (Учесник-продавач -> Систем на вкрстување)**

**број на аукција** - содржи податок за број на аукција на недостасани благајнички записи на Народна Банка на Република Македонија. Податокот бројот на аукција секогаш мора да е презентиран како низа од 14 знаци во следниот формат: 2!a4!n/3!n-3!n.

**номинален износ** - содржи податок за номиналниот износ на благајничките записи на Народна Банка на Република Македонија.

**поединечна цена** - содржи податок за поединечна цена на благајничките записи на Народна Банка на Република Македонија.

**паричен износ** - содржи податок за паричен износ на благајничките записи на Народна Банка на Република Македонија.

**вид на трансакција** - содржи податок за видот на трансакцијата.

**BIC код на Учесник-купувач** - содржи податок за BIC кодот на Учесникот-купувач.

**датум на порамнување** - содржи податок за датум на порамнување. Податокот мора да биде тековниот работен ден во МИПС системот.

**4.2. Порака МТ103 (код:DVP) за пренос на парични средства за порамнување на трансакции со благајнички записи на Народна Банка на Република Македонија (Учесник -> Систем на вкрстување)**

**4.2.1. Намена на порака МТ103 (код:DVP) за пренос на парични средства за порамнување на трансакции со благајнички записи на Народна Банка на Република Македонија**

Оваа порака ја користи Учесникот - купувач во порамнувањето на трансакции со благајнички записи на Народна Банка на Република Македонија. Форматот и намената на оваа порака е ист како и форматот и намената на пораката МТ103 - Порака за пренос на средства по барање на клиент која е детално опишана во документот „Стандард за намената и форматот на пораките во МИПС".

Кодот DVP означува дека оваа платна порака ќе биде процесирана согласно принципот "испорака наспроти плаќање" во Системот на вкрстување. Во овој документ е опишан само форматот на елементите кои Учесникот- Купувач задолжително ги пополнува во полето :72: од пораката МТ103 (код:DVP).

**4.2.2. Формат и елементи во поле :72: од порака МТ103(код:DVP)**

**Учесник-купувач -> Систем на вкрстување**

| Поле | Име на поле | Формат |
|---|---|---|
| :72: | Информација од праќач до примач | /DVP/1!a14!c4!a2!a2!c[3!c] |

**Полето :72: мора да ги содржи следните елементи по задолжителниот DVP код (/DVP/)**

**Учесник-купувач -> Систем на вкрстување**

| Статус | Име на елемент | Формат |
|---|---|---|
| З | Вид на трансакција | 1!a |
| З | Број на аукција | 14!c |
| З | BIC код на Учесник-продавач | 4!a2!a2!c[3!c] |

**4.2.3. Спецификација на елементите во поле :72: на пораката за пренос на парични средства МТ103 (код:DVP)**

**(Учесник-купувач -> Систем на вкрстување)**

**вид на трансакција** - содржи податок за видот на трансакцијата.

**број на аукција** - содржи податок за број на аукцијата на недостасани благајнички записи на Народна Банка на Република Македонија.

Податокот бројот на аукција секогаш мора да е презентиран како низа од 14 знаци во следниот формат: 2!a4!n/3!n-3!n.

**BIC код на Учесник-продавач** - содржи податок за BIC кодот на Учесникот-продавач.

**4.3. Критериуми за вкрстување на пораките МТ199 за пренос на сопственост на благајнички записи и пораките МТ103 (код:DVP) за пренос на парични средства**

Системот на вкрстување извршува вкрстување на пораките за пренос на сопственост на благајнички средства на Народна Банка на Република Македонија пратени од Учесникот-продавач и пораките за пренос на парични средства пратени од Учесникот-купувач доколку постои совпаѓање на податоците презентирани во следниве елементи:

број на аукција

паричен износ

вид на трансакција

BIC код на Учесник Купувач / BIC код на Учесник Продавач

датум на порамнување/датум на валута

**5. Порака МТ199 за известување на резултатот од порамнувањето на хартии од вредност и благајнички записи на Народна Банка на Република Македонија (ЦДХВ/Депозитар на благајнички записи -> Систем на вкрстување -> Учесници)**

**5.1. Намена на порака за известување на резултатот од порамнувањето на хартии од вредност и благајнички записи на Народна Банка на Република Македонија (ЦДХВ/Депозитар на благајнички записи -> Систем на вкрстување -> Учесници)**

Оваа порака ја користат ЦДХВ/Депозитар на благајнички записи и Системот на вкрстување за праќање на инструкции за известување на Системот на вкрстување/Учесниците за резултатот на порамнувањето на хартии од вредност и резултатот од порамнувањето на благајничките записи на Народна Банка на Република Македонија.

Системот на вкрстување не ја контролира валидноста на податоците содржани во елементите „резултат на порамнување"и „детален опис на резултатот на порамнување", туку само им ги праќа овие податоци на Учесниците во порамнувањето на хартии од вредност и благајнички записи на Народна Банка на Република Македонија.

**5.2. Формат и елементи на инструкција за известување на резултатот од порамнувањето на хартии од вредност и благајнички записи на Народна Банка на Република Македонија**

**(ЦДХВ/Депозитар на благајнички записи -> Систем на вкрстување-> Учесници)**

| Статус | Име на елемент | Формат |
|---|---|---|
| З | Поврзана референца | 16x |
| З | Датум на порамнување | 6!n |
| З | Резултат на порамнување | 4!a |
| З | Детален опис на резултат на порамнување | 35x |

**5.3. Спецификација на елементи на инструкцијата за известување на резултатот од порамнувањето на хартии од вредност и благајнички записи на Народна Банка на Република Македонија**

**5.3.1. ЦДХВ -> Систем на вкрстување**

**поврзана референца** - содржи податок за референца на оригиналната порака MT199 (поле :20:) пратена од Системот на вкрстување до ЦДХВ.

**датум на порамнување** - содржи податок за датумот на порамнување. Податокот мора да биде тековниот работен ден во МИПС системот.

**резултат на порамнување** - содржи податок за резултатот од порамнувањето на оригиналната порака MT199 (поле :20:) пратена од Системот на вкрстување до ЦДХВ. Овој елемент може да ги содржи само следните кодови и тоа:

код SETL - порамнувањето на хартиите од вредност е успешно завршено;

код REJT - порамнувањето на хартиите од вредност е неуспешно завршено;

детален опис на резултат од порамнување - содржи детален опис на резултатот од порамнувањето на оригиналната порака MT199 (поле :20:) пратена од Системот на вкрстување до ЦДХВ. Во случај кога елементот „резултат од порамнување" содржи код REJT елементот „детален опис на резултат од порамнување" содржи детален опис на првоидентификувана грешка.

**5.3.2. Систем на вкрстување -> Учесници**

**поврзана референца** - содржи податок за референца на оригиналната порака MT199/MT103(код:DVP) (поле :20:) пратена од Учесниците (Учесник-купувач/Учесник-продавач) до Системот на вкрстување.

**датум на порамнување**- содржи податок за датумот на порамнување. Податокот мора да биде тековниот работен ден во МИПС.

**резултат од порамнување** - содржи податок за резултатот од порамнувањето на оригиналната порака MT199/MT103(код:DVP) (поле :20:) пратена од Учесниците (Учесник-купувач/Учесник-продавач) до Системот на вкрстување. Овој елемент може да ги содржи само следните кодови и тоа:

код SETL - порамнувањето на хартиите од вредност/благајничките записи е успешно завршено;

код REJT - порамнувањето на хартиите од вредност/благајничките записи е неуспешно завршено;

детален опис на резултат од порамнување - содржи детален опис на резултатот од порамнувањето на оригиналната порака MT199/MT103(код:DVP) (поле :20:) пратена од Учесниците (Учесник-купувач/Учесник-продавач) до Системот на вкрстување. Во случај кога елементот „резултат од порамнување" содржи код REJT, елементот „детален опис на резултат од порамнување" содржи детален опис на првоидентификувана грешка.

**6. Порака MT199 за грешка во инструкциите (Систем на вкрстување -> Учесници/ЦДХВ)**

**6.1. Намена на пораката MT199 за грешка во инструкциите**

**(Систем на вкрстување -> Учесници/ЦДХВ)**

Оваа порака ја користи Системот на вкрстување за автоматско праќање грешка во инструкциите што ги праќаат Учесниците и ЦДХВ до Системот на вкрстување.

**6.2. Формат и елементи на инструкција за грешка (Систем на вкрстување-> Учесници/ЦДХВ)**

| Статус | Име на елемент | Формат |
|---|---|---|
| З | Поврзана референца | 16x |
| З | Датум на порамнување | 6!n |
| З | Грешка во инструкција | 4!a |
| З | Детален опис на грешка во инструкција | 35x |

**6.3. Спецификација на елементи на инструкција за грешка**

**(Систем на вкрстување-> Учесници/ЦДХВ)**

**поврзана рефренца** - содржи податок за референца на оригиналната порака MT199 (поле :20:) испратена од Учесниците (Учесник-купувач/Учесник-продавач или ЦДХВ) до Системот на вкрстување.

**датум на порамнување** - содржи податок за датумот на порамнување;

Податокот мора да биде тековниот работен ден во МИПС.

**грешка во инструкција** - содржи податок за грешка во елементите на инструкцијата содржани во оригиналната порака MT199 (поле :20:) пратена од Учесниците (Учесник-купувач/Учесник-продавач или ЦДХВ) до Системот на вкрстување. Овој елемент може да го содржи само следниот код и тоа:

код ERRC - грешка во елементите на инструкцијата.

**детален опис на грешка во инструкција** - содржи детален опис на грешка во елементите на инструкцијата содржани на оригиналната порака MT199 (поле :20:) пратена од Учесниците (Учесник-купувач/Учесник-продавач или ЦДХВ) до Системот на вкрстување. Елементот „детален опис на грешка во инструкција" содржи детален опис на првоидентификувана грешка.

**7. Порака MT199 Барања (Учесници -> Систем на вкрстување)**

**7.1. Намена на пораката MT199 Барања (Учесници -> Систем на вкрстување)**

Оваа порака ја користат Учесниците во Системот на вкрстување заради:

- барање за повлекување инструкција за пренос на сопственост на хартии од вредност/благајнички записи на Народна Банка на Република Македонија или барање за повлекување порака за пренос на парични средства за порамнување на трансакции со благајнички записи на Народна Банка на Република Македонија;

- барање за пренос на средства од посебна сметка на редовна сметка на Учесникот;

Барањата за повлекување инструкција за пренос на сопственост на хартии од вредност и барањата за повлекување на парични средства заради порамнување на трансакции со благајнички записи на Народна Банка на Република Македонија се извршуваат само ако во моментот на приемот на барањето од Учесникот бараната инструкција (поврзана референца) не е вкрстена. Во спротивно, барањата се одбиваат и не се предмет на понатамошна обработка.

Барањата за пренос на средства од посебна сметка на редовна сметка на Учесникот се извршуваат само ако во моментот на приемот на барањата од Учесникот, Системот на вкрстување нема пратено пораки за порамнување на хартии од вредност/благајнички записи кон ЦДХВ/Депозитар на благајнички записи кои се однесуваат на Учесникот-праќач на барањето. Во спротивно, барањата се одбиваат и не се предмет на понатамошна обработка.

Барањата во Системот на вкрстување се извршуваат промтно и не можат да бидат повлечени.

**7.2. Формат и елементи на инструкција за барање (Учесници -> Систем на вкрстување)**

**7.2.1. Формат и елементи на инструкција за барање за повлекување на инструкција за пренос на сопственост на хартии од вредност/благајнички записи или барање за повлекување порака за пренос на парични средства за порамнување на трансакции со благајнички записи на Народна Банка на Република Македонија**

**(Учесници -> Систем на вкрстување)**

| **Статус** | **Име на елемент** | **Формат** |
|---|---|---|
| З | Поврзана референца | 16x |
| З | Датум на порамнување | 6!n |
| З | Тип на барање | 4!a |

**7.2.2. Формат и елементи на инструкција за барање пренос на расположливи средства од посебна на редовна сметка на Учесник**

**(Учесници -> Систем на вкрстување)**

| **Статус** | **Име на елемент** | **Формат** |
|---|---|---|
| З | Датум на порамнување | 6!n |
| З | Тип на барање | 4!a |
| З | Баран износ | 15d |
| З | Посебна сметка во МИПС | 15!n |
| З | Редовна сметка во МИПС | 15!n |

**7.3. Спецификација на елементи на инструкција за барање**

**(Учесници -> Систем на вкрстување)**

**7.3.1. Спецификација на елементи на инструкција за барање за повлекување на инструкција за пренос на сопственост на хартии од вредност/благајнички записи или барање за повлекување порака за пренос на парични средства за порамнување на трансакции со благајнички записи на Народна Банка на Република Македонија (Учесници -> Систем на вкрстување)**

**поврзана референца** - содржи податок за референца на оригиналната порака MT199/M103(код:DVP) (поле :20:) пратена од Учесниците (Учесник-купувач/Учесник-продавач) до Системот на вкрстување.

**датум на порамнување** - содржи податок за датумот на порамнување. Податокот мора да биде тековниот работен ден во МИПС.

**тип на барање** - содржи податок за типот на барањето. Овој елемент може да ги содржи следните кодови и тоа:

код CANC - барање за повлекување инструкција за пренос на сопственост на хартии од вредност/благајнички записи;

код CRJT - барање за повлекување на порака за пренос на парични средства за порамнување на трансакции со благајнички записи на Народна Банка на Република Македонија.

**7.3.2. Спецификација на елементи на инструкција барање за пренос на расположливи средства од посебна на редовна сметка на Учесник (Учесници -> Систем на вкрстување)**

**датум на порамнување** - содржи податок за датумот на порамнување. Податокот мора да биде тековниот работен ден во МИПС системот;

**тип на барање** - содржи податок за типот на барањето. Овој елемент може да го содржи само следниот код и тоа:

код RETN - барање за пренос на средства;

**баран износ** - содржи податок за бараниот износ на средства кои треба да се префрлат од посебна сметка на редовна сметка на Учесникот.

**посебна сметка во МИПС** - содржи податок за посебна сметка на Учесникот во МИПС.

**редовна сметка во МИПС** - содржи податок за редовна сметка на Учесникот во МИПС.

**8. Завршни одредби**

Овој Стандард влегува во сила со денот на донесувањето.

Со денот на влегувањето во сила на овој Стандард престанува да важи Стандардот за намената и форматот на пораките MT199 во Системот на вкрстување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/05)

Бр. 9283
29 септември 2005 година
Скопје

Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РМ**

**1127.**

Врз основа на член 11-е алинеја 6 и член 39 став 3 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 47/97, 40/99, 98/00, 94/02, 38/03 и 40/05), постапувајќи по барањето на Топлификација АД - Скопје за донесување на одлука за промена на цената за топлинска енергија, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 3 октомври 2005 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. Се одбива барањето на Топлификација АД - Скопје за донесување на одлука за промена на цената за топлинска енергија.

2. Жалбата против оваа одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-1095/1
3 октомври 2005 година
Скопје

Претседател,
**Славе Ивановски,** с.р.

---

**1128.**

Врз основа на член 51 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр 47/97, 40/99, 98/00, 94/02, 38/03 и 40/05), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на седницата одржана на 3 октомври 2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ**

1. На „Макпетрол" АД – Скопје му се издава лиценца за вршење на енергетската дејност трговија со нафта и нафтени деривати.

2. Правата и обврските на носителот на лиценцата во вршењето на енергетската дејност трговија со нафта и нафтени деривати се утврдени во Прилог 1, „Лиценца за вршење на енергетската дејност трговија со нафта и нафтени деривати" кој што е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-1088/1
3 октомври 2005 година
Скопје

Претседател,
**Славе Ивановски,** с.р.

Прилог 1

**ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ**

**1. Име и седиштето на носителот на лиценцата**
Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати „Макпетрол“ - Скопје („Макпетрол“ АД – Скопје) ул.„Мито Хаџивасилев – Јасмин“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Македонија.

**2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата**
Трговија на големо со нафта и нафтени деривати.

**3. датум на издавање на лиценцата:**
3 октомври 2005 година

**4. период на важење на лиценцата:**
10 години

**5. датум до кога важи лиценцата:**
3 октомври 2015 година

**6. Евидентен број на издадената лиценца:**
НД-02.03.1/05

**7. Број на деловниот субјект -** 4057643

**8. Единствен даночен број -** 4030954258093

**9. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**
Со оваа лиценца се определуваат условите за вршење на дејноста трговија со нафта и нафтени деривати на големо.

Како трговија на големо, во смисла на оваа лиценца се смета купување нафта и нафтени деривати заради натамошна продажба на трговците, преработувачите и големите потрошувачи во земјата и странство.

**10. Деловни простори и простории во кои ќе се врши енергетската дејност со карактеристики на објектите, постројките, опремата и инсталациите**
1. За вршење на енергетската дејност ќе се користат складовите за нафта и нафтени деривати кој што се наоѓа на следниве локации:

- Скопје – Илинден – КО Илинден м.в. Село, 20 резервоари со вкупен капацитет од 54.100 $m^3$;
- Скопје – ТНГ Миладиновци – КО Бујковци м.в. Чурлин, 4 резервоари со вкупен капацитет од 500 $m^3$;
- Битола – КО Кукуречани м.в. Турејци, 9 резервоари со вкупен капацитет од 19.850 $m^3$;
- Куманово – Врело – с.Ваксинце, 8 резервоари со вкупен капацитет од 21.600 $m^3$;
- Кавадарци – КО Кавадарци, ул.„Западен булевар“ б.б., 24 резервоари со вкупен капацитет од 2.400 $m^3$;
- Прилеп- КО Прилеп, ул.„Л.Котески“ б.б., 33 резервоари со вкупен капацитет од 3.100 $m^3$;
- Охрид –Подмоље – КО Оровник, 11 резервоари со вкупен капацитет од 1.100 $m^3$;
- Гостивар – КО Здуње, 5 резервоари со вкупен капацитет од 9.500 $m^3$;
- Тетово – КО Тетово, м.в. Табачница, 3 резервоари со вкупен капацитет од 300 $m^3$;
- Штип – КО Штип 1 м.в. Каленица, 10 резервоари со вкупен капацитет од 1.000 $m^3$;
- Кочани – КО Кочани м.в. Драчевиќ, 28 резервоари со вкупен капацитет од 2.750 $m^3$;
- Струмица – КО Муртино м.в. Село, 6 резервоари со вкупен капацитет од 600 $m^3$;
- Велес – КО Велес м.в. Превалец, 12 резервоари со вкупен капацитет од 20.450 $m^3$;
- Градско – КО Градско м.в. Ван Село, 7 резервоари со вкупен капацитет од 12.400 $m^3$; и
- Авиосервис – Петровец во кругот на Аеродромот – Скопје, 10 резервоари со вкупен капацитет од 1.000 $m^3$

или вкупно 190 резервоари со вкупен капацитет од 150.650 $m^3$

2. Носителот на лиценцата е должен да обезбеди деловните простори и простории во кои се врши трговијата со нафта и нафтени деривати во секое време да ги исполнуваат пропишаните минимално-техничките услови за вршење на дејноста.

3. Носителот на лиценцата е должен во секое време да поседува или да има обезбедено право на користење на склад во кој се складираат нафтените деривати, со капацитет определен со прописите со кои се уредува трговијата на големо со нафта и нафтени деривати.

4. Носителот на лиценцата е должен да ја извести Регулаторната комисија за енергетика за секоја промена на расположливиот капацитет за складирање на нафтените деривати, најдоцна во рок од 30 дена по настанатата промена.

**11. Подрачје на кое ќе се врши дејноста**
Дејноста трговија на големо со нафта и нафтени деривати носителот на лиценцата може да ја врши на територијата на Република Македонија и со странство.

**12. Општи обврски за носителот на лиценцата**
Носителот на лиценцата е должен да:

- обезбеди сигурно и безбедно снабдување со нафта и нафтени деривати,
- обезбеди нафтата и нафтените деривати со кои врши трговија да ги исполнуваат пропишаните норми за квалитетот;
- ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на вршење на дејноста трговија со нафта и нафтени деривати, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа;
- ги почитува техничките правила, нормативи и стандарди за работа на енергетските објекти и опрема;
- ги почитува правилниците и другите прописи кои ги пропишува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика во согласност со закон, а особено Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**13. Обврска за поседување на раздвоени сметки, забрана за меѓу-субвенционирање**
Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца;
- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието: да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието, како и
- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

**14. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење**
1. Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да доставува Годишен извештај за финансиското и деловното работење во претходната година (извештајна година).

2. Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1. набавки и продажби на нафта и нафтени деривати во текот на извештајна година, презентирани согласно **Табелата 1**, која е составен дел на оваа лиценца.

2. годишна сметка и финансиски извештај составен од:

- биланс на состојба и биланс на успех,
- извештај за промените во главнината,
- извештај за паричните текови,
- применетите сметководствени политики,
- други објаснувачки белешки подготвени во согласност со меѓународните сметководствени стандарди, и
- интерни пресметки за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца.

3. превземени мерки во текот на извештајна година, за:

- заштита на опремата и објектите од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност;
- заштита при работа;
- обука и стручно усовршување на вработените заради сигурно, безбедно и квалитетно вршење на дејноста;
- заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- спроведување на мониторинг врз сопственото работење;
- обезбедување на услови за сигурно, континуирано и квалитетно вршење на дејноста;
- вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба.

4. извршување на програма за ремонти во извештајна година;

5. состојба со кадровска екипираност за извршување на пооделни задачи во врска со дејноста;

6. извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли;

7. оценка за реализирање на планот за работа за извештајната година;

8. бизнис план за тековната година.

**15. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на дејноста**

- Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува месечни извештаи за набавки и продажби на нафта и нафтени деривати презентирани согласно **Табелата 1**, која е составен дел на оваа лиценца.
- Носителот на лиценцата е должен да ја известува Регулаторната комисија за енергетика за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на дејноста.
- Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика да доставува и други податоци во врска со вршењето на дејноста.

**16. Обврска за овозможување на пристап до објектите и инсталациите и непосреден увид во документацијата**

- Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика да овозможи непосреден увид од страна на Регулаторната комисија во вршењето на дејноста за која е издадена лиценцата, увид во целокупната документација на носителот на лиценцата, објектите, деловните простории, простори, инсталациите, како и на средствата и опремата потребни за вршење на дејноста, во согласност со Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**17. Изменување и дополнување на лиценцата**

Изменувањето и дополнувањето на оваа лиценца ќе се врши исклучиво во согласност со одредбите од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**18. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе преземе мерки согласно Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

ПРИЛОГ: ТАБЕЛА 1

НАБАВКА И ПРОДАЖБА НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ВО ТЕКОТ НА ______________ ГОДИНА (МЕСЕЦ)

(во тони)

| Вид на нафта и нафтен дериват | Состојба на залихи на почетокот на годината (месец) | НАБАВКА | | | | ВКУПНО расположиво (2+6) | ПРОДАЖБА | | | | | | | Состојба на залихи на крајот на годината (месец) (7-14) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | РМ | | УВОЗ | ВКУПНО набавено (3+4+5) | | во РМ | | | | | ИЗВОЗ | ВКУПНА продажба (12+13) | |
| | | | | | | | на бензински станици | | стопанство | други* | ВКУПНО РМ (8+9+10+11) | | | |
| | | ОКТА | Други | | | | сопствени | други | | | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| 1. Нафта | | | | | | | | | | | | | | |
| 2. Моторни бензини | | | | | | | | | | | | | | |
| - МБ 86 | | | | | | | | | | | | | | |
| - БМБ 90 | | | | | | | | | | | | | | |
| - БМБ95 | | | | | | | | | | | | | | |
| 3. Дизел | | | | | | | | | | | | | | |
| 4. Екстра лесно (ЕЛ) | | | | | | | | | | | | | | |
| 5. Мазут | | | | | | | | | | | | | | |
| - М1 | | | | | | | | | | | | | | |
| - М2 | | | | | | | | | | | | | | |
| 6. Пропан-бутан (ТНГ) | | | | | | | | | | | | | | |
| 7.Млазно гориво | | | | | | | | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | | | | | | | |

Датум: ________________ М.П. Одговорно лице

________________
(полно име и презиме)

________________
(потпис)

*домаќинства и др. нестопански организации

**1129.**

Врз основа на член 51 од Законот за енергетика (“Службен весник на РМ“ бр 47/97, 40/99, 98/00, 94/02, 38/03 и 40/05), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на седницата одржана на 3 октомври 2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СКЛАДИРАЊЕ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ**

1. На „Макпетрол“ АД – Скопје му се издава лиценца за вршење на енергетската дејност складирање на нафта и нафтени деривати.

2. Правата и обврските на носителот на лиценцата во вршењето на енергетската дејност складирање на нафта и нафтени деривати се утврдени во Прилог 1, „Лиценца за вршење на енергетската дејност складирање на нафта и нафтени деривати“ кој што е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-1087/1 Претседател,
3 октомври 2005 година **Славе Ивановски,** с.р.
Скопје

Прилог 1

**Л И Ц Е Н Ц А**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ СКЛАДИРАЊЕ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ**

**1. Име и седиштето на носителот на лиценцата**

Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати „Макпетрол“ - Скопје („Макпетрол“ АД – Скопје) ул.„Мито Хаџивасилев – Јасмин“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Македонија.

**2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата**

Складирање на нафта и нафтени деривати.

**3. датум на издавање на лиценцата:**

3 октомври 2005 година

**4. период на важење на лиценцата:**

10 години

**5. датум до кога важи лиценцата:**

3 октомври 2015 година

**6. Евидентен број на издадената лиценца**

НД-02.04.1/05

**7. Број на деловниот субјект -** 4057643

**8. Единствен даночен број -** 4030954258093

**9. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**

Со оваа лиценца се определуваат условите за вршење на дејноста складирање на нафта и нафтени деривати.

Како енергетска дејност складирање на нафта и нафтени деривати, во смисла на оваа лиценца се смета растоварување на нафтени деривати од авто и/или железнички цистерни и складирање во соодветни складови (резервоари), како и утовар на нафтените деривати од складовите во авто и/или железнички цистерни, за потребите на трети лица.

**10. Деловни простори и простории во кои ќе се врши енергетската дејност со карактеристики на објектите, постројките, опремата и инсталациите**

1. За вршење на енергетската дејност ќе се користат складовите за нафта и нафтени деривати кои што се наоѓаат на следниве локации:

- Скопје –Илинден – КО Илинден м.в. Село, 20 резервоари со вкупен капацитет од 54.100 $m^3$;
- Скопје – ТНГ Миладиновци – КО Бујковци м.в. Чурлин, 4 резервоари со вкупен капацитет од 500 $m^3$;
- Битола – КО Кукуречани м.в. Турејца, 9 резервоари со вкупен капацитет од 19.850 $m^3$;
- Куманово – Врело – с.Ваксинце, 8 резервоари со вкупен капацитет од 21.600 $m^3$;
- Кавадарци – КО Кавадарци, ул.„Западен булевар“ б.б., 24 резервоари со вкупен капацитет од 2.400 $m^3$;
- Прилеп- КО Прилеп, ул.„Л.Котески“ б.б., 33 резервоари со вкупен капацитет од 3.100 $m^3$;
- Охрид –Подмоље – КО Оровник, 11 резервоари со вкупен капацитет од 1.100 $m^3$;
- Гостивар – КО Здуње, 5 резервоари со вкупен капацитет од 9.500 $m^3$;
- Тетово – КО Тетово, м.в. Табачница, 3 резервоари со вкупен капацитет од 300 $m^3$;
- Штип – КО Штип 1 м.в. Каленица, 10 резервоари со вкупен капацитет од 1.000 $m^3$;
- Кочани – КО Кочани м.в. Драчевиќ, 28 резервоари со вкупен капацитет од 2.750 $m^3$;
- Струмица – КО Муртино м.в. Село, 6 резервоари со вкупен капацитет од 600 $m^3$;
- Велес – КО Велес м.в. Превалец, 12 резервоари со вкупен капацитет од 20.450 $m^3$;
- Градско – КО Градско м.в. Ван Село, 7 резервоари со вкупен капацитет од 12.400 $m^3$; и
- Авиосервис – Петровец во кругот на Аеродромот – Скопје, 10 резервоари со вкупен капацитет од 1.000 $m^3$

или вкупно 190 резервоари со вкупен капацитет од 150.650 $m^3$.

Складовите ги исполнуваат пропишаните минимално-технички услови за вршење на дејноста што е утврдено од документацијата приложена кон Барањето за издавање на оваа Лиценца.

2. Носителот на лиценцата е должен да обезбеди деловните простори и простории во кои се врши складирањето со нафта и нафтени деривати во секое време да ги исполнуваат пропишаните минимално-техничките услови за вршење на дејноста.

3. Носителот на лиценцата е должен да ја извести Регулаторната комисија за енергетика за секоја промена на расположивиот капацитет за складирање на нафтените деривати, најдоцна во рок од 30 дена по настаната промена.

**11. Подрачје на кое ќе се врши дејноста**

Дејноста складирање на нафта и нафтени деривати носителот на лиценцата може да ја врши за корисници од Република Македонија.

**12. Општи обврски за носителот на лиценцата**

Носителот на лиценцата е должен да:

- обезбеди сигурно и безбедно складирање на нафта и нафтени деривати;
- ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на вршењето на складирање на нафта и нафтени деривати, заштита на конкуренцијата, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа;
- ги почитува техничките правила, нормативи и стандарди за работа на енергетските објекти и опрема;
- ги почитува правилниците и другите прописи кои ги пропишува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика во согласност со закон, а особено Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**13. Обврска за поседување на раздвоени сметки, забрана за меѓу-субвенционирање**

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца;
- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието: да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието, како и
- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

**14. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да доставува Годишен извештај за финансиското и деловното работење во претходната година (извештајна година).

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1. извршени услуги на складирање на нафта и нафтени деривати во текот на извештајна година, по вид на дериват и корисник на услуга.

2. годишна сметка и финансиски извештај составен од:

- биланс на состојба и биланс на успех,
- извештај за промените во главнината,
- извештај за паричните текови,
- применетите сметководствени политики,

- други објаснувачки белешки подготвени во согласност со меѓународните сметководствени стандарди, и
- интерни пресметки за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца.

3. превземени мерки во текот на извештајна година, за:
- заштита на опремата и објектите од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност;
- заштита при работа;
- обука и стручно усовршување на вработените заради сигурно, безбедно и квалитетно вршење на дејноста;
- заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- спроведување на мониторинг врз сопственото работење;
- обезбедување на услови за сигурно, континуирано и квалитетно вршење на дејноста;
- вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба.

4. извршување на програма за ремонти во извештајна година;
5. состојба со кадровска екипираност за извршување на пооделни задачи во врска со дејноста;
6. извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли;
7. оценка за реализирање на планот за работа за извештајната година;
8. бизнис план за тековната година.

**15. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на дејноста**

- Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика да доставува и други податоци во врска со вршењето на дејноста.
- Носителот на лиценцата е должен да ја известува Регулаторната комисија за енергетика за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на дејноста.

**16. Обврска овозможување на пристап до објектите и инсталациите и непосреден увид во документацијата**

- Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика да овозможи непосреден увид од страна на Регулаторната комисија во вршењето на дејноста за која е издадена лиценцата, увид во целокупната документација на носителот на лиценцата, објектите, деловните простории, простори, инсталациите, како и на средствата и опремата потребни за вршење на дејноста, во согласност со Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**17. Изменување и дополнување на лиценцата**

Изменувањето и дополнувањето на оваа лиценца ќе се врши исклучиво во согласност со одредбите од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**18. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе преземе мерки согласно Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

---

**1130.**

Врз основа на член 39, став 3 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 47/97, 40/99, 98/00, 94/02 и 38/03), член 28 од Законот за акцизите („Службен весник на РМ“ бр. 32/01, 50/01, 52/01, 45/02, 98/02 и 24/03), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на РМ“ бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01 и 21/03), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 03.10.2005 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| **а) Моторни бензини** | **ден/лит.** |
| - МБ - 96 (ПРЕМИУМ) | до 29,154 |
| - БМБ - 90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | до 29,242 |
| - БМБ - 95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | до 29,330 |
| **б) Дизел гориво** | **ден/лит.** |
| - Д (ДИЗЕЛ) | до 29,763 |
| **в) Масло за горење** | **ден/лит.** |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 30,029 |
| **г) Мазут** | **ден/кг.** |
| - М - 1 (М) | до 17,618 |
| - М - 2 | до 17,594 |

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што:

А. Највисоките малопродажни цени (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| **а) Моторни бензини** | **ден/лит.** |
| - МБ - 96 (ПРЕМИУМ) | до 68,00 |
| - БМБ - 90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | до 64,50 |
| - БМБ - 95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | до 65,00 |
| **б) Дизел гориво** | **ден/лит.** |
| - Д (ДИЗЕЛ) | до 54,00 |
| **в) Масло за горење** | **ден/лит.** |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 43,50 |
| **г) Мазут** | **ден/кг.** |
| - М - 1 (М) | до 21,379 |
| - М - 2 | до 21,351 |

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од потточката „г“ и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | (2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит |
|---|---|---|---|
| МБ-96 (ПРЕМИУМ) | 67,50 | 67,00 | 66,50 |
| БМБ-90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | 64,00 | 63,50 | 63,00 |
| БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | 64,50 | 64,00 | 63,50 |
| Д-ДИЗЕЛ | 53,50 | 53,00 | 52,50 |
| ЕЛ-ЕКСТРА ЛЕСНО | 43,00 | 42,50 | 42,00 |

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цените за мазутот М-1 и М-2, важат франко пумпна станица, а цените на мазутот М-1 и М-2 важат франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цените за мазутот М-1 и М-2, содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плакаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| **а) Моторни бензини** | **ден/лит.** |
| - МБ - 96 (ПРЕМИУМ) | 24,773 |
| - БМБ - 90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | 21,719 |
| - БМБ - 95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | 22,055 |
| **б) Дизел гориво** | **ден/лит.** |
| - Д (ДИЗЕЛ) | 12,300 |

| | |
|---|---|
| **в) Масло за горење** | **ден/лит.** |
| - екстра лесно (ЕЛ) | 3,135 |
| **г) Мазут** | **ден/кг.** |
| - М - 1 (М) | 0,100 |
| - М - 2 | 0,100 |

Член 4

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој поодделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит |
|---|---|---|---|---|
| МБ-96 (ПРЕМИУМ) | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| БМБ-90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| Д-ДИЗЕЛ | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕЛ-ЕКСТРА ЛЕСНО | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| МАЗУТ М-1 | 0,400 | 0,400 | 0,400 | 0,400 |
| МАЗУТ М-2 | 0,400 | 0,400 | 0,400 | 0,400 |

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 00,01 часот на 04.10.2005 година.

Бр. 02-1091/1
3 октомври 2005 година
Скопје

Претседател,
**Славе Ивановски,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 5 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/2002, 46/2002 и 37/05), Министерството за труд и социјална политика

### О Б Ј А В У В А

Просечната месечна нето плата по работник за месец септември 2005 година не може да изнесува помалку од утврдената на ниво на оддел и тоа:

| Оддел | Назив на одделот | Износ |
|---|---|---|
| 01 | Земјоделство, лов и соодветни услужни активности | 6.459 |
| 02 | Одгледување на шуми, користење на шуми и соодветни услужни активности | 7.068 |
| 05 | Улов на риба, дејност на мрестилиштата и рибарските фарми, услужни активности во рибарството | 8.538 |
| 10 | Вадење на камен јаглен и лигнит, вадење на тресет | 4,959 |
| 11 | Вадење на сурова нафта и природен гас и услужни активности во производството на нафта и гас, освен истражувања | 0 |
| 12 | Вадење на руда на уран и ториум | 0 |
| 13 | Вадење на руди на метал | 9.322 |
| 14 | Вадење на други руди и камен | 9.241 |
| 15 | Производство на прехранбени производи и пијалаци | 9.117 |
| 16 | Производство на тутунски производи | 7.659 |
| 17 | Производство на текстилни ткаенини | 4.400 |
| 18 | Производство на предмети за облека: доработка и боење на крзно | 3.337 |
| 19 | Штавење и доработка на кожа, производство на куфери, рачни торби, седла, сарачки производи и обувки | 1.836 |
| 20 | Преработка на дрво, производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал | 5.648 |
| 21 | Производство на целулоза, хартија и производи од хартија | 7.545 |
| 22 | Издавачка дејност, печатење и репродукција на снимени медиуми | 9.294 |
| 23 | Производство на кокс, деривати и нафта и нуклеарно гориво | 13.179 |
| 24 | Производство на хемикалии и хемиски производи | 13.818 |
| 25 | Производство на производи од гума и производи од пластични маси | 3.387 |
| 26 | Производство на производи од други неметални минерали | 10.116 |
| 27 | Производство на основни метали | 9.236 |
| 28 | Производство на метални производи во металопреработувачката фаза, освен машини и уреди | 5.262 |
| 29 | Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место | 8.056 |
| 30 | Производство на канцелариски и сметачки машини | 9.835 |
| 31 | Производство на електрични машини и апарати, неспомнати на друго место | 6.974 |
| 32 | Производство на радио, телевизиска и комуникациона опрема и апарати | 4.397 |
| 33 | Производство на прецизни медицински и оптички инструменти и часовници | 11.521 |
| 34 | Производство на моторни возила, приколки и полуприколки | 5.163 |
| 35 | Производство на други сообраќајни средства | 8.346 |
| 36 | Производство на мебел и други разновидни производи, неспомнати на друго место | 4.310 |
| 37 | Рециклажа | 5.972 |
| 40 | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и топла вода | 11.106 |
| 41 | Собирање, пречистување и дистрибуција на вода | 8.437 |
| 45 | Градежништво | 6.389 |
| 50 | Продажба, одржување и поправка на моторни возила и мотоцикли, продажба на мало на моторни горива | 10.435 |
| 51 | Трговија на големо и посредничка трговија, освен трговија со моторни возила и мотоцикли | 10.752 |
| 52 | Трговија на мало, освен трговија со моторни возила и мотоцикли; поправка на предмети за лична употреба и за домаќинствата | 5.927 |
| 55 | Хотели и ресторани | 6.768 |
| 60 | Копнен сообраќај, цевоводен транспорт | 6.597 |
| 61 | Воден сообраќај | 0 |
| 62 | Воздушен сообраќај | 17.962 |
| 63 | Придружни и помошни активности во сообраќајот: активности на патничките агенции | 10.674 |
| 64 | Поштенски активности и телекомуникации | 13.077 |
| 65 | Финансиско посредување, освен осигурување и пензиски фондови | 16.537 |
| 66 | Осигурување, реосигурување и пензиски фондови, освен задолжителна социјална заштита | 20.654 |
| 67 | Помошни активности во финансиското посредување | 27.069 |
| 70 | Активности во врска со недвижен имот | 10.405 |
| 71 | Изнајмување на машини и опрема без ракувач и изнајмување на предмети за лична употреба и за домаќинствата | 6.419 |
| 72 | Компјутерски и сродни активности | 9.453 |
| 73 | Истражување и развој | 8.347 |
| 74 | Други деловни активности | 8.141 |
| 75 | Јавна управа и одбрана; задолжителна социјална заштита | 10.223 |
| 80 | Образование | 7.602 |
| 85 | Здравство и социјална работа | 7.844 |
| 90 | Отстранување на отпадоци и ѓубре, санитарни и слични активности | 7.684 |
| 91 | Дејност на организации врз база на зачленување | 10.718 |
| 92 | Рекреативни, спортски, културни и забавни активности | 7.587 |
| 93 | Други услужни дејности | 8.242 |
| 95 | Приватни домаќинства со вработени лица | 0 |
| 99 | Екстериторијални организации и тела | 0 |

Министер,
**Стевчо Јакимовски,** с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.**
**Телефони: +389-2-3298-860.**
**Телефакс: +389-2-3112-267.**

**Претплатата за 2005 година изнесува 9.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798. Број за ДДВ МК: 4030987108771.**
**Депонент: Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: Графички центар КМ Креатив - Скопје.**